**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1167**

**Скопје, 16 април 2018 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**

**проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор**

**Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска - Цветановска**

Бр. ___________

_5.8. 2013_

Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви ‘***g***’, ‘***п̄***’, ‘***ш̄***’, ‘***ī***’ може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето ‘`’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѐ**’, а при притискање на копчето ‘~’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѝ**’.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ-Ректорат**

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1167 од 16 април 2018 година**


**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите звања по група предмети од наставно-научната област архитектонско проектирање и дизајн на Институтот за архитектонско проектиорање при Архитектонскиот факултет во Скопје **(Анета Христова-Поповска)**......................8-29

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Градежниот факултет во Скопје **(м-р Миле Партиков, м-р Зијадин Гури)**......................................................30
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Мартин Попчевски, Ивана Димитрова, Лилјана Ќаевска, Сања Саљамовска, Дарко Илиев)**..................................................................................................31-32

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Никола Нелоски, Горјан Танасковски, Маја Шишкова, Ријад Алими, Снежана Колеќеска, Михаил Василевски, Миле Маркоски, Наташа Стојаноска, Ангела Јаневска)**...............................................................................................33-35
2. Преглед на промена на ментор на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Жарко Богоевски)**......................................................36

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Игор Спиров, Мартин Живковски, Марија Ѓуревска, Биљана Мановска Наунчевска, Елена Папазоска, Зоран Кондратенко, Зоран Алексиќ, Боби Костоски, Методија Христовски)**......................................................................................37-38

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања во научната област неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(помл. ас. д-р Иван Барбов)**................................39-50
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Фреквенција на ХЛА-хаплотиповите во Република Македонија и нивната улога при трансплантација на матични клетки** од **д-р Мери Киријас,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.........51-60

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област право на друштвата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Александандар Климовски)**..........................................................................................................61-80
2. Рецензија на ракописот **Правни дела** од авторите **д-р Родна Живковска** и **д-р Тина Пржеска,** пријавен на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.......................81-86
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(м-р Марко Кртолица)**........................................................87
4. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(Катерина Какашева, Елена Стојанова, Маја Донеска, Агнеса Абдулаи, Кристина Атанасовска, Катерина Христова, Метин Сали,**

**Филип Коровешовски, Игор Михајловски, Моника Михајлоска, Верица Здрваковска, Елена Христова-Николова, Лоренс Јусуф, Марија Андонова, Марија Ристова, Анила Ејупи, Никола Нефтенов, Жаклина Делева, Иван Трајковски, Дарко Пројкоски, Игор Мирковски, Софија Костовска, Андреа Галовска, Митана Стевковска, Стефанија Фодор, Андрејана Костовска, Ангела Галевска, Матеа Вучидолова, Стефан Томовски, Ирена Костадинова Ангелова, Ангела Максимовска, Жаклина Чолеска, Владимир Георгиев, Љупчо Николовски, Кристина Ѓоргиева, Антонио Србиновски, Александар Стојменов, Богомил Темелковски, Нина Маџовска, Тијана Ангова, Тамара Петровска, Емилија Велковска, Стефан Георгиев, Дане Тасевски, Давор Матраковски, Бојан Милошевски, Гордана Костенова, Сара Младеновска, Драгана Илиевска, Ива Митевска, Ивана Петковска, Викторија Наќевска, Анита Ајцев, Елизабета Костоска)**......................................................................................................................88-95

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) неорганска хемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Сандра Димитровска-Лазова)**............................................96-104
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) наставна физика на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Боце Митревски)**..................................................................105-122
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Анита Тодорова)..............**.............................123

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на четири лица во сите наставно-научни звања во наставно-научната област стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Билјана Капушевска, д-р Весна Коруноска Стевковска, д-р Никола Гиговски, д-р Јадранка Бундевска)**.........................................................................................124-228
2. Реферат за избор на научен работник во сите научни звања од научната област орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(ас. д-р Гордана Апостолова)**.229-252
3. Рецензија на ракописот **Пародонтологија – за стручни забни техничари** од авторите **проф. д-р Ќиро Ивановски, проф. д-р Маја Пандилова, проф. д-р Снежана Пешевска, проф. д-р Сашо Еленчевски** и **проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска,** пријавен на Стомтолошкиот факултет во Скопје ..................................253-258
4. Рецензија на учебникот **Стоматолошка протетика – стоматолошка фиксна протетика за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози I дел** од авторот **проф. д-р Билјана Кашушевска** и коавторите: **н. сор. д-р Наташа Ставрева, ас. д-р Весна Јуруковска Шотаровска,** пријавен на Стомтолошкиот факултет во Скопје.........................................................................................................................259-264

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

1. Рецензија за доделување на звањето **почесен професор (professor honoris causa)** на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на **д-р Фридрих Хербст,** професор на Универзитетот Зигмунд Фројд во Виена, Австрија.......................................................265-268

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник на научните области: контрола на линија и контрола од линија, биоинженерство и технологија на прехранбени производи-друго на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Елена Величкова Никова)**......................269-280

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања в наставно-научната област економика и опрганизација на дрвната индустрија на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје **(д-р Мира Станкевиќ-Шуманска)**..............................281-295

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по обласа видови инструменти (дувачки), по предметите: Флејта, Оркестарски делници за флејта и Камерна музика за дувачки инструменти на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(м-р Страшо Темков)**..........................................................................................................296-304

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. Рецензија на ракописот **Методологија со статистика – практикум** од авторот **проф. д-р Георги Георгиев,** пријавен на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.........................................................................................................................305-311

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(Маја Хаџиева, Биљана Лазарова, Вјолца Ќерими)**......................................312
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(Благородна Копривица, Мартина Тоневска, Виктор Поповски, Мартина Јаковлевска, Маја Цепанова, Тања Олумчева, )**......................................313
3. Преглед на прифатени теми за изработка на специјалистички труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(Ана Јеленковиќ, Ирена Стојановска, Билјана Петровска Јакимовска, Дејан Кунески)**.........................................................................................314-316

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(м-р Васко Поповски, м-р Мартина Неделковска)**..........................................317
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Ивана Петровска Зимоски, Олга Оровчанец, Игор Кузманоски, Драган Даскаловски, Ангела Савеска, Ивана Димитриевска, Мартин Цаневски, Магдалена Стојмановиќ, Мери Георгиевска)**.......................................................318-319
3. Преглед на прифатени теми за изработка на специјалистички труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Билјана Талевска)**.........................................................................320

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Следење и формативно оценување на јазичната компетенција во англискиот јазик како странски јазик преку традиционалните методи на оценување наспроти употребата на портфолио** од **м-р Искра Стаменковска,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје..........321-324

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Шумарскиот факултет во Скопје **(Катерина Среброва)**..........325

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација под наслов **Оцена на кредитната способност и кредитен ризик на МСП и корпоративни клиенти за кредитна изложеност во банките во Република Македонија, со посебен осврт на моделите на кредитен ризик** од **м-р Кристина Куновска,** поднесена на Економскиот институт во Скопје..........326-333
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски тдруд на Економскиот институт во Скопје **(Валерија Гелева, Маргарита Петровска, Биљана Доновска-Гечева Жаклина Пулева, Владимир Антевски)**..........334-335

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област земјотресно инженерство, предмет: Динамика на конструкции, на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје **(д-р Горан Јекиќ)**..........336-349

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, донесена на 10. седница одржана на 13.2.2018 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања по група предмети од наставно-научната област архитектонско проектирање и дизајн на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во состав:

- д-р Мирослав Грчев, редовен професор – претседател
- д-р Мартин Гулески, редовен професор, во пензија – член
- д-р Иванка Кировска, редовен професор – член.

На конкурсот распишан и објавен во дневните весници „Дневник“ и „Koha“ на 1.2.2018 година, се пријави кандидатката д-р Анета Христова-Поповска, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Врз основа на увидот во поднесените документи и врз основа на познавањето на работата и делото на кандидатката, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

## Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Анета Христова-Поповска е родена во Скопје. Основно и средно-гимназиско образование завршила во Скопје, како првенец на гимназијата „Раде Јовчевски – Корчагин“. Студиите на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги завршила 1981-1986 година, каде што одбранила дипломска работа со оценка 10 под менторство на проф. Георги Константиновски, стекнувајќи се со стручен назив - дипломиран инженер архитект. Во 1984 год., преку IAESTE завршила едномесечна студентска практика во проектантското биро на компанијата Arab Contractors во Каиро, Египет. Добитник е на специјална награда за студентски проекти на БИМАС 85.

Во 1989 година престојувала три месеци на стручно усовршување во проектантската фирма Ahern & MacVittie Architects Ltd. во Темпи, Аризона, САД, во рамките на билатералната размена на млади стручни кадри помеѓу Скопје и Темпи.

Магистерски студии завршила на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во  2000 година, со одбрана на магистерскиот труд со

наслов „Влијанието на скопскиот железнички јазол врз концептите на урбанистичките планови за Скопје (1873 – 1963), изработена под менторство на проф. Живко Поповски, здобивајќи се со академскиот степен магистер по архитектура и урбанизам.

Докторската дисертација со наслов: „Теоретски аспекти во архитектонското проектирање – прилог во развивањето на аналитичка теорија на архитектурата“, изработена под менторство на проф. Живко Поповски, ја одбранила во 2002 година, со што се здобила со научен степен доктор на технички науки.

**Работно искуство**

Во периодот од 1991 до 1992 година кандидатката била вработена во Заводот за урбанизам и архитектура – Скопје, каде што го стекнала звањето проектант-планер. На Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, е вработена од септември 1992 година како помлад асистент на предметите Проектирање општествени згради 1 и Проектирање општествени згради 2. Во истото звање е реизбрана во 1996 година (Билтен бр.647 од 15.10.1995 и Билтен бр.648 од 1.11.1995 – исправка), а во 2000 год. е избрана за асистент по истите предмети и по предметите Теорија и архитектонско истражување (во редовна настава) и Архитектонско проектирање и теорија и истражување во архитектурата (во продлабочена настава) (Билтен бр. 767 од 1.12.2000).

Во звањето доцент по истите предмети, д-р Анета Христова-Поповска е избрана 2003 година (Билтен бр. 830 од 10.6.2003). Во учебните 2003/2004 и 2004/2005 година ја изведувала наставата по предметот Теорија на архитектурата на Градежно-архитектонскиот факултет на Универзитетот во Ниш. За вонреден професор по предметите Проектирање општествени згради 1, Проектирање општествени згради 2, Теорија и архитектонско истражување (во редовната настава) и Архитектонско проектирање и теорија и истражување во архитектурата (во продлабочена настава) е избрана во 2008 година (Билтен бр. 946 од 15.7.2008). За редовен професор по истите предмети, кандидатката д-р Анета Христова-Поповска е избрана во 2013 година (Билтен бр. 1054 од 15.5.2013).

Како предавач гостувала на College of Architecture and Environmental Design, Arizona State University (2003 год.) и на Department of Architecture, University of Cambridge, UK (2004 год.). Во 2008 год., по покана на Prof. Dr. Max Welch Guerra од Professur Raumplanung und Raumforschung - Institut für Europäische Urbanistik, гостувала на Bauhaus Univeristät Weimar како визитинг-професор.

Во 2009 год., д-р Анета Христова-Поповска е избрана за продекан за наставни, научни и студентски прашања на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во мандатниот период 2009-2013 година.

**Наставно-образовна дејност**

По изборот во наставно-научното звање редовен професор, кандидатката ја изведува наставата по задолжителните предмети на студиската програма за интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус на Архитектонскиот факултет: Архитектонско проектирање 4, Архитектонско проектирање 6 и Теорија на архитектурата, како и од изборните предмети Архитектонско студио $5^2$, $6^2$,$7^2$, $8^2$, Интегративно студио, Теории во проектирање, Архитектонска критика и Селектирани теми од јавни објекти.

Во овој период, во својство на ментор учествувала во изготвувањето на вкупно 27 магистерски работи на теми од областа на архитектонското проектирање на јавни згради, а како член на постојаната комисија за оцена и одбрана (интермедијарен испит) учествувала на одбраната на 23 дипломски работи и како член на комисии за оцена и одбрана на 45 магистерски труда.

Д-р Анета Христова-Поповска била ментор на кандидатката м-р Викторија Мангароска на докторската дисертација „Виртуелно моделирање на просторната и програмската организација на објектите од културата во Скопје“ одбранета на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2015 година. Исто така, била претседател и член на две комисии за оцена и одбрана на докторски дисертации на Архитектонскиот факултет при УКИМ – Скопје (м-р Михајло Зиноски, м-р Викторија Мангароска). Во 2015 година била поканета од страна на реномираниот Politecnico di Milano да биде оценувач/надворешен евалуатор на докторската дисертација на кандидатката Милена Шундовска, изготвена на Built Environment and Construction Engineering Doctoral Program in Architectural Composition.

Како продекан за наставни, научни и студентски прашања на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, д-р Анета Христова-Поповска ја координирала подготовката на елаборатот за новата студиска програма според ЕКТС 2009/2010 и елаборатот за измени и дополнувања на ЕКТС студиската програма 2012/2013. Во рамките на мандатот, како член и координатор учествувала во работата на повеќе факултетски и универзитетски комисии: Комисија за наставно-научни и студентски прашања 2009-2013, претседател на Комисијата за изготвување на дескриптори на компетенциите за интегрираните студии од прв и втор циклус студии на Архитектонскиот факултет, член на Комисијата за трет циклус студии, ERAZMUS - координатор на Архитектонски факултет при УКИМ – Скопје 2009-2013 и координатор на TEMPUS програмата, 2009-2012.

На Меѓународната школа за архитектура одржана 2010 год. во Манастирот „Св. Јоаким Осоговски“ била раководител на 18. сесија на тема „Архитектурата е сета за луѓето“ ("Architecture is [all] about People"). Гости-ментори на оваа сесија биле познатиот архитект Altinisik Murat Burak од Турција и Prof. Massimo Crotti од Италија.

Во имплементацијата на проектот на Владата на Република Македонија „Преведување на 1000 стручни и научни книги и учебници од кои се учи на врвните и најреномираните универзитети во САД и Англија и од областа на правото во Франција и Германија“, кандидатката ја изготвила стручната рецензија на првото и второто македонско издание на

реномираниот прирачник „Нојферт – архитектонско проектирање“ (39-то и 40-то германско издание), како и на други шест книги во издание на Ars Lamina од Скопје.

Со поддршка на Амбасадата на Швајцарската Федерација, во 2011 година била организатор на гостувањата на двајцата светски реномирани архитекти, Марио Бота и Аурелио Галфети на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Оценка од спроведената самоевалуација на Архитектонскиот факултет

**Во рамките на редовното анонимно анкетирање на студентите на Архитектонскиот факултет по секој завршен семестар, како дел од самоевалуацијата на Факултетот, оценките кои се дадени за предметите кои ги води д-р Анета Христова-Поповска се исклучително високи, Архитектонско проектирање IV (9.051), Архитектонско студио V (8.529), Архитектонско студио VI (9.182) и Теорија на архитектурата (9.212).**

Научно истражувачка и стручно-уметничка дејност

Од изборот во звањето редовен професор, д-р Анета Христова-Поповска учествувала во реализацијата на неколку значајни научно истражувачки проекти на национално и на меѓународно ниво, кои третираат актуелни теми од областите на архитектонската теорија и современото архитектонско творештво:

- раководител на меѓународниот научно истражувачки проект "Think of Place – Think of Macedonia: Architecture as Factor of Cultural Sustainability of Macedonian Cities" (Faculty of Architecture, University "S.S. Cyril and Methodius" – Skopje, Republic of Macedonia & Faculty of Architecture, University of Zagreb, Croatia, 2011/2012);
- раководител на националниот проект „На Скопје со љубов! Архитектонското творештво на Живко Поповски: пополнување на празнината во македонското модерно културно наследство“ (Арт Проект Лаб, Архитектонски факултет – УКИМ, Скопје, Град Скопје, 2016/2017);
- член на Научниот комитет на PHIDAC при Универзитетот во Ниш, Градежно-Архитектонски факултет;
- член на научниот комитет во меѓународниот научно истражувачки проект "99 Files", Universita Mediterranea di Reggio Calabria, Faculty of Architecture – Skopje, Italian Embassy in Republic of Macedonia, MoCA – Skopje, 2018. (во фаза на реализација)

Во последните пет години ги објавила научно истражувачките трудови во зборници на трудови од научни собири со меѓународен уредувачки одбор презентирани на меѓународни научни конференции со меѓународен програмски/научен одбор:

- Hristova, A. "Procession of Simulacra: Untrue or More Truthful Than the Truth", Architecture & Ideology, International Conference, Proceedings, Edited by Vladimir Mako, Mirjana Roter Blagojević, Marta Vukotić Lazar, Faculty of Architecture University of Belgrade, Board of Ranko Radovic Award, Assiciation of Applied Arts Artists and Designers of Serbia, 2012.

Овој труд е селектиран помеѓу 22 најзначајни труда презентирани на конференцијата и објавен во Велика Британија, во монографијата

- Architecture and Ideology. Mako, V., Roter-Blagojevic, M., Vukotic-Lazar, M. (Eds.). Cambridge Scholars Publishing, UK.
- Hristova, A., Batakoja, M. (2015). Frames of References – Art Museums as Unique Visual Media in: Media Theory and Practice. Culture 12/2015, MI-AN Publishing, Skopje.
- Христова-Поповска, А., (2016). „Суштествува ли македонска архитектура?“ – архитектонската мисла на Живко Поповски во: Culture & Identities. Culture 14/2016. MI-AN Publishing, Skopje.
- Hristova, A. (2016). Think of a Place – Think of Macedonia: Architecture as a Cultural Sustainability Factor of the Macedonian Cities in: Proceedings of the 22$^{nd}$ International Sustainable Development Research Society Conference - Rethinking Sustainability Models and Practices: Challenges for the New and Old World Contexts. ISRDS 2016. Center for Environmental and Sustainability Research, School of Science and Technology, Universidade Nova de Lisboa.

Овој труд е номиниран за Best Article Award 2016 и како труд со оригинални научни резултати вклучен во референтното научно списание: “Sustainable Development Special Issue on Architecture and Planning“, John Wiley & Sons Ltd and ERP Environment со меѓународен уредувачки одбор, со импакт фактор од 2.167 (во подготовка за печат).

- „Креативни економии: архитектурата како фактор на културна одржливост на македонските градови“ (со М. Батакоја) во зборник на трудови „Креативни економии: ново знаење за нови иницијативи“. Георгиевска-Јаковлева, Л., Павловски, М. (Уред.). МИ-АН, Скопје. 2014.
- Hristova. A. “Eine Hauptstadt im Umbruch: Die Postsozialistische Stadtentwickelung von Skopje”, Megacities und Stadterneuerung, Jahrbuch Stadterneuerung 2010. Technische Universität Berlin, Technische Universität Dortmund, Hafen City Universität Hamburg, Universität Kassel, Berlin.

Со реферати и усна презентација, д-р Анета Христова-Поповска учествувала на три меѓународни конференции:

- Session II: City and Power, International Conference Architecture & Ideology, Faculty of Architecture University of Belgrade, Board of Ranko Radovic Award, Assiciation of Applied Arts Artists and Designers of Serbia, Belgrade, 2012 – co-chairman of the session
- Frames of References – Art Museums as Unique Visual Media, CCCS Conference "Media Theory and Practice", Skopje, 2014
- Think of a Place – Think of Macedonia: Architecture as a Cultural Sustainability Factor of the Macedonian Cities. 22$^{nd}$ International Sustainable Development Research Society Conference "Rethinking Sustainability Models and Practices: Challenges for the New and Old World Contexts". Center for Environmental and Sustainability Research, School of Science and Technology, Universidade Nova de Lisboa 2016.

Како член и координатор на факултетски комисии, учествувала на неколку конференции и работилници поврзани со високото образование и дејностите на УКИМ:

- TEMPUS OPUS: „Отворање на Универзитетот кон општеството – поврзување на образованието – истражувањето – иновацијата“, Suprevision in Doctoral Studies, UKIM, 2011
- TEMPUS IV PROJECT: „Дизајнирање и имплементација на Националната рамка на квалификации“, работилница на ERAZMUS координатори, УКИМ, 2011
- Завршна конференција на TEMPUS програмата, МОН, Република Македонија, Национална TEMPUS канцеларија, УКИМ 2012

Во периодот 1999 – 2003 год., во својство на национален претставник во меѓународната работна група на UIA Science and Hi-Tech Facilities Work Programme, учествувала на конференциите во Тефен, Израел и Скотсдеил, Аризона, САД.

Од 2016 година, д-р Анета Христова-Поповска е член на ISDRS (International Sustainable Development Research Society), а од тековната 2017/2018 година, член на Комисијата за наука и апликативна дејност на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## Стручно-уметничка дејност

Во земјава и во странство, д-р Анета Христова-Поповска учествувала на многубројни архитектонски манифестации и на архитектонско-урбанистички конкурси. Добитник е на повеќе награди и признанија:

- Фискултурна сала во Демир Хисар (со Ж. Поповски, М. Волканов, М. Гулески), јавно претставено дело и Награда за оригинален пристап на БИМАС 1997;
- Живеалиште за модерните номади – јавно претставено дело и Диплома за посебен придонес на АСК 1999;
- Урбанистичко и архитектонско решение за обнова и реконструкција на Старата железничка станица за потребите на Град Скопје и Музејот на град Скопје (конкурсен проект, со Н. Ѓоргон, Г. Гоциева) – откуп (I награда не е доделена) јавно претставено дело на АСК 2005;
- Архитектонско и урбанистичко решение на Меморијален центар АСНОМ во Пелинце (урбанистичко речение за простор од национално значење, конкурсен проект со Ж. Поповски) – откуп, јавно претставено дело на БИМАС 2006;
- Venice – Bridge Museum in Italy, ARQUITECTUM SAC Lima, International Architectural Competition, (со Ж. Поповски) - I st honorable mention – Utopian Project, - on-line exhibition venice2006@arquitectum.com, јавно претставено дело на Istituto Universitario di Architettura di Venezia (IAUV), 2006.

Во изминатиот период, како коавтор и куратор учествувала на групната изложба на истражувачкиот проект „Размислувај за место – размислувај за Битола“ во галеријата МАГАЗА во Битола (2013) и изложбениот КОРИДОР на Архитектонскиот факултет во Скопје (2015). Како раководител на истражувачкиот проект „Македонски архитектонски атлас“ (А. Христова, М. Батакоја) била куратор на изложбата на проектот во Галерија КО-РА во 2017 година.

Со конкурсниот проект за Факултетот за физичко образование, спорт и здравје – комплекс УКИМ од 2014 (А. Христова, М. Батакоја и соработници) на кој се добитници на втор откуп, д-р Анета Христова-Поповска заедно со проектантскиот тим учествувала на БИМАС 2016.

**Стручно-апликативна дејност**

Како самостоен проектант и во својство на соработник, во земјава и во странство (Завод за урбанизам и архитектура – Скопје, Архитектонски факултет при УКИМ – Скопје, Ahern&Macvittie Architects LTD, Tempe, Arizona), д-р Анета Христова-Поповска изработила бројни идејни и основни архитектонски проекти, детални урбанистички планови и стручни ревизии.

Во доменот на архитектонската публицистика, во последните пет години објавила две книги од областа на архитектурата:

- "Architecture as Cultural Sustainability Factor of Macedonian Cities", Faculty of Architecture, University "S.S. Cyril and Methodius" – Skopje & Faculty of Architecture, University of Zagreb, 2013, (коавтор и изготвувач);
- „На Скопје со љубов – архитектонската мисла на Живко Поповски", Art Project Lab, Град Скопје, Архитектонски факултет УКИМ – Скопје, privateprint, Скопје 2017, (Анета Христова-Поповска, Мери Батакоја, автори на предговорот и уредници).

На стручен план, има остварено бројни промотивни активности за афирмација на архитектонската професија во јавноста. Промотор е на реномираното (прво) македонско издание на „Нојферт – архитектонско проектирање" (А. Христова, Ф. Ценовски) на Архитектонски факултет при УКИМ. Заедно со М. Батакоја, В. Урошевиќ, М. Гулески и Р. Пенов, промотор е на компилацијата „На Скопје со љубов – архитектонската мисла на Живко Поповски" одржана во Музејот на град Скопје на 13 ноември 2017.

Од страна на CCCS (Центар за култура и културолошки студии – Скопје) д-р Анета Христова-Поповска била ангажирана во евалуацијата (peer reviewer) на трудови за зборник на трудови од меѓународна конференција. За истата функција била ангажирана од страна на меѓународниот уредувачки одбор на реномираното стручно/научно списание "Sustainable Development Special Issue on Architecture and Planning", John Wiley & Sons Ltd and ERP Environment.

Во Анексот 2 на овој Извештај детално се наведени сите релевантни податоци за целокупните активности на кандидатката од наставно-образовната, научно-истражувачката, стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност, како и за дејностите од поширок интерес.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на целокупната доставена документација, приложените референци, досегашната соработка и личното познавање на кандидатката, Резензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно истражувачката, стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност на д-р Анета Христова-Поповска.

Со својата долгогодишна квалитетна и стручна реализација на наставната дејност на Архитектонскиот факултет и со учеството во бројните факултетски и универзитетски тела, проф. д-р Анета Христова-Поповска континуирано се залага за градење на високи

професионални и етички стандарди во образованието и архитектонската професија и зацврстување на академската и институционална автономија.

Академскиот курикулум на д-р Христова-Поповска го карактеризира интердисциплинарна инклузивност и фокусираност врз теоретските и методолошки аспекти на архитектонската дисциплина. Промовирањето на отворен и љубопитен став кон архитектонските и урбанистички идеологии и развивањето одговорен однос во начините на размислување и комуницирање за архитектурата, е архитектонското кредо кое таа го вградува во сопствената педагошка агенда и на тој начин го потврдува континуитетот на вредносниот систем на Архитектонскиот факултет. Нејзиниот професионален и личен интегритет го потврдуваат високите резултати и авторитетот кој го ужива помеѓу студентите, за што доказ се високите просечни оценки од анонимните студентски евалуации.

Научно истражувачките и стручни достигнувања на д-р Анета Христова-Поповска се високо вреднувани во меѓународните академски кругови, за што сведочат признанијата дадени за трудовите со кои земала учество на меѓународните конференции во Белград и Лисабон, нејзините рецензентски ангажмани во значајни научни / стручни списанија, како "Sustainable Development Special Issue on Architecture and Planning" и "Culture", како и учеството во комисиите за оцена на докторски дисертации на Politecnico di Milano и Архитектонскиот факултет на Универзитетот во Белград. Добитник е на повеќе домашни награди и признанија за конкурсни архитектонски и урбанистички проекти, како и на едно меѓународно признание.

Рецензентската комисија особено го потенцира делувањето на д-р Анета Христова-Поповска во доменот на архитектонската публицистика, како и бројните учества на изложби и членства во реномирани меѓународни професионални организации (ISDRS, UIA), кои говорат за нејзината континуирана професионална посветеност и творечка сеопфатност.

Врз основа на изнесеното, како и врз основа на Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет повторно да ја избере кандидатката д-р Анета Христова-Поповска, дипл.инж.арх., во звањето редовен професор по група предмети од архитектонското проектирање и дизајн на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Рецензентска комисија

Д-р Мирослав Грчев, редовен професор – претседател с.р

Д-р Мартин Гулески, редовен професор, во пензија – член с.р

Д-р Иванка Кировска, редовен професор – член с.р

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Анета Петар Христова-Поповска**

**Институција:** **Архитектонски факултет - УКИМ - Скопје**

**Научна област:** **архитектура**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Архитектонско проектирање 4 (2+0), зимски сем. 2010/2011<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 1.2 | 1.2 |
| 2 | Архитектонско студио 5/2 (0+6) зимски сем. 2010/2011<br><br>6 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 3.6 | 3.6 |
| 3 | Архитектонско проектирање 6 (2+0), зимски сем. 2010/2011<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група | 1.5 |
| 4 | Архитектонско студио 7/2 (0+8), зимски сем. 2010/2011<br><br>8 часа x 15 недели x 0.05 x 1 група = 6 | 6 |
| 5 | Теорија на архитектурата (2+0), зимски сем. 2010/2011<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 1.5 | 1.5 |
| 6 | Архитектонско проектирање 4 (2+0), летен сем. 2010/2011<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 1.2 | 1.2 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Архитектонско студио 6/2 (0+6), летен сем. 2010/2011<br><br>6 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 3.6 | 3.6 |
| 8 | Архитектонско проектирање 6 (2+0), летен сем. 2010/2011<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 1.5 | 1.5 |
| 9 | Архитектонско студио 8/2 (0+8), летен сем. 2010/2011<br><br>8 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 6 | 6 |
| 10 | Архитектонско проектирање 4 (2+0), зимски сем. 2011/2012<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 1.2 | 1.2 |
| 11 | Архитектонско студио 5/2 (0+6) зимски сем. 2011/2012<br><br>6 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 3.6 | 3.6 |
| 12 | Теорија на архитектурата (2+0), зимски сем. 2011/2012<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 1.5 | 1.5 |
| 13 | Архитектонско студио 7/2 (0+8) зимски сем. 2011/2012<br><br>8 часа x 15 недели x 0.05 x 1 група = 6 | 6 |
| 14 | Архитектонско проектирање 6 (2+0), зимски сем. 2011/2012<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 1.5 | 1.5 |
| 15 | Архитектонско проектирање 4 (2+0), летен сем. 2011/2012<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 1.2 | 1.2 |
| 16 | Архитектонско студио 6/2 (0+6), летен сем. 2011/2012<br><br>6 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 3.6 | 3.6 |
| 17 | Архитектонска критика (изборен) (1+0), летен сем. 2011/2012<br><br>1 x 15 x 0.05 = 0.75 | 0.75 |
| 18 | Теории во проектирање (изборен) (1+0), летен сем. 2011/2012<br><br>1 час x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 0.75 | 0.75 |
| 19 | Архитектонско проектирање 4 (2+0), зимски сем. 2012/2013<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 1.2 | 1.2 |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | Архитектонско студио 5/2 (0+6) зимски сем. 2012/2013<br><br>6 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 3.6 | 3.6 |
| 21 | Теорија на архитектурата (2+0), зимски сем. 2012/2013<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 1.5 | 1.5 |
| 22 | Интегративно студио (0+10), зимски сем. 2012/2013<br><br>раководител: 10 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 7.5 | 7.5 |
| 23 | Архитектонско проектирање 4 (2+0), летен сем. 2012/2013<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 1.2 | 1.2 |
| 24 | Архитектонско студио 6/2 (0+6), летен сем. 2012/2013<br><br>6 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 3.6 | 3.6 |
| 25 | Архитектонско студио 8/2 (0+8), летен сем. 2012/2013<br><br>8 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 6 | 6 |
| 26 | Теории во проектирање (изборен) (1+0), летен сем. 2012/2013<br><br>1 час x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 0.75 | 0.75 |
| 27 | Селектирани теми од јавни објекти (изборен) (1+0), летен сем. 2012/2013<br><br>1 час x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 0.75 | 0.75 |
| 28 | Архитектонско проектирање 4 (2+0), зимски сем. 2013/2014<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 1.2 | 1.2 |
| 29 | Архитектонско студио 5/2 (0+6), зимски сем. 2013/2014<br><br>6 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 3.6 | 3.6 |
| 30 | Теорија на архитектурата (2+0) зимски сем. 2013/2014<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 1.5 | 1.5 |
| 31 | Архитектонско проектирање 4 (2+0), летен сем. 2013/2014<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 1.2 | 1.2 |
| 32 | Архитектонско студио 6/2 (0+6), летен сем. 2013/2014 | 3.6 |

| | | |
|---|---|---|
| | 6 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 3.6 | |
| 33 | Архитектонско студио 8/2 (0+8), летен сем. 2013/2014<br><br>8 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 6 | 6 |
| 34 | Теории во проектирање (изборен) (1+0) летен сем. 2013/2014<br><br>1 час x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 0.75 | 0.75 |
| 35 | Селектирани теми од јавни објекти (изборен) (1+0), летен сем. 2013/2014<br><br>1 час x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 0.75 | 0.75 |
| 36 | Архитектонско проектирање 4 (2+0), зимски сем. 2014/2015<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 1.2 | 1.2 |
| 37 | Архитектонско студио 5/2 (0+6), зимски сем. 2014/2015<br><br>6 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 3.6 | 3.6 |
| 38 | Теорија на архитектурата (2+0), зимски сем. 2014/2015<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 1.5 | 1.5 |
| 39 | Архитектонско студио 7/2 (0+8), зимски сем. 2014/2015<br><br>8 часа x 15 недели x 0.05 x 1 група = 6 | 6 |
| 40 | Архитектонско проектирање 4 (2+0), летен сем. 2014/2015<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 1.2 | 1.2 |
| 41 | Архитектонско студио 6/2 (0+6), летен сем. 2014/2015<br><br>6 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 3.6 | 3.6 |
| 42 | Архитектонско студио 8/2 (0+8), летен сем. 2014/2015<br><br>8 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 6 | 6 |
| 43 | Архитектонско проектирање 4 (2+0), зимски сем. 2015/2016<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 1.2 | 1.2 |
| 44 | Архитектонско студио 5/2 (0+6), зимски сем. 2015/2016<br><br>6 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 3.6 | 3.6 |

| | | |
|---|---|---|
| 45 | Теорија на архитектурата (2+0), зимски сем. 2015/2016<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 1.5 | 1.5 |
| 46 | Архитектонско студио 7/2 (0+8), зимски сем. 2015/2016<br><br>8 часа x 15 недели x 0.05 x 1 група = 6 | 6 |
| 47 | Селектирани теми од јавни објекти (изборен) (1+0), зимски сем. 2015/2016<br><br>1 час x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 0.75 | 0.75 |
| 48 | Архитектонска критика (изборен) (1+0), зимски сем. 2015/2016<br><br>1 x 15 x 0.05 = 0.75 | 0.75 |
| 49 | Архитектонско проектирање 4 (2+0), летен сем. 2015/2016<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 1.2 | 1.2 |
| 50 | Архитектонско студио 6/2 (0+6), летен сем. 2015/2016<br><br>6 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 3.6 | 3.6 |
| 51 | Архитектонско студио 8/2 (0+8), летен сем. 2015/2016<br><br>8 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 6 | 6 |
| 52 | Селектирани теми од јавни објекти (изборен) (1+0), летен сем. 2015/2016<br><br>1 час x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 0.75 | 0.75 |
| 53 | Архитектонска критика (изборен) (1+0), летен сем. 2015/2016<br><br>1 x 15 x 0.05 = 0.75 | 0.75 |
| 54 | Теории во проектирање (изборен) (1+0), летен сем. 2015/2016<br><br>1 час x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 0.75 | 0.75 |
| 55 | Архитектонско проектирање 4 (2+0), зимски сем. 2016/2017<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 1.2 | 1.2 |
| 56 | Архитектонско студио 5/2 (0+6), зимски сем. 2016/2017<br><br>6 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 3.6 | 3.6 |
| 57 | Теорија на архитектурата (2+0), зимски сем. 2016/2017 | 1.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 1.5 | |
| 58 | Архитектонска критика (изборен) (1+0), зимски сем. 2016/2017<br><br>1 x 15 x 0.05 = 0.75 | 0.75 |
| 59 | Архитектонско проектирање 4 (2+0), летен сем. 2016/2017<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 1.2 | 1.2 |
| 60 | Архитектонско студио 6/2 (0+6), летен сем. 2016/2017<br><br>6 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 3.6 | 3.6 |
| 61 | Архитектонско студио 8/2 (0+8), летен сем. 2016/2017<br><br>8 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 6 | 6 |
| 62 | Селектирани теми од јавни објекти (изборен) (1+0), летен сем. 2016/2017<br><br>1 час x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 0.75 | 0.75 |
| 63 | Архитектонска критика (изборен) (1+0), летен сем. 2016/2017<br><br>1 x 15 x 0.05 = 0.75 | 0.75 |
| 64 | Теории во проектирање (изборен) (1+0), летен сем. 2016/2017<br><br>1 час x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 0.75 | 0.75 |
| 65 | Архитектонско проектирање 4 (2+0), зимски сем. 2017/2018<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 1.2 | 1.2 |
| 66 | Архитектонско студио 5/2 (0+6), зимски сем. 2017/2018<br><br>6 часа x 15 нед. x 0.04 x 1 група = 3.6 | 3.6 |
| 67 | Теорија на архитектурата (2+0), зимски сем. 2017/2018<br><br>2 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 1.5 | 1.5 |
| 68 | Интегративно студио (0+10), зимски сем. 2017/2018<br><br>раководител: 10 часа x 15 нед. x 0.05 x 1 група = 7.5 | 7.5 |
| 69 | Меѓународна летна школа за архитектура, Архитектонски факултет, Манастир „Св. Јоаким Осоговски“, сесија 2010: „Architecture is All about People" – раководител | 1.5 |

| | | |
|---|---|---|
| 70 | Член на комисија за оцена и идбрана на докторат:<br><br>- м-р Михајло Зиноски, „Метода за рекурзивна анализа на комплексни програмско-просторни архитектонски концепти на примерот на големите трговски центри во Скопје“, Архитектонски факултет, УКИМ – Скопје, 2011;<br><br>- м-р Викторија Мангароска, „Виртуелно моделирање на просторната и програмската организација на објектите од културата во Скопје“, Архитектонски факултет, УКИМ – Скопје, 2015;<br><br>- Milena Shundovska, "Urban Transformation of Bitola through the Notes of Planning Documentation: the Interpretation of Military Architecture into Urban Patterns – Memory, Reality and Opportunity", Politecnico di Milano, Built Environment and Construction Engineering, Doctoral Program in Architectural Composition, 2015, external thesis evaluator | 0.5<br><br>0.5<br><br>0.5 |
| 71 | Член на 45 комисии за оцена и одбрана на магистерски работи | 13.5 |
| 72 | Член на 23 комисии за оцена и одбрана на дипломски работи | 2.3 |
| 73 | Стручен рецензент на универзитетски учебници од проектот на Владата на Република Македонија „Преведување на 1000 стручни и научни книги и учебници“, МОН:<br><br>- Нојферт – архитектонско проектирање (39 издание), Ars Lamina, 2010, Скопје;<br>- Архитектурата на модерна Италија, Книга I – Предизвикот на традицијата 1750-1900, Тери Кирк, Ars Lamina, 2010, Скопје;<br>- Архитектурата на модерна Италија, Книга II – Предизвикот на традицијата 1750-1900, Тери Кирк, Ars Lamina, 2010, Скопје;<br>- Лајоновиот прирачник за црковна архитектура, Дејвид Стенклиф, Ars Lamina, 2010, Скопје;<br>- Градење со земја, проектирање и технологија на одржлива архитектура, Гернот Минке, Ars Lamina, 2010, Скопје;<br>- Земјена архитектура – од античка до модерна, Вилијам Н. Морган, Ars Lamina, 2010, Скопје;<br>- Земјена архитектура, Роналд Раел, Ars Lamina, 2010, Скопје;<br>- Нојферт – архитектонско проектирање (40 издание), Ars Lamina, 2014, Скопје. | 8 |
| 74 | Пакет материјали за предметот Теорија на архитектурата | 1 |
| | **Вкупно** | **202.55** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ +**
**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на 1 докторска дисертација:<br><br>- м-р Викторија Мангароска, „Виртуелно моделирање на просторната и програмската организација на објектите од културата во Скопје“, Архитектонски факултет, УКИМ – Скопје, 2015 | 3 |
| 2. | Ментор на 27 магистерски работи 2012 / 2017 | 27 |
| 3. | Раководител на национален научен проект (А.Христова и М. Батакоја)<br><br>„На Скопје со љубов! Архитектонското творештво на Живко Поповски: пополнување на празнината во македонското модерно културно наследство“, Арт Проект Лаб, Архитектонски факултет – УКИМ, Скопје, Град Скопје, 2016/2017 | 6 |
| 4. | Раководител на меѓународен научноистражувачки проект:<br><br>- "Think of Place – Think of Macedonia: Architecture as Factor of Cultural Sustainability of Macedonian Cities", Faculty of Architecture, University "S.S. Cyril and Methodius" – Skopje, Republic of Macedonia & Faculty of Architecture, University of Zagreb, Croatia, 20011/2012 | 9 |
| 5. | Учесник во меѓународен научен проект:<br><br>- "99 Files", Universita Mediterranea di Reggio Calabria, Faculty of Architecture – Skopje, Italian Embassy in Republic of Macedonia, MoCA – Skopje, 2018 (во фаза на реализација) | - |
| 6. | Дел од монографија објавен во странство:<br><br>- Hristova, A., 2014. The Procession of the Simulacrum: Untrue or More Truthful than the Truth in: *Architecture and Ideology*. Mako, V., Roter-Blagojevic, M., Vukotic-Lazar, M. (Eds.). Cambridge Scholars Publishing, pp. 158-169. | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:<br><br>- Hristova, A., Batakoja, M. (2015). Frames of References – Art Museums as Unique Visual Media in: *Media Theory and Practice*. Culture 12/2015, MI-AN Publishing, Skopje. pp. 53-64.<br>- Христова-Поповска, А., (2016). Суштествува ли македонска архитектура?“ – архитектонската мисла на Живко Поповски во: *Culture & Identities*. Culture 14/2016. MI-AN Publishing, Skopje. pp. 145-153. | 5.4<br><br>6 |
| 8. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br><br>- Hristova, A. (2016). Think of a Place – Think of Macedonia: Architecture as a Cultural Sustainability Factor of the Macedonian Cities in: Proceedings of the 22nd International Sustainable Development Research Society Conference - Rethinking Sustainability Models and Practices: Challenges for the New and Old World Contexts. ISRDS 2016. Center for Environmental and Sustainability Research, School of Science and Technology, Universidade Nova de Lisboa. | 3 |
Во делот **Материјал и методи** е наведено дека студијата била изведена на две групи испитаници на Институтот за имунобиологија и хумана генетика, Медицински факултет, Скопје. Првата група ја сочинувале 286 несродни индивидуи, родители на пациенти на кои им била потребна трансплантација, со македонска националност, а втората група 1541 индивидуа, членови на Македонскиот дарителски регистар за коскена срцевина, поделени во подгрупи според националноста: 1283 Македонци, 128 Албанци, 76 Македонци Муслимани, 21 Турци, 6 Роми, 4 Босанци, 1 Србин и 22 не навеле националност. Споредбата на македонската популалција е направена со 239 879 испитаници од 30 светски популации, чии што податоци за фреквенцијата на ХЛА алелите се добиени од веб страната www.allelefrequencies.net. На секој испитаник му е земен примерок крв со венепункција по потпишувањето на информираната согласност. Методите користени во оваа студија се: изолација на ДНК и ХЛА-типизација. Изолацијата на ДНК е правена рачно со методот на фенол-хлороформ и автоматизирано со помош на апаратот Duplica Prep, додека ХЛА-типизацијата на испитаниците е правена со помош на две методи со средно ниво на резолуција: методот на реверзна хибридизација и методот на секвенцно специфични олигонуклеотиди, кои се детално и јасно објаснети. Статистичката анализа е изведена со помош на компјутерскиот програм Arlequin3.5 (одредување на Харди-Вајнберговата рамнотежа, фреквенцијата на алелските групи и хаплотиповите, вредноста за врзаната нерамнотежа). Споредбата на македонската популација со останатите светски популации е изведена со софтверскиот програм Phylip, додека споредбата на алелските фреквенции помеѓу двете групи со $\chi^2$ тестот.

**Резултатите** се прикажани на 26 табели и 1 слика и целосно соодветствуваат со текстот од овој дел. Прво се опишани резултатите за анализата на првата група, вредноста за Hardy-Weinberg-овата рамнотежа за локусите HLA-A, -B, -C и –DRB1, потоа фреквенцијата на алелските групи во поединечните локуси. Македонксата популација е во Hardy-Weinberg-ова рамнотежа за сите 4 испитувани локуси. Како најчести ХЛА-А алелски фамилии во оваа студија се детектирани HLA-A*02 (29%), HLA-A*24 (13.8%), HLA-A*01 (12.5%) и HLA-A*03 (10.1%), а во HLA-B локусот најчести биле HLA-B*35 (16.1%), HLA-B*51 (14.7%) и HLA-B*18 (14.7%). Како најфреквентни алелски групи во HLA-C локусот биле идентификувани HLA-C*07 (27.9%), HLA-C*04 (18.3%) и HLA-C*12 (12.7%), додека во HLA-DRB1 локусот тоа биле HLA-DRB1*11 (25.5%), HLA-DRB1*16 (14.7%), HLA-DRB1*15 (9.0%) и HLA-DRB1*13 (8.5%) алелските групи. Понатаму се прикажани

резултатите за фреквенцијата на дво локусните хаплотипови (HLA-A-B, HLA-A-C, HLA-A-DRB1, HLA-B-C и HLA-B-DRB1) и вредностите за врзаната нерамнотежа. Како што прикажала кандидатката, вкупно биле идентификувани 143 HLA-A-B хаплотипови (28 имале фреквенција поголема од 1%), 111 HLA-A-C хаплотипови (32 имале фреквенција поголема од 1%), 123 HLA-A-DRB1 хаплотипови (31 имале фреквенција поголема од 1%), 74 HLA-B-C хаплотипови (27 со фреквенција над 1%) и 131 HLA-B-DRB1 хаплотип (31 имале фреквенција над 1%). Највисока вредност за врзаната нерамнотежа (D`=1) била забележена за следниве HLA-B-C хаплотипови: HLA-B*08-C*07, HLA-B*51-C*14, HLA-B*14-C*08, HLA-B*49-C*07 и HLA-B*56-C*01. Исто така прикажани се и најчестите три- и четири-локусни хаплотипови во македонската популација. Вкупно биле идентификувани 218 HLA-A-B-C хаплотипови, од кои најчести во македонската популација биле HLA-A*02-B*18-C*07 (4,0%) и HLA-A*01-B*08-C*07 (3,3%). Анализиран е и три-локусниот хаплотип HLA-A-B-DRB1, при што како најчести се детектирани хаплотиповите HLA-A*02-B*18-DRB1*11 (2,9%) и HLA-A*01-B*08-DRB1*03 (2,7%). Во оваа студија се анализирани и 4-локусните хаплотипови со дефинирана гаметска фаза. Вкупно биле откриени 572 различни HLA-A-B-C-DRB1 хаплотипови, од кои само 8 имале фреквенција над 1%, а со најголема фреквенција биле следниве хаплотипови: HLA-A*01-B*08-C*07-DRB1*03 (2,7%), ХЛА-A*02-B*18-C*07-DRB1*11 (2,6%), ХЛА-A*24-B*35-C*04-DRB1*11 (1,5%) и ХЛА-A*24-B*18-C*07-DRB1*11 (1,3%).

Во популациската студија е направена споредба на македонската популација со 30 светски популации со пресметување на $F_{st}$ и Nei's генетската дистанца за HLA-A, -B и – DRB1 локусите и даден е опис на констуираното генетското стебло. На дендограмот јасно се гледа поврзаноста на македонската популација и негово сместување во ист кластер со Албанците, Албанците од Косово, Бугарите, Грците, Турците, Романците, Србите и Хрватите.

Понатаму се прикажани резултатите од анализата на дарителите во Македонскиот дарителски регистар за коскена срцевина. Прво се прикажани демографските податоци на дарителите по однос на пол, возраст и националност, а потоа фреквенцијата на ХЛА-алелските групи и хаплотипови. Вкупно во група 2 се анализирани 1541 доброволен дарител, 757 (49,13%) од машки пол и 784 (50,87%) од женски пол. Во информираната согласност секој дарител дал изјава за националноста, при што 1283 се декларирале како Македонци (православни), 128 како Албанци, 76 Македонци муслимани, 21 Турци, 6 Роми, 4 Босанци, 1 Србин и 22 не се изјасниле. Hardy-Weinberg-овата рамнотежа и алелската фреквецнија била пресметана за Македонците, Албанците и Македонците муслимани. Кај Македонците биле идентификувани 17 алелски групи во HLA-A локусот, 15 кај Албанците и 13 кај Македонците муслимани. HLA-B*51, HLA-B*18 и HLA-B*35 имале фреквенција над 10% во сите три испитувани групи за HLA-B локусот. Најчести алелски групи во HLA-C локусот кај Македонците и Албанците биле HLA-C*07, HLA-C*04 и HLA-C*12, додека кај Македонците муслимани најчести алелски групи биле HLA-C*07, HLA-C*04, HLA-

C*02 и HLA-C*15. Што се однесува до HLA-DRB1 локусот биле детектирани 13 алелски групи кај Македонците и 12 кај Албанците и Македонците муслимани. Фреквенција поголема од 10% кај Македонците и Албанците била детектирана за HLA-DRB1*11, HLA-DRB1*16 и HLA-DRB1*13 алелските групи, додека кај Македонците Муслимани најчести биле HLA-DRB1*11, HLA-DRB1*16 и HLA-DRB1*14. Понатаму во резултатите е прикажана алелската фреквенција за HLA-DQA1 и HLA-DQB1 алелските локуси кај група од 566 Македонци, членови на Македонскиот дарителски регистар за коскена срцевина. При тоа како најчести биле детектирани следниве алелски фамилии: HLA-DQA1*01, HLA-DQA1*05, HLA-DQB1*05 и HLA-DQB1*03. При анализата на четири-локусните хаплотипови биле идентификувани 907 хаплотипови кај Македонците, од кои 7 имале фреквецнии поголеми од 1%, 140 хаплотипови кај Албанците од кои 26 имале фреквенција над 1% и 74 различни хаплотипови во групата на Македонци муслимани од кои 27 имале фреквенција над 1%. Најчест 4-локусен хаплотип кај Македонците е HLA-A*01-B*08-C*07-DRB1*03 (4.0%), додека кај Албанците и Македонците муслимани најчест е HLA-A*02-B*18-C*07-DRB1*11 хаплотипот со 4,6% и 6,8%, соодветно. Шест локусните хаплотипови се анализирани само кај Македонците и од вкупно 543 само 8 имале фреквенција над 1%. Најчести хаплотипови биле ХЛА-A*02-B*18-C*07-DRB1*11-DQA1*05-DQB1*03 (4.2%) и HLA-A*01-B*08-C*07-DRB1*03-DQA1*05-DQB1*02 (3.6%), следени од HLA-A*24-B*35-C*04-DRB1*11-DQA1*05-DQB1*03 (1.36%) и HLA-A*02-B*08-C*07-DRB1*03-DQA1*05-DQB1*02 (1.33%).

На крај се прикажани резултатите од споредбата во алелските фреквенции меѓу двете групи и притоа била забележана статистички значајна разлика само за три алелски групи: HLA-A*32, HLA-A*37 и HLA-C*04. Исто така, кандидатката има направено рангирање на најчестите хаплотипови во групата 1 (македонска популација) и групата 2 (Македонци зачленети во Македонскиот дарителски регистар за коскена срцевина). Поголеми разлики се забележани во третиот хаплотип (HLA-A*02-B*27-C*02-DRB1*16) во група 2 кој се наоѓа на 13-та позиција кај група 1 и за хаплотипот HLA-A*02-B*51-C*15-DRB1*16 кој се наоѓа на 6-та позиција во група 2, а воопшто не е детектиран во група 1.

Во **дискусијата,** добиените резултати се уредно толкувани со осврт кон критериумите кои треба да бидат исполнети за објавување на популациона студија и потребните критериуми при избор на потенцијален совпадлив дарител на матични клетки. Според препораката на Sanchez-Mazas и соработниците фреквенцијата на ХЛА алелот од 1% може да се смета за значајна доколку популацијата има повеќе од 200 испитаници. Основните критериуми за избор на соодветен дарител опфаќаат 8/8 идентичност во ХЛА алелите, но како што напредувале сознанијата се наметнал нов критериум, 10/10 во локусите HLA-A, -B, -C, -DRB1 и –DQB1. Резултатите од оваа студија се споредени со резултатите од слични или исти студии од цитираната литература. Истакнат е фактот дека најголеми сличности во однос на фреквенцијата на алелските групи имаме со останатите популации од Балканскиот полуостров, што е потврдено и со пресметувањето на генетската

дистанца и конструираното генетско стебло. Најмала вредност за Nei's генетската дистаца за локусите HLA-A, -B и –DRB1 е пресметана за македонската популација со Грција (0.013111) и Албанија (0.021698). Податоците за алелските фреквенции кај доброволните дарители во Македонскиот дарителски регистар за коскена срцевина се опишани и истакната важноста на познавањето на профилот на сопствените дарители со цел да се унапреди процесот на наоѓање на соодветен совпадлив дарител и правање на стратегии за нови регрутирања на дарители. Член на Дарителскиот регистар на коскена срцвина, како што е опишано, може да стане секоја здрава индивидуа на возраст од 18 до 50 години, со потпишана информирана согласност и даден примерок крв. Шест-локусните хаплотипови во македонската популација во МКДРКС беа споредени со податоците од други популации и најголем степен на сличност бил забележан со соседните балкански земји. Понатаму е даден опис на факторите кои влијаат на брзината и успешноста на пронаоѓањето на соодветен дарител за одреден пациент. Тие фактори се големината на Регистарот, регрутирање на малцинства со цел да се зголеми разноликоста на хаплотиповите во Регистарот, ХЛА-типизација со висока резолуција и друго. Важноста на постоењето на национален регистар е поткрепена со објавени податоци дека подобро преживување имаат пациентите кои примиле матични клетки од дарител во националниот регистар во споредба со интернационалните.

Во **заклучокот** е даден одговор на истражувачките прашања, презентирани во одделни точки, јасни, прецизни и концизни. Наведени се најчестите ХЛА-алелски групи и хаплотипови во македонската популација и фактот дека најголем степен на сличност е откриен со популациите од соседните земји. Исто така, одреден е ХЛА-профилот на дарителите зачленети во Македонскиот дарителски регистар за коскена срцевина.

Користената литература содржи 171 референца, кои се од понов датум и се релевантни за темата на истражувањето, а истите се уредно цитирани според Ванкуверскиот систем за цитирање на литературата.

**Предмет на истражување.** Целта на истражувањето на кандидатката беше одредување на алелската и хаплотипската фреквенција на ХЛА-гените во македонската популација кај примерок со дефинирани хаплотипови врз основа на фамилијарната анамнеза. Познавањето на овие податоци во една популација е неопходен предуслов за правилен избор на соодветен дарител на матични клетки за пациентите на кои им е потребна трансплантација. Покрај тоа, беше одреден ХЛА-профилот на доброволните дарители зачленети во Македонскиот дарителски регистар за коскена срцевина.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата.** Популационата генетика е поле на научно истражување кое е во центарот на вниманието на бројни научници, што се гледа по бројот на трудови објавени секоја година. Во македонската популација има направено претходно неколку студии за одредување на ХЛА-хаплотиповите и алелите кои даваат само делумни податоци за општата состојба. Со помош

на резултатите добиени во ова истражување се добива контролна група за македонската популација која ќе може да се споредува со останатите светски популации во идни студии.

**Краток опис на применетите методи.** Во оваа докторска дисертација се користени молекуларни техники за ХЛА-типизација: методот на реверзна хибридизација (RLS) и методот на секвенцно специфични олигонуклеотидни проби (SSO). Со нив се добиени податоци со средна резолуција, кои потоа се споредени со помош на посебни софтверски програми со други светски популации.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Во ова истражување се добиени податоци за фреквенцијата на ХЛА-алелите и хаплотиповите кај македонската популација со дефиниран хаплотип, како и кај доброволните дарители регистрирани во Македонскиот дарителски регистар за коскена срцевина. Добиените податоци се важни во планирањето на стратегии за зголемување на бројот на дарители во Регистарот со цел да се овозможи пронаоѓање на соодветен дарител за што поголем број на пациенти на кои им е потребна трансплантација.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката д-р Мери Киријас, со наслов „Фреквенција на ХЛА-хаплотиповите во Република Македонија и нивната улога при трансплантација на матични клетки“, е истражување од обласа на имуногенетиката. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да се одредат фреквенциите на дефинираните ХЛА-хаплотипови во македонската популација. Познавањето на фреквенциите во одредена популација е неопходен предуслов за воведување на трансплантација на матични клетки од несроден ХЛА-идентичен дарител. Дополнително, познавањето на ХЛА-профилот на доброволните дарители во Македонскиот дарителски регистар за коскена срцевина ќе го скрати времето потребно за наоѓање на несроден ХЛА-идентичен дарител. Понатамошните истражувања можат да се прошират кон ХЛА-типизирање со висока резолуција на доброволните дарители.

Докторската дисертација на кандидатката д-р Мери Киријас, со наслов „Фреквенција на ХЛА-хаплотиповите во Република Македонија и нивната улога при трансплантација на матични клетки“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработен докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1] Kirijas M, Genadieva Stavrik S, Senev A, Efinska Mladenovska O, Petlichkovski A. HLA-A, -B, -C and –DRB1 allele and haplotype frequencies in the Macedonian population based on a family study. Hum Immunol. 2018 Mar;79(3):145-153. (IF=2.311).

**Заклучок и предлог**

Главни научни придонеси на кандидатката се: одредување на честотата на ХЛА-алелите и хаплотиповите кај испитаници со дефиниран хаплотип, како и одредување на профилот на ХЛА-алелите и хаплотиповите кај доброволните дарители на матични клетки зачленети во Македонскиот дарителски регистар за коскена срцевина.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: во трансплантацијата на хематопоетски матични клетки.

Можните понатамошни истражувања се: типизација на доброволните дарители со висока резолуција и развивање стратегии за зголемување на бројот на потенцијални доброволни дарители во Регистарот со цел да се зголеми шансата за наоѓање на ХЛА совпадлив дарител за што поголем број на пациенти.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката д-р Мери Киријас, со наслов **Фреквенција на ХЛА-хаплотиповите во Република Македонија и нивната улога при трансплантација на матични клетки**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Дејан Трајков, претседател с.р.

Проф. д-р Соња Генадиева-Ставриќ, ментор с.р.

Проф. д-р Кочо Димитровски, член с.р.

Проф. д-р Елена Шукарова-Ангеловска, член с.р.

Проф. д-р Милка Здравковска, член с.р.

**РЕФЕРАТ**

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ДРУШТВАТА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 31.1.2018 година, формира Комисија за избор на наставник **во сите наставно-научни звања на научната област право на друштвата, во состав: проф. д-р Тито Беличанец, проф. д-р Горан Коевски и проф. д-р Мирко Васиљевиќ.**

По разгледувањето на приложените документи, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област право на друштвата, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од 3.1.2018 година, **се пријави:**

**- д-р Александар Климовски, вонреден професор** на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Кон пријавата, тој ги достави неопходните документи согласно со Законот за високото образование и подзаконските акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Проф. д-р Александар Климовски е роден на 5.11.1973 година во Скопје.

Студиите на Правниот факултет при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје ги започнал во учебната 1992/1993 година, а дипломирал во предвидениот рок на 8.4.1996 година со просечен успех 9,97, како прв студент на генерацијата. Поради покажаниот висок успех во текот на студиите, добитник е на повеќе признанија. Првото признание го доби од Сојузот на студентите при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со кое е прогласен за најдобар студент на Универзитетот за учебната 1994/95 година. Во 1996

година ја доби наградата “26 јули” од Фондацијата “Франк Харкорд Манинг”, а во 1997 година доделена му е пофалница од страна на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј”.

Согласно со актите на Правниот факултет во Скопје, во 1996 година Наставно-научниот совет на Факултетот го избрал за демонстратор на предметот Применета економија. Со овластување на предметните професори, во текот на учебните 1996/97 и 1997/98 ги водеше вежбите и ги спроведуваше колоквиумите на овој наставен предмет.

Магистерските постдипломски студии од областа деловно право на Правниот факултет ги завршил 2000 година со просечна оценка 9.67.

На 15.1.1999 година е избран за помлад асистент на предметите Право на друштвата и Трудово право (Одлука на ННС бр. 07-25/8 од 05.02.1999 година). Покрај континуираното спроведување на вежбите и колоквиумите на двата предмета, од учебната 2001/2002 година вклучен е и во подготвувањето и спроведувањето на писмените испити по предметот Право на друштвата.

На 15.10.2002 година го одбранил магистерскиот труд под наслов “Правно-економските аспекти на слободните економски зони” и се стекнал со звањето магистер по деловно право.

На 10.7.2003 година е избран за асистент на предметот Право на друштвата (Одлука бр. 02-471/8 на ННС од 10.7.2003 година).

На 26.6.2005 година пријавил тема на докторскиот труд под наслов ,,Системи на корпоративно управување: англосаксонски vs. континентален систем”.

На 20.5.2008 година го одбранил докторскиот труд и се стекнал со звање доктор на правни науки.

На 31.10.2008 година е избран за наставник во сите звања (доцент) на предметот Право на друштвата (Одлука на ННС бр. 02-701/31 од 5.11.2008 година).

Од 2008 година спроведува наставна на додипломските студии на Правниот факултет “Јустинијан Први” во Скопје на предметот Право на друштвата.

Од 2009 година спроведува настава на постдипломските студии од областа на деловното право (второ подрачје: управување со трговските друштва) и на студиите од втор циклус (мастерс студии) по деловно право на предметите: Корпоративно управување, Компаниско право на ЕУ, Право на јавни набавки, Номотехника и Право на игрите на среќа, а од 2014 година спроведува настава и на втор циклус (мастер студии) по корпоративно право на предметите: Корпоративно управување, Корпоративна етика, Корпорациите и локалниот и регионалниот развој и Корпоративно право - применета програма.

Од 2013 година е избран во наставно - научното звање вонреден професор на научната област право на друштвата (Одлука на ННС бр. 02-836/10 од 28.6.2013 година).

Член е на Конкурсната комисија за упис на студенти во прва година на студиите на Правниот факултет за учебните 2002/2003 и 2009/21010 година.

Член е на Конкурсната комисија за упис на студенти на студиите од втор циклус (мастерс студиите) на Правниот факултет за учебната 2009/2010 година.

Секретар е на стручната комисија за признавање високообразовни квалификации стекнати во странство од областа на деловното право и економските науки, од 2002 година.

Секретар е на постдипломските студии од областа деловно право од 2000 година.

Секретар е на постдипломските студии од вториот циклус на областа деловно право (мастерс студии) од 2008/2009 година

Член е на Библиотечниот одбор од 2001/2002 година.

Претседател бил на синдикатот на Правениот факултет ,,Јустинијан Први" од 2003 до 2008 година.

Претседател бил на Комисијата за јавни набавки на Правниот факултет "Јустинијан Први" од 2008 до 2012 година.

Раководител е на второто подрачје (полжбата на лицата во органите на управувањето и другите раководни лица и на вработените во претпријатијето) на постдипломските студии од областа на деловното право од 2010 година.

Член е на управниот одбор на SEELS (South-Eastern European Law School) центарот од 2011 година.

Раководител е на мастер студиите по корпоративно право и в.д. раководител на постдипломските студии по деловно право, стара програма од 2014 година.

Автор и коавтор е на над 40 научни трудови и 3 основни универзитетски учебници.

Учествувал на меѓународни и домашни научно - стручни конференции.

Акредитиран ментор е на вториот (мастер) и третиот (докторски) циклус студии (правни науки). Бил ментор на над 100 кандидати на втор циклус студии. Од изборот во звањето вонреден професор до моментот на објавување на овој конкурс бил ментор на 58 кандидати на втор циклус студии. Ментор е на тројца кандидати на трет циклус (докторски студии)

Од воведувањето на процесот на самоевалуација континуирано позитивно е евалуиран од страна на студентите на прв и втор циклус студии каде што ја изведува наставата како одговорен настанвик.

Активно го говори англискиот јазик.

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

По изборот во наставно-научното звање вонреден професор, **кандидатот д-р Александар Климовски ги вршел следниве активности**:

### Настава во школи и работилници

1. Примена на ИТ иновации во јавниот сектор за подобрување на услугите за малите и средните претпријатија "Европскиот ден на претприемачот", Konrad Adenauer Stiftung и European Business Organizations Worldwide Network, 29.10.2014.

### Позитивно рецензиран универзитетски учебник

1. Корпоративно управување, Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје, 2014. ISBN 978-608-4655-43-5

### Одржување на настава од прв циклус на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје

1. Право на друштвата (академска 2013/2014)

2. Право на друштвата (академска 2014/2015)

3. Право на друштвата (академска 2015/2016)

4. Право на друштвата (академска 2016/2017)

5. Право на друштвата (академска 2017/2018)

### Одржување на настава од втор циклус на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје

1. Корпоративно управување (мастер по деловно право, академска 2013/2014)

2. Корпоративно управување (мастер по деловно право, академска 2014/2015)

3. Корпоративно управување (мастер по деловно право, академска 2015/2016)

4.Корпоративно управување (мастер по деловно право, академска 2016/2017)

5. Корпоративно управување (мастер по корпоративно право, академска 2014/2015)

6. Корпоративна етика (мастер по корпоративно право, академска 2014/2015)

7. Корпоративно право – применета програма (мастер по корпоративно право. академска 2014/2015

8. Право на информатичка технологија (мастер по право на интелектуална сопственост 2016/2017)

**Подготовка на нов предмет на Правниот факултет ,,Јустинијан Први"во Скопје**

1. Корпоративна управување (мастер по корпоративно право)

2. Корпоративна етика (мастер по корпоративно право)

3. Корпоративно право – применета програма (мастер по корпоративно право)

4. Корпорациите и локалниот и регионални развој (мастер по корпоративно право)

**Консултации со студенти на Правниот факултет ,,Јустинијан Први" во Скопје**

учебна 2013/2014

учебна 2014/2015

учебна 2015/2016

учебна 2016/2017

учебна 2017/2018.

**Член на комисија за оцена или одбрана на докторат:**

- 8 членства во комисија за оцена или одбрана на докторат

**Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура:**

- 37 членства во комисија за оцена или одбрана на магистратура.

## III. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

До изборот во наставно-научното звање вонреден професор, **кандидатот д-р Алекандар Климовски** ги вршел следниве активности:

**Ментор на докторска дисертација:**

- ментор на двајца кандидати на докторски студии

**Ментор на магистерска работа:**

- ментор на 58 кандидати на магистерски студии

**Учесник во национален научен проект:**

Мега-проект: Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија. 2013-2017.

**Учесник во меѓународни научни проекти:**

1. Меѓународен проект: Strengthening the Administrative Capacities for Implementation of the Legal Framework for Bankruptcy and Liquidation of Companies. The European Union's Instrument for Pre-Accession Assistance IPA, Institute Building Component. 2017.

2. Меѓународен проект: Facts About Macedonia. Konrad Adenauer Stiftung and Civic Institute for International Education - Dusseldorf. 2017.

**Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (и.ф.)**

1. Analysis of the Systems of Electronic Evidence For Broadcasted Copyrighted Works and Objects of Related Rights in Macedonia. Socioeconomica – The Scientific Journal for Thepriy and Practice of Socio-economic Development. 2016, 5(9). (коавтор)

**Труд со оригинални научни резултати објавен во стручно/научнопопуларно списание**

1. Влијанието на одредени околности врз валидноста на преносот на акции. Стручно списание "Правник". 2015. број 283.

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно попуарно спсание со меѓународен уредувачки одбор**

1. Identifying Corporate Culture: A Theoretical Perspective. Iustinianus Primus Law Review. 2014. No.9, Vol. 5. 2.7

2. The Relationship Between the Global Financial Crisis and Corporate Governance. Iustinianus Primus Law Review. No. 7, Vol. 4. 2013 (Summer Volume). 2.7

3. The Effects of Corporate Principels in the Work and Development of Units of Local-Self Government. Political Thought No. 48. 2014. 2.7

4. Historical and Contemporary Aspects of the Law of Games of Chance in Sport Context With Reference to Macedonian Law. 2017. Research in Kinesiology, Vol. 45/1. 1.8

5. Legal Analysis of Sports Betting Shops' Activites and the Use of Funds From the Sports Games of Chance in the Republic of Macedonian In Comparison to European Standards. 2017. Socioeconomica Vol. 45/1. 1.8

**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**

1. Privatization in the Former Yugoslav States: How Economic Inclusivity Brought Forward Social Inequality. Papers Presented at the ASN World Convention, Columbia University. 2015.

2. Lost in Integration: How a Disintegrated Europe is Undermining Inter-Ethnic Relations in Macedonia. Papers Presented at the ASN World Convention, Columbia University. 2014.

3. Дефинисање Менаџерских Услуга у Савременом Корпоративном Управљању. Услужни послови, Универзитет у Крагујевцу. 2014.

4. Relations Between the Institutes of Roman Law and Contemporary Business Law with Reference to Macedonian Legislation. Ius Romanum. 2017.

**Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**

1. Меѓународна конференција "Услужни послови", Универзитет у Крагујевцу. 2014.

2. The Second Annual International Balkan Conference for Roman Law and Roman Legal Tradition. University of Nis. 2017.

**Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**

1. Меѓународна конференција “ASN World Convention”, Columbia University, USA, 2014.

2. Меѓународна конференција “ASN World Convention”, Columbia University, USA, 2015.

## IV. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во последните 5 (пет) години, по изборот во наставно-научното звање вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“, кандидатот д-р Александар Климовски ги вршел следниве активности од стручно-апликативната дејност:

**Експертски активности:**

1. ангажиран експерт од ,,Идеа Лаб” ДООЕЛ;

2. ангажиран експерт од Сава Осигурување АД Скопје.

**Член на национална жири-комисија:**

1. Член на Одборот за доделување на државната награда ,,Гоце Делчев”. Одлука број 08-4334/1, од 13 октомври 2016 година.

**Член на комисија за изработка на закон**

1. Член на Комисија за изработка на текст на Предлог-закон за вработување на 100-те најдобри студенти на јавните универзитети.

**Член во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност:**

1. член во управен одбор на SEELS (South-Eastern European Law School) Центарот

**Член на Комисија за избор во звање:**

-член на Комисија за избор во звање на наставник на научната област трговско право на Правниот факултет при Универзитетот ,,Гоце Делчев” Билтен на Универзитетот ,,Гоце Делчев” 16-20/2017/191.

**Координатор на студиска програма**

1. раководител на мастер студиите по корпоративно право;

2. в.д. раковидител на последипломските студии по деловно право (стара програма).

**Учество во комисии и тела на државни и други органи**

1. член на Национална комисија за учебници (Министерство за образование и наука). Решение бр. 24-7521/1, од 7 јули, 2015 година.

2. член на Матична комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Факултетот за технолошки науки во состав на Универзитетот ,,Мајка Тереза" во Скопје. Службен весник 98/2016

3. Член на Комисија за верификација на прашањата од првиот дел од испитот за директор и прашањата и практичните примери од вториот дел од испитот. Академија за судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев". 2015 година.

**Уредник на зборник на трудови на високообразовна и научна институција:**

1. член на Уредувачкиот одбор на Зборникот во чест на проф. д-р Кики Мангова Поњавиќ, Правен факултет ,,Јустинијан Први",

2. член на Уредувачкиот одбор на Зборникот во чест на проф. д-р Јане Миљовски, Правен факултет ,,Јустинијан Први", 2016.

## VI. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област право на друштвата, во состав: проф. д-р Тито Беличанец, проф. д-р Горан Коевски, и проф. д-р Мирко Васиљевиќ, врз основа на увидот во поднесените документи кон пријавата, како и повеќегодишното следење на развојниот пат на кандидатот, дојде до следниве констатации:

**Прво,** кандидатот д-р Александар Климовски ги исполнува сите услови предвидени во Законот за високото образование и во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за избор во звањето редовен професор на научната област право на друштвата на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

**Второ,** по разгледувањето на целокупната доставена документација, Комисијата едногласно заклучи дека д-р Александар Климовски е посветен и одговорен наставно-научен работник што може да се заклучи како од извршувањето на бројните работни обврски на Факултетот, така и од неговиот целокупен општествен ангажман. Тој е вклучен

во настава по предметите од првиот, а особено на вториот циклус студии на насоките по деловно право, корпоративно право и право на интелектуална сопственост, кадешто свој придонес има и преку осмислување и создавање на нова мастер програма, вклучувајќи и креирање на препознатливи наставни програми на предметите во неа. Неговата наставна работа е секогаш одлично евалуирана од студентите на Факултетот, што е посебна негова вредност и квалитет.

**Трето,** Комисијата едногласно заклучи дека кандидатот е докажан и признат наставно-научен работник не само на Правниот факултет, туку и многу пошироко, имајќи ја предвид неговата научна архива на учества и одржани предавања на бројни конференции и семинари дома, но и во странство, што претставува додадена вредност во неговото научно портфолио. Комисијата ја оцени неговата научна работа и констатира дека се работи за вреден научен работник кој е автор и коавтор на бројни факултетски учебници, монографии, научни и стручни трудови објавени во земјата и во странство.

**Четврто,** учеството на д-р Александар Климовски во национални и меѓународни проекти, експертизи, подготовка на закони, обуки, семинари, конференции, работилници, школи и слично, чија бројка е вредна за почит, е уште еден сегмент од неговата научна кариера. Вклученоста на кандидатот во бројни активности од поширок општествен интерес, Комисијата ја вреднува како уште еден квалитет во неговата научна зрелост.

**Петто,** имајќи го предвид сето изнесено, Комисијата има чест и задоволство да го констатира досегашниот научен и стручен развој на кандидатот како гаранција дека кандидатот и натаму ќе продолжи квалитетно да ги извршува сите работни и други видови задачи и обврски со истиот научен и работен интензитет кој го има покажано и досега. Членовите на Комисијата се убедени дека кандидатот и во иднина ќе претставува битен дел на научноистражувачкиот, стручниот и педагошкиот потенцијал на Факултетот.

Имајќи ги предвид изнесените констатации, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **да го избере кандидатот д-р Александар Климовски во наставно-научното звање редовен професор на научната област право на друштвата.**

**Рецензентска комисија**

1. **Проф. д-р Тито Беличанец с.р.**
2. **Проф. д-р Горан Коевски с.р.**
3. **Проф. д-р Мирко Васиљевиќ с.р.**

***Анекс 2***

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Проф. д-р Александар Саво Климовски

**Институција:**
Правен факултет „Јустинијан Први” - Скопје

**Научна област:**
***ПРАВО НА ДРУШТВАТА***

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (наставно-образовна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава од прв циклус<br><br>1. Право на друштвата (академска 2013/2014)<br><br>**4 часа неделно x 15 недели x 0.04 = 2.4**<br><br>2. Право на друштвата (академска 2014/2015)<br><br>**4 часа неделно x 15 недели x 0.04 = 2.4**<br><br>3. Право на друштвата (академска 2015/2016)<br><br>**4 часа неделно x 15 недели x 0.04 = 2.4**<br><br>4. Право на друштвата (академска 2016/2017)<br><br>**4 часа неделно x 15 недели x 0.04 = 2.4**<br><br>5. Право на друштвата (академска 2017/2018) | 12 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | **4 часа неделно x 15 недели x 0.04 = 2.4** | |
| 2. | Одржување на настава од втор циклус<br><br>1. Корпоративно управување (mастер по деловно право, академска 2013/2014)<br><br>**3.5 часа неделно x 15 недели x 0.05 = 2.625**<br><br>2. Корпоративно управување (мастер по деловно право, академска 2014/2015)<br><br>**3.5 часа неделно x 15 недели x 0.05 = 2.625**<br><br>3. Корпоративно управување (мастер по деловно право, академска 2015/2016)<br><br>**3.5 часа неделно x 15 недели x 0.05 = 2.625**<br><br>4. Корпоративно управување (мастер по деловно право, академска 2016/2017)<br><br>**3.5 часа неделно x 15 недели x 0.05 = 2.625**<br><br>6. Корпоративно управување (мастер по корпоративно право, академска 2014/2015) | 18.85 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | **4 часа неделно x 15 недели x 0.05 = 3**<br><br>7. Корпоративна етика (мастер по корпоративно право, академска 2014/2015)<br><br>**3.5 часа неделно x 15 недели x 0.05 = 2.625**<br><br>8. Корпоративно право – применета програма (мастер по корпоративно право, академска 2014/2015<br><br>**2 часа неделно x 15 недели x 0.05 = 1.5**<br><br>9. Право и информатичка технологија (мастер по право, на интелектуална сопственост)<br><br>**1,5 часа неделно x 15 недели x 0.05 = 1.1** | |
| 3. | **Настава во школи и работилници**<br><br>1. *Примена на ИТ иновации во јавниот сектор за подобрување на услугите за малите и средните претпријатија. Европскиот ден на претприемачот.* Konrad Adenauer Stiftung и European Business Organizations Worldwide Network, 29.10.2014 | 1 |
| 4. | **Подготовка на нов предмет**<br><br>1. Корпоративна управување (мастер по корпоративно право) | 4 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | 2. Корпоративна етика (мастер по корпоративно право)<br><br>3. Корпоративно право – применета програма (мастер по корпоративно право)<br><br>4. Корпорациите и локалниот и регионални развој (мастер по корпоративно право) | |
| 5. | **Консултации со студенти**<br><br>учебна 2013/2014 160 x 0,002=0.32<br><br>учебна 2014/2015 190 x 0,002=0.38<br><br>учебна 2015/2016 160 x 0,002=0.32<br><br>учебна 2016/2017 140 x 0,002=0.28<br><br>учебна 2017/2018 140 x 0,002=0.28 | 1.58 |
| 6. | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат**<br><br>8 x 0.5 = 4 | 4 |
| 7. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура**<br><br>37 x 0.3 = 11.1 | 11.1 |
| 8. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник**<br><br>1. *Корпоративно управување*. Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје. 2014. ISBN 978-608-4655-43-5 | 6 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 58.53 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на докторска дисертација**<br>Ментор на двајца кандидати на докторски студии | 6 |
| 2. | **Ментор на магистерска работа**<br>58 x 1 = 58 | 58 |
| 3. | **Учесник во национален научен проект:**<br>Мега-проект: *Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија*. 2013-2017 | 3 |
| 4. | **Учесник во меѓународни научни проекти**<br>1. **Меѓународен проект:** *Strengthening the Administrative Capacities for Implementation of the Legal Framework for Bankruptcy and Liquidation of Companies*. The European Union's Instrument for Pre-Accession Assistance IPA, Institute Building Component. 2017. | 10 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | 2. **Меѓународен проект:** *Facts About Macedonia*. Konrad Adenauer Stiftung and Civic Institute for International Education - Dusseldorf. 2017. | |
| 5. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (и.ф.)**<br><br>1. *Analysis of the Systems of Electronic Evidence For Broadcasted Copyrighted Works and Objects of Related Rights in Macedonia*. Socioeconomica – The Scientific Journal for Thepriy and Practice of Socio-economic Development. 2016, 5(9). (Ко-автор) | 3.6 |
| 6. | **Труд со оргининални научни резултати објавен во стручно/научно-популарно списание**<br><br>1. *Влијанието на одредени околности врз валидноста на преносот на акции*. Стручно списание "Правник". 2015. број 283. | 1.6 |
| 7. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно-попуарно спсание со меѓународен уредувачки одбор**<br><br>1. *Identifying Corporate Culture: A Theoretical Perspective*. Iustinianus Primus Law Review. 2014. No.9, Vol. 5. 2.7<br><br>*2. The Relationship Between the Global Financial Crisis and Corporate Governance*. Iustinianus Primus Law Review. No. 7, Vol. 4. 2013 (Summer Volume). 2.7<br><br>*3. The Effects of Corporate Principels in the Work and Development of Units of Local-Self Government*. Political Thought No. 48. 2014. 2.7<br><br>*4. Historical and Contemporary Aspects of the Law of Games of Chance in Sport Context With Reference to Macedonian Law*. 2017. Research in Kinesiology, Vol. 45/1. 1.8<br><br>*5. Legal Analysis of Sports Betting Shops' Activites and the Use of Funds From the Sports Games of Chance in the Republic of Macedonian In Comparison to European Standards*. 2017. Socioeconomica Vol. 45/1. 1.8 | 11.7 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| 8. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**<br><br>1. *Privatization in the Former Yugoslav States: How Economic Inclusivity Brought Forward Social Inequality*. Papers Presented at the ASN World Convention, Columbia University. 2015. 2.7<br><br>2. *Lost in Integration: How a Disintegrated Europe is Undermining Inter-Ethnic Relations in Macedonia.* Papers Presented at the ASN World Convention, Columbia University. 2014. 2.7<br><br>3. *Дефинисање Менаџерских Услуга у Савременом Корпоративном Управљању*. Услужни послови, Универзитет у Крагујевцу. 2014. 2.7<br><br>4. *Relations Between the Institutes of Roman Law and Contemporary Business Law with Reference to Macedonian Legislation*. Ius Romanum. 2017. 2.7 | 10.8 |
| 9. | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br><br>1. Меѓународна конференција "Услужни послови", Универзитет у Крагујевцу. 2014.<br><br>3. The Second Annual International Balkan Conference for Roman Law and Roman Legal Tradition. University of Nis. 2017. | 4 |
| 10. | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | 1. Меѓународна конференција “ASN World Convention”, Columbia University. 2014.<br>2. Меѓународна конференција “ASN World Convention”, Columbia University. 2015. | |
| | | |
| | **Вкупно** | 110.7 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма**<br>1. Подготовка на елаборат за мастер студии по корпоративно право | 1 |
| 2. | **Експертски активности:**<br>1. Ангажиран експерт од ,,Идеа Лаб” ДООЕЛ<br>2. Ангажиран експерт од Сава Осигурување АД Скопје | 2 |
| 3. | **Член на национална жири-комисија**<br>1. Член на Одборот за доделување на државната награда ,,Гоце Делчев”. Одлука број 08-4334/1, од 13 октомври 2016 година. | 1 |
| 4. | **Подготовка на национални документи (стратегии, закони)**<br>1. Член на Комисија за изработка на текст на Предлог-закон за вработување на 100-те најдобри студенти на јавните универзитети | 2 |
| 5. | **Член во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност** | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | Член во управен одбор на SEELS (South-Eastern European Law School) Центарот | |
| 6. | **Член на Комисија за избор во звање**<br><br>Член на Комисија за избор во звање на наставник на научната област трговско право на Правниот факултет при Универзитетот ,,Гоце Делчев". Билтен на Универзитетот ,,Гоце Делчев" 16-20/2017/191. | 0,2 |
| 7. | **Координатор на студиска програма**<br><br>1. Раководител на мастер студиите по корпоративно право<br><br>2. В.д. раководител на постдипломските студии по деловно право (стара програма) | 2 |
| 9. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи**<br><br>1. Член на Национална комисија за учебници (Министерство за образование и наука). Решение бр. 24-7521/1, од 7 јули 2015 година.<br><br>2. Член на Матична комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Факултетот за технолошки науки во состав на Универзитетот ,,Мајка Тереза" во Скопје. Службен весник 98/2016<br><br>3. Член на Комисија за верификација на прашањата од првиот дел од испитот за директор и прашањата и практичните примери од вториот дел од испитот. Академија за судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев". 2015 година. | 3 |
| 10. | **Уредник на зборник на трудови на високообразовна и научна институција**<br><br>1. Член на Уредувачкиот одбор на Зборникот во чест на проф. д-р Кики Мангова Поњавиќ, Правен факултет ,,Јустинијан Први".<br><br>2. Член на Уредувачкиот одбор на Зборникот во чест на проф. д-р Јане Миљовски, Правен факултет ,,Јустинијан Први", 2016. | 4 |
| | **Вкупно** | 17.02 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 58,53 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 110,7 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 17,02 |
| **Вкупно** | 186,25 |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. **Проф. д-р Тито Беличанец с.р.**
2. **Проф. д-р Горан Коевски с.р.**
3. **Проф. д-р Мирко Васиљевиќ с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „ПРАВНИ ДЕЛА“
# ОД АВТОРИТЕ Д-Р РОДНА ЖИВКОВСКА И Д-Р ТИНА ПРЖЕСКА

Со Одлука на Наставно–научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (бр. 02-315/8 од 2.3.2018), избран сум за рецензент на текстот – монографија со наслов „ПРАВНИ ДЕЛА“ од авторките д-р Родна Живковска, редовен професор на научната област граѓанско материјално право и д-р Тина Пржеска, вонреден професор на научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Откога внимателно и со задоволство го прочитав текстот на Монографијата, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го доставувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Во монографијата авторките го анализираат правното дело како институт на општиот дел на граѓанското право. Материјата е поделена на 11 точки, и тоа: *Поимот правно дело* (т.1); *Услови за настанување на правното дело* (т.2); *Предмет на правното дело* (т.3); *Правен основ* (*кауза) на правното дело* (т. 4); *Елементи на правното дело* (т. 5); *Форма на правните дела* (т. 6); *Видови правни дела* (т. 7); *Модификации на правните дела* (т.8); *Обезбедување на правните дела* (т. 9); *Толкување на правните дела* (т.10) и *Неважност на правните дела* (т. 11).

Во првата точка – *Поимот правно дело,* авторките го дефинираат правното дело како изјава на волја насочена кон создавање, промена или престанување на граѓанскоправните односи, што е во согласност со современите гледишта на правната наука. Авторките во овој дел од монографијата исто така со право забележуваат дека македонското законодавство не е конзистентно во употребата на овој правен поим, односно во некои правни прописи законодавецот му придава пошироко, а во некои потесно значење.

Во втората точка – *Услови за настанување,* се анализираат изјавата на волја како основен услов за настанување на правното дело и другите (дополнителни) услови кои треба да се исполнат за правното дело да биде полноважно. Став на авторките е дека изјавата на волја е суштински елемент на правното дело, па затоа во втората точка од трудот посебно внимание посветуваат на анализа на карактеристиките на правно релевантната волја и начините на нејзино изјавување.

Третата точка – *Предмет на правното дело,* опфаќа анализа на обележјата што го прават предметот на правното дело полноважен – возможноста, дозволеноста и определеноста, односно определивоста. Авторките ги имаат претставено трите обележја на полноважниот предмет на правното дело на мошне концизен начин со давање соодветни практични примери.

Во четвртата точка - *Правен основ* (*кауза) на правното дело,* авторките го претставуваат основот (каузата) како услов за полноважност на правното дело. Притоа, тие се осврнуваат како на класичните, така и на модерните концепции за основот (каузата). Став на авторките е дека основот на правното тело е објективно детерминиран и се огледа во правната цел што страните сакаат да ја постигнат со склучување на правното дело.

Петтата точка - *Елементи на правното дело*, опфаќа анализа на битните, случајните и природните елементи на правното дело.

Во шестата точка - *Форма на правните дела*, авторките го акцентираат значењето на формата на правното дело. Притоа, посебно ги анализираат видовите форми и ги истакнуваат функциите на формата на правните дела.

Седмата точка - *Видови правни дела,* се состои од анализа на видовите класификации на правните дела и нивното значење. Авторките ги имаат претставено сите значајни класификации на правните дела познати во цивилната доктрина. Она што посебно го збогатува текстот е тоа што авторките на приемчив начин успеале да го покажат и практичното значење на овие класификации.

Во осмата точка - *Модификации на правните дела,* авторките ги претставуваат дозволените модификации на правните дела (условот, рокот и налогот) и притоа го анализираат нивното правно дејство.

Во деветтата точка - *Обезбедување на правните дела,* се анализирани стварноправните и личните средства за обезбедување на правните дела, т.е. за обезбедување на побарувањата кои произлегуваат од правните дела.

Во десеттата точка - *Толкување на правните дела,* авторките ги анализираат методите на толкување на правните дела – објективниот и субјективниот. Притоа, се залагаат за нивна комбинирана примена, затоа што сметаат дека на тој начин се надминуваат негативните ефекти од исклучива примена само на еден метод.

Во единаесеттата точка - *Неважност на правните дела,* се анализираат три видови на неважност на правните дела – непостојни (нецелосни), апсолутно ништовни и релативно ништовни (рушливи) правни дела. Авторките на мошне јасен начин ги претставиле причините за неважност на правните дела (за секој вид неважечки правни дела посебно), како и правните последици од неважноста на правните дела.

Монографијата ПРАВНИ ДЕЛА содржински го дополнува учебникот ОПШТ ДЕЛ НА ГРАЃАНСКОТО ПРАВО од 2011 година на д-р Родна Живковска. При изработката на монографијата е користена современа правна литература (домашна и странска). Текстот на монографијата е јасен и богат во содржина. Авторките своето истражување на предметната материја не го ограничиле во рамките на позитивното право на Република Македонија, туку опфатиле и повеќе законици од земји членки на Европската Унија (Германија, Швајцарија, Франција, Италија и Шпанија), како и позитивното право на земјите од соседството (Република Србија, Република Хрватска и Република Црна Гора).

Текстот на монографијата има несомнена научна вредност и е значен научен придонес во областа на граѓанското право. Покрај научното, монографијата има и практично значење, затоа што авторките избрале материјата да ја претстават преку практични примери и анализа на примената на граѓанскоправната регулатива во правниот живот.

.

**Врз основа на анализата и оцената дадени во оваа Рецензија, со задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје монографијата „ПРАВНИ ДЕЛА“ да ја прифати како задолжителна литература по предметот општ дел на граѓанското право. Монографијата, исто така,**

**сакам да им ја препорачам на сите правници чија професионална окупација е граѓанското право.**

Рецензент

Д-р Арсен Јаневски, редовен професор
на Правниот факултет „Јустинијан
Први“ во Скопје, во пензија, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „ПРАВНИ ДЕЛА“
# ОД АВТОРИТЕ Д-Р РОДНА ЖИВКОВСКА И Д-Р ТИНА ПРЖЕСКА

Со Одлука на Наставно–научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (бр. 02-315/8 од 2.3.2018), избран сум за рецензент на текстот – монографија со наслов ПРАВНИ ДЕЛА од авторките д-р Родна Живковска, редовен професор на научната област граѓанско материјално право и д-р Тина Пржеска, вонреден професор на научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Откако со особено задоволство го прочитав текстот на монографијата, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го доставувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Во оваа монографија авторките ги анализираат правните дела кои се една од најсложените правни категории од областа на граѓанското право. Темата е актуелна и за поздравување е напорот таа да биде обработена во научен текст.

Монографијата ПРАВНИ ДЕЛА содржи единаесет точки: 1. *Поимот правно дело*; 2. *Услови за настанување на правното дело*; 3. *Предмет на правното дело*; 4. *Правен основ (кауза) на правното дело*; 5. *Елементи на правното дело*; 6. *Форма на правните дела*; 7. *Видови правни дела*; 8. *Модификации на правните дела*; 9. *Обезбедување на правните дела*; 10. *Толкување на правните дела* и 11. *Неважност на правните дела*.

1. Авторките во првата точка го определуваат поимот на правното дело за кое истакнуваат дека во својата суштина претставува изјава на волја која доведува до настанување, промена или престанување на граѓанско- правните односи. Покрај научното определување на поимот правно дело, авторките исто така навлегуваат во анализа на македонското граѓанско право и заклучуваат дека граѓанските прописи на овој поим му даваат различни значења, што според нивното мислење не е оправдано.

2. Во втората точка, авторките ги претставуваат условите за настанување на полноважно правното дело. Според авторките, постои општ и суштински услов за настанок на правното дело, а тоа е изјавата на волја. Покрај општиот услов, авторките подвлекуваат дека постојат и дополнителни услови кои исто така мора да се исполнат за правното дело да стане полноважно.

3. Во третата точка е анализиран предметот на правното дело. Во однос на предметот, авторките заклучуваат дека само оној предмет кој е возможен, дозволен и определен или определив може да биде дел од полноважно правно дело.

4. Во четвртата точка, авторките го анализираат т.н. „основот“ на правното дело. Притоа, тие заклучуваат дека основот (исто како и предметот) е услов за правното дело да биде полноважно.

5. Авторките во петтата точка ги имаат претставено елементите на правното дело – битните, природните и случајните.

6. Во шестата точка, авторките зборуваат за формата на правните дела, ги анализираат видовите форми и укажуваат на значењето на формата на правните дела во правниот промет.

7. Авторките во седмата точка ги претставуваат класификациите на правните дела. Обработени се сите позначајни класификации на правните дела, а преку примери е покажано и какво е нивното значење во правото и прометот.

8. Во осмата точка се анализираат модификациите на правните дела, односно условот, рокот и налогот. Авторките мошне пластично преку примери и коментари ги претставуваат овие модификации, како и правно дејство што тие го имаат врз правното дело.

9. Деветтата точка содржи анализа на средствата за обезбедување на правните дела. Овие средства авторките ги делат на стварноправни и лични во зависност на тоа во што се состои предметот на обезбедувањето.

10. Во десеттата точка, авторките зборуваат за методите на толкување на правните дела. Според авторките, при толкувањето на правните дела може да се користи објективен или субјективен метод. Притоа укажуваат дека Законот за облигационите односи пропишува комбинирана примена на двата метода, што според нивно мислење е сосема оправдано.

11. Во единаесеттата точка се анализира прашањето за неважност на правните дела, што е од особено значење за судската практика. Авторките неважечките правни дела ги делат на три вида: непостојни (нецелосни), апсолутно ништовни и релативно ништовни (рушливи) правни дела. Начинот на кој авторките ја претставиле материјата во оваа точка има големо практично значење, затоа што јасно е покажано кои се причините за апсолутна ништовност, а кои се причините за релативната ништовност на правните дела, прашање кое често е предмет на дилеми во правниот живот. Исто така, авторките јасно ги определиле и правните последици од поништувањето на правните дела.

Монографијата ПРАВНИ ДЕЛА научно и систематизирано ги обработува сите значајни прашања поврзани со правните дела како граѓанско– правна категорија. Стилот и јазикот на кој е пишувана оваа монографија ја прави достапна, не само за правниците како професионалци, туку и за пошироката јавност. Авторките користеле обемна литература, која покрај релевантни учебници опфаќа и правни извори од македонското и споредбеното право. На тој начин му овозможиле на читателот да се запознае како со македонското, така и со правото на повеќе различни земји од Европската Унија и од соседството.

По својата природа, монографијата претставува значајно научно правно дело чиј придонес во областа на граѓанското право е за обележување.

По својата содржина и начинот на кој е пишувана, монографијата исто така може да се користи за едукација на студентите по право. Таа претставува дополнение на веќе издадениот учебник - ОПШТ ДЕЛ НА ГРАЃАНСКОТО ПРАВО на д-р Родна Живковска.

**Врз основа на изложеното, со задоволство давам предлог до Наставно- научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, монографијата ПРАВНИ ДЕЛА да ја прифати како задолжителна литература по предметот општ дел на граѓанското право. Воедно, монографијата им ја препорачам на сите свои колеги во судот, нотаријатот, адвокатурата и извршувањето, како и на пошироката јавност.**

Рецензент
Николчо Николовски,
судија во Врховниот суд на Република Македонија, с.р.

ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на
Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
Наставно-научен совет – 30.03.2018

| Кандидат | Тема на македонски јазик | Тема на англиски јазик | Комисија | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|---|
| м-р Марко Кртолица | Транзиционата правда и нејзината примена во соочувањето со комунистичкото минато во Европа | Transitional Justice and Its Application in Confronting Communist Past in Europe | 1. проф. д-р Гордана Силјановска Давкова (ментор),<br>2. проф. д-р Марика Ристовска и<br>3. проф. д-р Тања Каракамишева Јовановска | 02.03.2018 | 02-315/79 |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од 30-03-2018**

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** | **Датум** | **Одлука број** |
|---|---|---|---|---|
| Катерина Какашева | Надворешната политика на Сојузна Република Германија кон Република Македонија (The German foreign policy towards the Republic of Macedonia) | доц.д-р Јулија Брсакоска Базеркоска | 30.03.2018 | 02-471/101 |
| Елена Стојанова | Заштитата од дискриминација и Европската Конвенција за човекови права (Protection from Discrimination and the European Convention on Human Rights) | проф. д-р Елена Михајлова Стратилати | 30.03.2018 | 02-471/102 |
| Маја Донеска | Правото на правично и јавно судење, граѓанските права и практиката на Судот во Стразбур (The Right to a Just and Fair Trial, Civil Rights and the Case Law of the Strasbourg Court) | проф.д-р Татјана Петрушевска | 30.03.2018 | 02-471/103 |
| Агнеса Абдулаи | Специфики на корпоративното управување на акционерските друштва чија што дејност е уредена со посебен закон (The specifics of corporate governance in joint-stock companies whose activity is regulated with special laws) | проф. д-р Александар Климовски | 30.03.2018 | 02-471/104 |
| Кристина Атанасовска | Развој на буџетското право: современи концепции за буџетот како договор помеѓу државата и граѓаните (Conteporary Concepts of the Budgetary Law and a Contract betwween the State and its Citizens) | проф. д-р Александра Максимовска | 30.03.2018 | 02-471/105 |
| Катерина Христова | Банките и нивното место, улога и значење во финансискиот систем на Република Македонија (The Banks in Macedonia and thier role and Functions in the Financial System) | проф. д-р Јован Зафироски | 30.03.2018 | 02-471/106 |
| Метин Сали | Јавно приватно партнерство во Република Македонија (Public Private Partnership in the Republic of Macedonia) | проф. д-р Ванчо Узунов | 30.03.2018 | 02-471/107 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Филип Коровешовски | Осигурување на моторни возила (Motor Vehicle Insurance) | проф. д-р Ванчо Узунов | 30.03.2018 | 02-471/108 |
| Игор Михајловски | Споредбена анализа на индиректните даноци во Република Македонија (Comparative Analysis of Indirect Taxes in the Republic of Macedonia) | проф. д-р Ванчо Узунов | 30.03.2018 | 02-471/109 |
| Моника Михајлоска | Видови банки (Types of Banks) | проф. д-р Ванчо Узунов | 30.03.2018 | 02-471/110 |
| Верица Здравковска | Дискриминација на жените во работен однос од родов аспект (Discrimination Against Women in the Employment Relationship from a Gender Aspect) | проф.д-р Тодор Каламатиев | 30.03.2018 | 02-471/111 |
| Елена Христов-Николова | The valuation of intellectual property rights and their collateral potential (Вреднувањето на правата од интелектуална сопственост и нивниот хипотекарен потенцијал) | проф.д-р Александар Стојков | 30.03.2018 | 02-471/112 |
| Лоренс Јусуф | Регистрација на трговските марки во праксата на Државниот завод за индустриска сопственост-правни и економски аспекти (Registration of trademarks in the practice of the State Office of Industrial Property - legal and economic aspects) | проф.д-р Александар Стојков | 30.03.2018 | 02-471/113 |
| Марија Андонова | Правни и економски импликации на патентната трка (Legal and Economic Implications of the Patent Race) | проф.д-р Александар Стојков | 30.03.2018 | 02-471/114 |
| Марија Ристова | Правата од интелектуална сопственост и блокчеин технологијата: предизвици и перспективи (Intellectual Property Rights and Blockchain Technology: Challenges and Perspectives) | проф.д-р Александар Стојков | 30.03.2018 | 02-471/115 |
| Анила Ејупи | Царинската заштита и злоупотребата на правата на трговските марки (Customs protection and abuse of trademark rights) | проф.д-р Александар Стојков | 30.03.2018 | 02-471/16 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Никола Нефтенов | The interplay between patents, economics and Artificial Intelligence (AI) (Интеракција помеѓу патентите, економијата и вештачката интелигенција (ВИ) | проф.д-р Александар Стојков | 30.03.2018 | 02-471/117 |
| Жаклина Делева | Well known trademarks (the approach of the international conventions and agreements) (Добро познати трговски марки (пристапот на меѓународните конвенции и договори) | проф.д-р Гоце Наумовски | 30.03.2018 | 02-471/118 |
| Иван Трајковски | Обврски на посредникот во домашното право и во правните системи во земјите во регионот (Obligations of the Intermediary in the Domestic Law and the Legal Systems in the Region) | проф. д-р Ненад Гавриловиќ | 30.03.2018 | 02-471/119 |
| Дарко Пројкоски | Граѓанскоправна заштита на авторското право и сродните права во правото на Република Македонија и во судската практика (Civil Law Protection of Copyright and Related Rights in the Law of the Republic of Macedonia and in the Judicial Practice) | проф.д-р Татјана Зороска Камиловска | 30.03.2018 | 02-471/120 |
| Игор Мирковски | Лични доказни средства во парничната постапка (Personal Evidence in the Litigation Procedure) | доц.д-р Милка Ракочевиќ | 30.03.2018 | 02-471/121 |
| Софија Костовска | Наследните права на децата родени со постхумна репродукција (Hereditary Rights of Children Born with Posthumous Reproduction) | проф.д-р Дејан Мицковиќ | 30.03.2018 | 02-471/122 |
| Андреа Галовска | Механизми за заштита на жртвите од семејно насилство во македонското и споредбеното право (Mechanisms for Protection of the Domestic Violence Victims in the Macedonian and Comparative Law) | проф.д-р Дејан Мицковиќ | 30.03.2018 | 02-471/123 |
| Митана Стевковска | Потреба од реформи во уредувањето на семејното насилство во Република Македонија (Need for Reforms in the Regulation of the Domestic Violence in the Macedonian Legislation) | проф.д-р Ангел Ристов | 30.03.2018 | 02-471/124 |
| Стефанија Фодор | Усогласеност на договорот за доживотна издршка со принципите на семејното и наследното право (Compliance of maintenance | доц. д-р Елена Игновска | 30.03.2018 | 02-471/125 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Agreement with the Principles of the Family and Inheritance Law) | | | |
| Андрејана Крстовска | Правниот режим на земјоделското земјиште како вид на недвижна ствар (The Legal Regime of the Agricultural Land as a Immovable Thing) | проф.д-р Родна Живковска | 30.03.2018 | 02-471/126 |
| Ангела Галевска | Издршка помеѓу сопружниците по престанок на бракот (Maintenance Between Former Spouses) | проф.д-р Ангел Ристов | 30.03.2018 | 02-471/127 |
| Матеа Вучидолова | Реформи во тестаменталното наследување (Reforms in the Testamentary Inheritance) | проф.д-р Ангел Ристов | 30.03.2018 | 02-471/128 |
| Стефан Томовски | Застапување на физичките лица во граѓанското право (Representation of the Individuals in the Civil Law) | проф. д-р Тина Пржеска | 30.03.2018 | 02-471/129 |
| Ирена Костадинова Ангелова | Процесноправни аспекти на установите одземање на родителското право и продолжување на родителското право по полнолетството (Procedural Aspects of Institutions Deprivation of Parental Rights and Extension of Parental Rights after Adulthood) | проф. д-р Татјана Зороска Камиловска | 30.03.2018 | 02-471/130 |
| Ангела Максимовска | Промените во регулирањето на вонбрачната заедница во македонското законодавство (Changes in the Regulation of the Nonmarital Community in the Macedonian Legislation) | проф.д-р Дејан Мицковиќ | 30.03.2018 | 02-471/131 |
| Жаклина Чолеска | Функционална децентрализација во областа на Социјалната заштита и урбанизмот – со посебен осврт на општина Струга (Functional Decentralization of Social Care and Urban Planning – focus on the Municipality Struga) | проф. д-р Ивана Шумановска Спасовска | 30.03.2018 | 02-471/132 |
| Владимир Георгиев | Правниот статус и значењето на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија (Legal Status and Role of the State Commission for Corruption Prevention) | проф. д-р Борче Давитковски | 30.03.2018 | 02-471/133 |
| Љупчо Николовски | Правниот статус и надлежностите на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој (Legal | проф. д-р Ивана | 30.03.2018 | 02-471/134 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Status and Competencies of the Agency for Support of Agriculture and Rural Development) | Шумановска Спасовска | | |
| Кристина Ѓоргиева | Положбата на законодавната власт во системот на поделба на власта во Република Македонија (The Position of the Legislative Power in the System of the Organization of the State Powers in the Republic of Macedonia) | проф. д-р Марика Ристовска | 30.03.2018 | 02-471/135 |
| Антонио Србиновски | Изборните модели во земјите на Источна и Југоисточна Европа (The Electoral Systems in the Countries of Eastern and Southeastern Europe) | проф. д-р Марика Ристовска | 30.03.2018 | 02-471/136 |
| Александар Стојменов | Изборната кампања во парламентарните избори во 2016 година во Република Македонија (The Electoral Campaign in Parliamentary Elections in 2016 in Republic of Macedonia) | проф. д-р Марика Ристовска | 30.03.2018 | 02-471/137 |
| Богомил Темелковски | Правните аспекти на информациско-комуникациската технологија и заштитата на приватноста во Европската унија и во Република Македонија (Legal Aspects od Information and Communication Technology and privacy protection in the European Union) | проф. д-р Гоце Наумовски | 30.03.2018 | 02-471/138 |
| Нина Маџовска | Современи тенденции во сузбивање на наркокриминалот (Contemporary Trends in Fight Aginast Drug Crime) | проф. д-р Никола Тупанчески | 30.03.2018 | 02-471/139 |
| Тијана Ангова | Медицинско-фармаколошкото лекување и Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (Medico-Pharmacological Treatment and the ECHR) | проф. д-р Никола Тупанчески | 30.03.2018 | 02-471/140 |
| Тамара Петровска | Сузбивање на организираниот криминал во Република Македонија – практични аспекти (Fight Against the Organized Crime in Republic of Macedonia – Practical Aspects) | проф. д-р Никола Тупанчески | 30.03.2018 | 02-471/141 |
| Емилија Велковска | Антикорупциските тела во сузбивање на организираниот криминал (Anti-Corruption Bodies in the Fight Against Organized Crime) | проф. д-р Никола Тупанчески | 30.03.2018 | 02-471/142 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стефан Георгиев | Превенција и сузбивање на корупцијата во Република Македонија (Prevention and Fight Against Corruption in Republic of Macedonia) | проф. д-р Гордана Лажетиќ | 30.03.2018 | 02-471/143 |
| Дане Тасевски | Трговија со луѓе и деца (Trafficking in Human Beings and Children) | проф. д-р Гордана Лажетиќ | 30.03.2018 | 02-471/144 |
| Давор Матраковски | Криминолошки аспекти на кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело како облик на организиран криминал (Criminological Aspects of the Money Laundering and other Proceeds of Crime as a Type of Organized Crime) | проф. д-р Александра Груевска Дракулевски | 30.03.2018 | 02-471/145 |
| Бојан Милошевски | Меѓународни стандарди за здравствена заштита на затвореници и притворени лица (International Standards for Imprisoned and Deatined Persons' Health Care) | проф. д-р Александра Груевска Дракулевски | 30.03.2018 | 02-471/146 |
| Гордана Костенова | Спречување и превенирање на семејното насилство врз жената во Република Македонија (Prevention and Fight Against Domestic Violence Against Women in Republic of Macedonia) | проф. д-р Александра Груевска Дракулевски | 30.03.2018 | 02-471/147 |
| Сара Младеновска | Криминолошки аспекти на семејното насилство врз децата (Criminological Aspects of Domestic Violence Against Children) | проф. д-р Александра Груевска Дракулевски | 30.03.2018 | 02-471/148 |
| Драгана Илиевска | Третман на жени затворенички во КПД Идризово (Female Prisoners' Treatment in the Idrizovo Penitentiary Centre) | проф. д-р Александра Груевска Дракулевски | 30.03.2018 | 02-471/149 |
| Ива Митевска | Криминолошки аспекти на неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори (Criminological Aspects of the Illegal Production and Trade of Narcotics, Psychotropic Substances and Precursors) | проф. д-р Александра Груевска Дракулевски | 30.03.2018 | 02-471/150 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ивана Петковска | Криминолошки аспекти на сообраќајната деликвенција во Република Македонија (Criminological Aspects of the Traffic Violations in the Republic of Macedonia) | проф. д-р Александра Груевска Дракулевски | 30.03.2018 | 02-471/151 |
| Викторија Наќевска | Криминализација на производството и употребата на биолошко оружје во казнените законодавства (Incrimination of the Production and the Use of Biological Weapons within the Criminal Legislations) | проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова | 30.03.2018 | 02-471/152 |
| Анита Ајцев | Привилегираните убиства во македонското казнено законодавство со посебен осврт врз убиството од благородни побуди (Priviledged Murders in the Macedonial Criminal Law with Specific Aspect to the Murder of Nobile Motives) | проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова | 30.03.2018 | 02-471/153 |
| Елизабета Костоска | Казненоправниот одговор на современите правци на развој на концептите на евтаназија, евгеника и репрогенетика (Criminal Law Answer to the Modern Trends of the Development of the Concepts for Euthanasia, Eugenics and Repro-genetics) | проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова | 30.03.2018 | 02-471/154 |
| Ристе Вангелов | Анализа на состојбите во установите за сместување на деца во ризик и на деца сторители на кривични дела во Република Македонија (Analysis of the Conditions in the Institutions for Dealing with Children in Risk and Children Offenders in Republic of Macedonia) | проф. д-р Бобан Мисоски | 30.03.2018 | 02-471/155 |
| Емина Лиманоска | Примена на мерките за обезбедување присуство на лица во кривичната постапка низ практиката на Основен суд Охрид во периодот од 2014-та до 2017-та година (Implementation of the Measures for Providing Defendants' Presence Through the Practice of the Basic Court Ohrid in the Period of 2014-2017) | проф. д-р Бобан Мисоски | 30.03.2018 | 02-471/156 |
| Симона Дрогришки | Европските институции и нивната улога во сузбивање на економскиот криминал (European Institutions' Role in the Fight of the Economic Crimes) | проф. д-р Бобан Мисоски | 30.03.2018 | 02-471/157 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ангела Јанкоска | Извештајот на четвртата процена на МАНИВАЛ и неговите импликации врз законодавството на Република Македонија (The 4-th MONEYWALL's Evaluation Report's Impact to Republic of Macedonia) | проф. д-р Никола Тупанчески | 30.03.2018 | 02-471/158 |
| Андриана Јанковска | Казнено правни аспекти на попречувањето на правдата во компаративното право и во Република Македонија (Criminal Law Aspects of the Obstraction to Justice in the Comparative and into the Macedonian National Legislation) | проф. д-р Никола Тупанчески | 30.03.2018 | 02-471/159 |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) НЕОРГАНСКА ХЕМИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ХЕМИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28.12.2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) неорганска хемија, под број 10705 според Класификацијата на научни области, полиња и гранки на истражување, усогласена според стандардите на OECD и UNESCO, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2893/3, донесена на 2.3.2017, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Маргарета Пецовска-Ѓорѓевиќ, редовен професор на ПМФ - Скопје, д-р Валентин Мирчески, редовен професор на ПМФ - Скопје и д-р Слоботка Алексовска, редовен професор на ПМФ - Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) неорганска хемија, во предвидениот рок се пријави д-р Сандра Димитровска-Лазова, насловен доцент на Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Сандра Димитровска-Лазова е родена на 11.4.1977 година, во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Скопје, со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дипломирала на 15.5. 2001 година, со просечен успех 9,36.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2001/2002 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 2006 година, со просечен успех 10,00. На 9.6.2006 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Структурни корелации кај различни изоморфни серии од типот на перовскит“.

Докторска дисертација пријавила на 27.9.2007 година на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Синтеза и проучување на структурата и својствата на некои комплексни перовскити“ ја одбранила на 18. 9. 2012 година, пред Комисија во состав: д-р Даниела Ковачева, ред. проф. на БАН во Софија (Република Бугарија), д-р Валентин Мирчески ред. проф. на ПМФ, Скопје, д-р Владимир Петрушевски, ред. проф. на ПМФ, Скопје, д-р Игор Кузмановски, ред. проф. на ПМФ, Скопје и д-р Слоботка Алексовска, ред. проф. на ПМФ, Скопје. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област хемија.

На 5.7.2013 година е избрана во звањето насловен доцент на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје во областа на неорганската хемија.

Во моментот е насловен доцент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1055 од 31.5. 2013 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 809 од 2.9. 2002 година, бр 858 од 1. 10. 2004 година, бр. 905 од 16. 10. 2006 година, бр. 970 од 15. 9. 2009 година, бр. 1043 од 30. 11. 2012 и бр. 1055 од 31. 05. 2013 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор за доцент до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Институт за хемија при Природно-математичкиот факултет, кандидатката д-р Сандра Димитровска-Лазова изведува настава по предметите: Хемија на керамички материјали (на прв циклус студии на студиската програма Хемија); Еколошка биохемија (на прв циклус студии на студиската програма Хемија); Општа хемија (на прв циклус студии на студиската програма Молекуларна биологија); Паметни материјали (на втор циклус студии на студиската програма Хемија). Одржувала вежби по предметите на прв циклус студии: Општа хемија А ниво; Неорганска хемија А и Б ниво; Хемија на керамички материјали; Еколошка биохемија.

Кандидатката била ментор на 2 дипломски труда.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 7 дипломски и еден магистерски труд.

Кандидатката има подготвено 3 нови предмети за прв циклус студии по хемија и 1 за втор циклус студии по хемија.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Сандра Димитровска-Лазова има објавено вкупно 22 научни труда од областа на хемијата (од кои 6 по последниот избор во звањето насловен доцент), од кои 13 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание) (5 труда во извештајниот период), 7 труда во референтни научни/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор (1 труд во извештајниот период). Трудовите се наведени во Анекс 2, кој е составен дел на овој извештај.

Д-р Сандра Димитровска-Лазова учествувала како член во 7 научни проекти (од кои 2 во извештајниот период).

Кандидатката презентирала вкупно 35 труда на научни манифестации (17 по последниот избор за доцент).

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Сандра Димитровска-Лазова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за хемија при ПМФ во Скопје.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој на Бугарската академија на науките, Софија, Р Бугарија и едногодишен престој на Универзитетот на Нов Јужен Велс, Сидней, Австралија.

Кандидатката учествувала во работата на Комисијата за државни натпревари по хемија за ученици од основно и средно образование.

Кандидатката учествува во многубројни промотивни активности на Факултетот/институтот.

Во изборниот период , д-р Сандра Димитровска-Лазова учествувала во изготвување и пријавување на 3 научноистражувачки проекти.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Сандра Димитровска-Лазова доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Природно-математичкиот факултет за наставата по предметите кои ги реализира.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Сандра Димитровска-Лазова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Сандра Димитровска-Лазова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област неорганска хемија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Сандра Димитровска-Лазова да биде избрана во звањето **вонреден професор** во научната област неорганска хемија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Д-р Маргарета Пецовска-Ѓорѓевиќ, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**

**Д-р Валентин Мирчески, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**

**Д-р Слоботка Алексовска, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

## Кандидат:

Сандра Александар Димитровска-Лазова

(име, татково име и презиме)

**Институција:**

Природно-математички факултет, Институт за хемија

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:**

хемија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд)** | |
| | Општа хемија (А-ниво) (4+3+2), нумерички вежби, 2013/2014 | **0,3** |
| | Општа хемија (А-ниво) (4+3+2), нумерички вежби, 2014/2015 | **0,3** |
| | Општа хемија (А-ниво) (4+3+2), нумерички вежби, 2015/2016 | **0,3** |
| | Општа хемија (А-ниво) (4+3+2), нумерички вежби, 2016/2017 | **0,3** |
| | Општа хемија (А-ниво) (4+3+2), лабораториски вежби, 2013/2014 | **4,05** |
| | Општа хемија (А-ниво) (4+3+2), лабораториски вежби, 2014/2015 | **2,7** |

| | | |
|---|---|---|
| | Општа хемија (А-ниво) (4+3+2), лабораториски вежби, 2015/2016 | **2,7** |
| | Неорганска хемија (А-ниво) (4+3+2), лабораториски вежби, 2013/2014 | **1,35** |
| | Неорганска хемија (Б-ниво) (4+3+1), лабораториски вежби, 2012/2013 | **2,7** |
| | Неорганска хемија (Б-ниво) (4+3+1), лабораториски вежби, 2013/2014 | **2,7** |
| | Неорганска хемија (Б-ниво) (4+3+1), лабораториски вежби, 2014/2015 | **2,7** |
| | Неорганска хемија (Б-ниво) (4+3+1), лабораториски вежби, 2015/2016 | **2,7** |
| | Неорганска хемија (Б-ниво) (4+3+1) нумерички вежби, 2013/2014 | **0,45** |
| | Неорганска хемија (Б-ниво) (4+3+1), нумерички вежби, 2014/2015 | **0,45** |
| | Неорганска хемија (Б-ниво) (4+3+1), нумерички вежби, 2015/2016 | **0,45** |
| | Хемија на керамички материјали (2+2), лабораториски вежби, 2014/2015 | **0,9** |
| | Хемија на керамички материјали (2+2), лабораториски вежби, 2015/2016 | **0,9** |
| | Хемија на керамички материјали (2+2) лабораториски вежби 20146/2017 | **0,9** |
| | Еколошка биохемија, (2+2) 2013/2014 | **0,9** |
| | Еколошка биохемија, (2+2) 2014/2015 | **0,9** |
| | Еколошка биохемија, (2+2) 2015/2016 | **0,9** |
| | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | Хемија на керамички материјали | **3,6** |

| | | |
|---|---|---|
| | Еколошка биохемија | **3,6** |
| | Општа хемија (за студентите на молекуларна биологија) | **1,8** |
| | **Настава во школи и работилници** | |
| | Учесник во работилница | **1** |
| | **Подготовка на нов предмет** | |
| | Хемија на керамички материјали | **1** |
| | Еколошка биохемија | **1** |
| | Општа хемија (за студентите на молекуларна биологија) | **1** |
| | Паметни материјали | **1** |
| | **Консултации со студенти** | **0,2** |
| | **Ментор на дипломска работа** | **0,4** |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | **0,3** |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | **0,7** |
| | **Пакет материјали за одреден предмет** | **1** |
| | **Вкупно** | **46,15** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Учесник во меѓународен научен проект:** | |
| | "Структурна карактеризација и изучување на електрични и ката-литички својства на новосинтезирани комплексни перовскити" (1.1.2014 - 31.12. 2016) | **5** |
| | „Структурна карактеризација и изучување на електрични и каталитички својства на новосинтетизирани неоргански и | **5** |

| | | |
|---|---|---|
| | органско-неоргански комплексни перовскити“ (31.07.2017 - 20.6.2020) | |
| **2.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (со impact factor):** | |
| | M. Pecovska-Gjorgjevich, S. Aleksovska, M. Marinšek and S. Dimitrovska-Lazova, Impedance and AC Conductivity of $GdCr_{1-x}Co_xO_3$ ($x$ = 0, 0.33, 0.5, 0.67 and 1) Perovskites, *J. Am. Ceram. Soc.*, **97**(12), 3864–3871, (2014). | **6,39** |
| | S. Dimitrovska-Lazova, S. Aleksovska, P. Tzvetkov, V. Mirčeski, D. Kovacheva, Influence of Y-ion substitution on structural and electrochemical characteristics of $YCo_{0.5}Fe_{0.5}O_3$, *Bulg. Chem. Comm.*, **47**, 245–252, 2015. | **3,95** |
| | Slobotka Aleksovska, Sandra Dimitrovska-Lazova, Valentin Mirčeski, On The Electrocatalytic Properties of $YCo_{1-x}Fe_xO_3$ ($x$ = 0, 0.5 and 1) Perovskite Series, *Studia UBB Chemia*, LX, **3**, 53–62, 2015. | **4,95** |
| | S. Dimitrovska-Lazova, S. Aleksovska and P. Tzvetkov, Synthesis and crystal structure determination of $YCo_{1-x}Fe_xO_3$ ($x$ = 0, 0.33, 0.5, 0.67 and 1) perovskites, *J. Chem. Sci.*, **127**, 1173–1181, 2015. | **6,1** |
| | | |
| | M. Pecovska-Gjorgjevich, S. Aleksovska, S. Dimitrovska-Lazova, M. Marinšek, The role of Cr/Co substitution on dielectric properties of gadolinium orthochromite, *Phys. scripta*, **91**, 045805 (2016). | **4,79** |
| | | |
| **3.** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | M. Pecovska-Gjorgjevich, S. Dimitrovska-Lazova, S. Aleksovska, R. Popeski-Dimovski, Dielectric response and electric modulus of $Y_2CrCoO_6$ perovskite, AIP Conference Proceedings, **1722**, 290012 (2016). | **1,8** |
| **4.** | **Секциско предавање на научен/стручен собир** | **1** |
| **5.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | **7,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | -постер – 15 | |
| **6.** | Апстракт објавен во зборник на конференција<br>-национална – 9<br>- меѓународна – 8 | **4,5**<br>**8** |
| | **Вкупно** | **58,98** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Учество во работата на комисии за државни натпревари** | **1** |
| **2.** | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | **0,5** |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **3.** | **Студиски престој во странство (до три месеци):**<br>Институт за општа и неорганска хемија при Бугарската академија на науките, Софија, Бугарија (25.– 27.11. 2014). | **0,5** |
| **3.** | **Студиски престој во странство (повеќе од шест месеци):**<br>Школа за наука за материјали и инженерство, Универзитет Нов Јужен Велс, Сиднеј, Австралија, (1.2.2017 – 1.2. 2018). | **2** |
| | | |
| **4** | **Изготвување и приготвување на научен/образовен меѓународен проект**<br>- соработник | **3** |
| **5** | **Раководител на внатрешна организациона единица** | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | **Вкупно** | **10** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **46,15** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **58,98** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **10** |
| **Вкупно** | **115,73** |

**Членови на Комисијата**

**1. Д-р Маргарета Пецовска-Ѓорѓевиќ, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**

**2.Д-р Валентин Мирчески, редовен професор на ПМФ – Скопј, с.р.**

**3. Д-р Слоботка Алексовска, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**

**РЕФЕРАТ**

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) НАСТАВНА ФИЗИКА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЗИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28.12.2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) физика, наставна физика, под број 10323 според Класификацијата на научни области, полиња и гранки на истражување, усогласена според стандардите на OECD и UNESCO, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2895/3, донесена на 2.3.2018, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Оливер Зајков, редовен професор на ПМФ - Скопје, д-р Маргарета Пецовска - Ѓорѓевиќ, редовен професор на ПМФ - Скопје и д-р Јулијана Велевска, редовен професор на ПМФ - Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) физика, наставна физика под број 10323 според Класификацијата на научни области, полиња и гранки на истражување, усогласена според стандардите на OECD и UNESCO, во предвидениот рок се пријави д-р Боце Митревски, доцент на Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Боце Митревски е роден на 20.1.1972 година, во с. Саса, општина М. Каменица. Средно образование завршил во гимназијата „Љупчо Сантов“ во Кочани, со одличен успех. Со високо образование се стекнал на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дипломирал на 9. 3. 1998 година, со просечен успех 8,50.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во академската 1999/2000 година се запишал на постдипломски студии (магистерски) студии на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Студиите ги завршил во 2007 година, со просечен успех 9,25. На 11. 1. 2007 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Државни образовни стандарди по природните науки во основното образование во Република Македонија со акцент на образованието по физика“.

Докторска дисертација пријавил на 16.10.2008 година на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Методи и техники на учење и поучување во наставата по физика кои поттикнуваат критичко мислење кај учениците" ја одбранил на 18. 2. 2013 година, пред Комисија во состав: д-р Оливер Зајков, вонреден професор на ПМФ, Скопје, д-р Јулијана Велевска, редовен професор на ПМФ, Скопје, д-р Благоја Вељаноски, редовен професор на ПМФ, Скопје, д-р Виолета Арнаудова, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје и д-р Мирјана Јоноска, редовен професор во пензија на ПМФ, Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област физика, методика на наставата по физика.

На 5.7.2013 година е избран во звањето доцент на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, во областа на методика на наставата по физика и општа физика.

Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1055 од 31. 5. 2013 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 800 од 18.3.2002 година, бр. 846 од 01. 3.2004 година, бр. 903 од 15.9. 2006 година, бр. 928 од 15. 10. 2007 година, бр. 992 од 15. 9. 2010 година и бр. 1055 од 31.5. 2013 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор за доцент до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Институт за физика при Природно-математичкиот факултет, кандидатот д-р Боце Митревски изведува настава по предметите: Методика на наставата по физика 1 и Методика на наставата по физика 2 (на прв циклус студии на студиската програма по физика); Општа физика Б ниво (на прв циклус студии на студиската програма Хемија), а во извештајниот период изведувал настава и по предметите: Општа физика II А ниво (на прв циклус студии на студиската програма по хемија) и Физика за биолози (на прв циклус студии на студиската програма Биологија). Одржувал вежби по предметите на прв циклус студии: Молекуларна физика; Општа физика Б ниво; хоспитации по предметите Методика на наставата по физика 1 и Методика на наставата по физика 2; Школско експериментирање по физика 1; Школско експериментирање по физика 2; Физика за биолози и Биофизика.

Кандидатот бил ментор на 2 дипломски труда.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 10 дипломски и 3 магистерски труда.

Кандидатот има подготвено 2 нови предмета за прв циклус студии по физика.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Боце Митревски има објавено вкупно 28 научни трудови од областа на физика (од кои 10 по последниот избор во звањето доцент), од кои 1 научен труд во меѓународни научни списанија, 4 труда во меѓународни научни публикации и 5 во национални научни списанија. Трудовите се наведени во Анекс 2, кој е составен дел на овој Извештај.

Кандидатот презентирал вкупно 52 труда на научни манифестации (14 по изборот за доцент).

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Боце Митревски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Институтот за физика при ПМФ во Скопје.

Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој во Центарот за теориска физика во Трст, Италија, во јануари 2015 година.

Кандидатот учествувал во работата на Комисијата за државни натпревари по физика за ученици од основно и средно образование.

Кандидатот учествува во промотивни активности на Факултетот.

Кандидатот има забележителни резултати како претседател на Друштвото на физичарите на Р Македонија. Во извештајниот период од Друштвото се издадени две збирки решени задачи по физика од група автори. Кандидатот е коавтор на двете книги и уредник.

Кандидатот е активен во популаризација на природните науки, организирање на настани и поддршка на професионалниот развој на наставниците преку учество во работилници.

Кандидатот е активен и во поддршката на талентирани ученици, преку нивна подготовка, организација и учество на меѓународни натпревари, односно олимпијади.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Боце Митревски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Природно-математичкиот факултет за наставата по предметите кои ги реализира.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Боце Митревски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Боце Митревски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област наставна физика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Боце Митревски да биде избран во звањето **вонреден професор** во научната област физика и наставна физика, под број 10323 според Класификацијата на научни области, полиња и гранки на истражување, усогласена според стандардите на OECD и UNESCO.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Д-р Оливер Зајков, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**

2. **Д-р Маргарета Пецовска-Ѓорѓевиќ, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**

3. **Д-р Јулијана Велевска, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ**

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Боце Сречко Митревски**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Природно-математички факултет, Институт за физика**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: физика, наставна физика (10323)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава од прв циклус студии** | **24,6** |
| | Методика на наставата по физика 1 (2 часа) зимски сем. 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 | 6,0 |
| | Општа физика II А ниво (3 часа), летен сем. 2013/2014 | 1,8 |
| | Општа физика Б ниво (4 часа), летен сем. 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 | 9,6 |
| | Физика за биолози (4 часа) зимски сем. 2014/2015 | 2,4 |
| | Методика на наставата по физика 2 (2 часа) летен сем. 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 | 4,8 |
| | | |
| 2 | **Настава во школи и работилници** | **4,0** |
| | Критичко мислење, Современа настава-критичко мислење во наставата по физика, работилница | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | одржана на ПМФ, Институт за физика, 18-19 октомври 2013. | |
| | Современа настава – Примена на ICT во наставата по физика, работилница одржана на ПМФ, Институт за физика, 7-8 ноември 2014. | 1 |
| | Природни науки за основно образование 1, циклус работилници за одделенски наставници, Скопје, Прилеп, Битола, Македонска Каменица, август-септември 2015. | 1 |
| | Природни науки за основно образование 2, циклус работилници за одделенски наставници, Скопје, јануари 2016. | 1 |
| | | |
| **3** | **Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)** | **40,95** |
| | Молекуларна физика (5 часа), летен сем. 2012/2013, 2013/2014 | 4,5 |
| | Општа физика Б ниво (1 час), летен сем. 2012/2013 | 0,45 |
| | Општа методика на наставата по физика со хоспитации, (2 часа) летен сем. 2012/2013 | 0,9 |
| | Школско експериментирање по физика 2 (4 часа), летен сем. 2012/2013 | 1.8 |
| | Методика на школски експерименти по физика 2, (5 часа), летен сем. 2012/2013 | 2,25 |
| | Механика (5 часа), зимски сем. 2013/2014 | 2,25 |
| | Биофизика (студии по ветерина) (2 часа), зимски сем. 2013/2014 | 0,9 |
| | Физика за биолози (2 часа) зимски сем. 2013/2014 | 0,9 |
| | Школско експериментирање по физика 1 (4 часа), зимски 2013/2014 | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Методика на школски експерименти по физика 1, (5 часа), зимски сем. 2013/2014 | 2,25 |
| | Биофизика (мед. факултет) (3 часа), зимски 2013/2014, 2014/2015 | 2,7 |
| | Методика на наставата по физика 1 (5 часа) зимски сем. 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 | 11,25 |
| | Методика на наставата по физика 2 (5 часа) летен сем. 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 | 9,0 |
| | | |
| **4** | **Подготовка на нов предмет** | **4,5** |
| | Природни науки 1 и 2, студии прв циклус (2+2), зимски и летен семестар | 3 |
| | Училишна докимологија за природни науки, студии прв циклус (2+2), летен семестар | 1,5 |
| | | |
| **5** | **Консултации со студенти** | **1,6** |
| | Летен семестар 2012/2013, (100 студенти) | 0,2 |
| | Зимски семестар 2013/2014, (84 студенти) | 0,17 |
| | Летен семестар 2013/2014, (104 студенти) | 0,21 |
| | Зимски семестар 2014/2015, (196 студенти) | 0,39 |
| | Летен семестар 2014/2015, (98 студенти) | 0,2 |
| | Зимски семестар 2015/2016, (9 студенти) | 0,02 |
| | Летен семестар 2015/2016, (90 студенти) | 0,18 |
| | Зимски семестар 2016/2017, (14 студенти) | 0,03 |
| | Летен семестар 2016/2017, (90 студенти) | 0,18 |

| | | |
|---|---|---|
| | Зимски семестар 2017/2018, (9 студенти) | 0,02 |
| | | |
| **6** | **Ментор на дипломска работа** | **0,4** |
| | Елена Христовска (15168), физика – наставна насока | 0,2 |
| | Јана Богданоска (15944), физика – наставна насока | 0,2 |
| | | |
| **7** | **Член на комисија за оцена и одбрана на докторат** | **0,5** |
14. **Гиговски Н**., Коруноска Стевковска В., Николовска Ј., Бајрактарова Ваљакова Е., Гиговска А., Мијовска А. Дебелина на цементен слој – клинички импликации врз постцементирачката елевација и рабната дискрепанца кај вештачките забни коронки. I конгрес на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Р. Македонија; јуни 2016: 154-5.
Дебелината на цементниот слој е од големо значење за успехот на фикснопротетичката рехабилитација бидејќи може да доведе до несакани клинички компликации кај носителите на фиксни конструкции. Премногу дебелиот цементен слој предизвикува т.н. постцементирачка елевација на конструкцијата, а исто така и зголемена вертикална и хоризонтална рабна дискрепанца. In vitro истражувањето извршено кај 90 примероци (метални коронки цементирани врз природни екстрахирани и препарирани заби со 4 различни типови перманентни цементи) покажало разлики во износите на измерена елевација и вертикална дискрепанца над пропишаните стандардизирани вредности при што разликите биле тесно поврзани со типот на цементот употребен за фиксирање на примероците.

Трудот е со научно и стручно значење.

15. Николовска Ј., Бајрактарова Ваљакова Е., **Гиговски Н**., Коруноска Стевковска В. Поставеност на забите кај тоталните протези користејќи фонетски принципи. I конгрес на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Р. Македонија; јуни 2016: 138-9.

(Рецензиран во Билтен бр. 1141,2017 г.)

16. Бајрактарова Ваљакова Е., Коруноска Стевковска В., **Гиговски Н.**, Капушевска Б., Бајрактарова Мишевска Ц., Гугувчевски Љ. Метал-керамички, целосно-керамички или циркониумски реставрации: избор, примена, за и против. I конгрес на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Р. Македонија, 2016:74-5.

Трудот презентира насоки како да се направи правилен избор на материјалот од кој во дадена ситуација ќе се изработи фикснопротетичката реставрација. Како можен избор се разгледани и споредени индикациите за конструкции изработени од метал-керамика, безметална керамика, циркониум и циркониумска основа фасетирана со керамика. Секој од наведените материјали има различно поле на индикации, а клиничкиот успех, покрај соодветниот избор на планот на терапијата и правилната техника на работа, зависи и од материјалот селектиран за секој случај индивидуално.

Трудот има информативен карактер.

17. Мијоска А., Бајевска Ј., Капушевска Б., Бајрактарова Ваљакова Е., Јуруковска Шотаровска В., Коруноска Стевковска В., **Гиговски Н**. Превенција на оро-фацијални трауми со спортски активности. I конгрес на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Р. Македонија, 2016:106-7.

Популарноста на рекреативните спортови кај младата популација е причина за повремените повреди на оро-фацијалниот систем. Непостоење на законска регулатива и непридржувањето до препораките за носење штитници за уста се главни причини за повреди на максиларните инцизиви. Најчести повреди преставуваат авулзии и фрактури, а потребата од брза и соодветна протетска терапија е од големо значење. Исто така, авторите укажуваат и на потребата од изработка на соодветни индивидуални штитници во забната техника како најдобро протективно помагало за користење кај спортистите.

Трудот е со стручно-практично значење.

18. Коруноска Стевковска В., **Гиговски Н.**, Николовска Ј., Бајрактарова Ваљакова Е., Мијоска А. Процена на оклузална анализа со T-scan II компјутерски систем и оклузална анализа со артикулациона хартија кај пациенти со фикснопротетички конструкции. I конгрес на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Р Македонија, 2016:120-1.

Испитувањето на оклузалните контакти при максимална интеркуспидација со Т-Скен системот дава многу попрецизните податоци, за разликата од истите добиени со помош на артикулациона хартија. Авторите го потенцираат значењето на користењето на современите компјутерски технологии како соодветен дел од секојдневните протетички практики.

Трудот има стручно-апликативно значење.

19. Гиговска Арсова А., Пеева Петреска М., **Гиговски Н**., Митровска К. Продолжување на клиничка коронка – протетски и естетски индикации. Прв македонски конгрес за орална и имплантна хирургија со меѓународно учество. (Книга на апстракти), 2–4.6.2016, Скопје, Р Македонија; стр. 143-4.

Трудот презентира 3 случаи со различни протетички и естетски индикации кај кои е изведено хируршко преобликување на работ на маргиналната гингива и продолжување на клиничката коронка. Пред хируршката интервенција неопходно е прецизно мерење на длабочината на гингивалниот сулкус со пародонтална сонда и процена на биолошката ширина за да не се загрозат со интервенцијата припојниот епител и дното на гингивалниот сулкус. Времето на зараснување на реконтурираниот гингивален раб е индивидуално и просечно изнесува околу 10 недели по што се пристапува кон дефинитивно фикснопротетичко решавање на случаевите. Кај фрактурирани заби, претпротетичкото реконтурирање има за цел да обезбеди минимален “феруле ефект”, а кај случаите со нееднаква вертикална позиција на маргиналната гингива, целта е да се изврши нивелација без да се компромитираат компонентите на забната естетика – соодносот висина/ширина на забната коронка и зенитната точка на гингивалниот раб.

Трудот има практично значење.

20. Zlatanovska K., Dimova C., Zarkova-Atanasova J., Korunoska –Stekovska V., **Gigovski N**., Kocovski D. Oral hygiene in patients with fixed prosthodontic restorations. Nutricon 2017. 5-7 October, 2017, Skopje, R. Macedonia; p. 17-4 (abstract).

Авторите во овој труд укажуваат дека нивото на одржување орална хигиена било подобро кај помладата популација. Кај носителите на протетички помагала, оралната хигиена била подобра кај пациентите со изработени коронки споредено со пациентите носители на дентални мостови. Присуството на плак и гингива-индексот биле повисоки при првата посета. Подобрената хигиена при контролите во подоцнежниот период укажуваат на значењето на едукација за одржување на правилната оралната хигиена за унапредување на оралното здравје на пациентите.

Трудот е со апликативен карактер.

21. Zlatanovska K., Dimova C., Zarkova-Atanasova J., Korunoska –Stekovska V., **Gigovski N**., Kocovski D. Oral hygiene in patients with fixed prosthodontic restorations. Journal of Hygienic Engineering and Design. 2017; Vol. 21, 83-9 p.

Цел на трудот е да се оцени оралната хигиена и состојбата на гингивата кај пациенти носители на фиксни протетички изработки во период од 3 месеци. Инструкции за правилно одржување на орална хигиена им беа дадени на пациентите на првата посета. Воедно, било испитано и влијанието на возраста, полот, видот и материјалот на фиксната изработка, врз степенот на оралната хигиена и состојбата на гингивата. Испитувањето потврдило дека вредностите на плак и гингивалниот индекс се повисоки на првиот контролен преглед. Подобра орална хигиена регистрирана била кај пациенти носители на коронки отколку кај пациенти кои имале мостови конструкции, додека видот на материјалот нема влијание. Подобра орална хигиена била регистрирана кај помлади пациенти. Со овој труд, авторите покажуваат дека соодветната едукација и инструкции за правилно одржување на орална хигиена го подобруваат степенот на орална хигиена. Трудот е со апликативна вредност.

22. Kocovski D., Sabanov E., Zlatanovska K., **Gigovski N**., Dimova C., Sabanov E. Dimensional changes of irreversible hydrocolloid Impressions after immersion in hypochlorite solution disinfectant. Physioacta – Journal of Macedonian Association of Physiologists and Anthropologists. 2017; 11(2): 151-8.

Во трудот се презентираат резултатите од испитувањето на влијанието на натриум хипохлориден раствор со кој се дезинфицираат отпечатоците од иреверзибилен хидроколоид потопени во дезинфициентот во различен временски период врз димензиите на излеаниот гипсен модел. Мерени и споредувани се вертикални и хоризонтални растојанија меѓу прецизно дефинирани точки на горниот централен инцизив, левиот и десниот прв молар. Со статистичката анализа на податоците се констатира дека употребеното средство за дезинфекција на отпечатоците не доведува до сигнификантни димензионални промени кај излеаниот гипсен модел.

Трудот е со стручно-апликативна вредност.

23. Mijoska A., **Gigovski N**., Korunoska-Stevkova V., Ivanovska-Kokoceva O. Prosthetic treatment of dental sport trauma in upper maxillar incisors (case studies). Physioacta – Journal of Macedonian Association of Physiologists and Anthropologists. 2017; 11(2): 159-65.

Траумата на меките и цврстите орални ткива како последица на сообраќајни несреќи, случајни падови или спортски активности се релативно чести повреди. Притоа кај скоро 40% од ваквите трауми засегнати се и забите и тоа предоминантно горните инцизиви. Авторите презентираат протокол за ургентно менаџирање на спортски дентални трауми на максиларните инцизиви при нивно комплетно губење или фрактура. Притоа е потребно брзо фикснопротетичко реставрирање со кое ќе се рехабилитира функцијата и естетиката, но третманот мора да биде планиран и временски координиран, а по потреба, во почетниот период по траумата потпомогнат и со привремена мала мобилна конструкција од типот на протеза – жабица.

Трудот има апликативно значење.

24. **Gigovski N**., Korunoska Stevkovska V., Mijoska A., Pancevska S., Valjakova Bajraktarova E., Gigovska Arsova A. Time-depending solubility of different fixed prosthetic permanent luting cements. Macedonian pharmaceutical bulletin. 2017; 63(1): 3-10.

Растворливоста на денталните цементи во воден раствор била испитувана кај 4 различни типови на цементи. Препорачаниот стандард не дозволува поголема загуба на маса од 0,2% во период од 24 часа. Примероците биле цементирани со цинк фосфатен, стакло-јономер, смолест

модифициран стакло-јономерен и поликарбоксилатен цемент и потопени во растворувач. Тежината била измерена пред потопувањето и потоа во тек на 1,7,14 и 21 ден, а губењето на маста се пресметала како процент од примарната тежина. Најмала количина на изгубена маса била евидентирана кај цинккарбоксилатниот цемент 0,32%, а највисока кај стакло-јономерниот цемент 0,57%. Познавањето на растворливоста на цементите е од големо значење за долготрајноста и клиничкиот успех на протетичките реставрации, и затоа авторот ги препорачува цинк-карбоксилатните цементи како прв избор во стоматолошката протетика.

Трудот е со научна вредност.

25. Mijoska A., Stavreva N., Zabokova-Bilbilova E, **Gigovski N**., Korunoska-Stevkovska V., Mitic K. Chemical treatment for improving intraoral cementation of zirconia. 16. Kongres stomatologa Srbije sa međunarodnim učešćem. 21-23 septembar, 2017, Beograd, R. Srbija; OP 17, str. 56.

Во трудот се презентираат резултатите од in vitro испитувањето на ефектот на 2 различни хемиски третмани врз силата на врската меѓу циркониум диоксидната керамика и соодветен композитен цемент (Filtec Supreme XT, 3M ESPE). Испитувањето е направено на 36 примероци поделени во 3 еднакви групи: примероци без хемиска подготовка, примероци хемиски припремени со премачкување со прајмер Monobond S (Ivoclar Vivadent) и примероци припремени со керамичкиот прајмер Rely X (3M ESPE). Резултатите ја потврдуваат супериорноста на дополнителната хемиска подготовка врз врската меѓу циркониумската керамика и цементот. Авторите наведуваат и дека анализата на местото на прекин со скен електронски микроскоп покажала дека попуштањето е од атхезивен тип кај кој одвојувањето е на местото на контактот меѓу циркониумот и прајмерот.

Трудот има научно значење.

26. Guguvcevski Lj., **Gigovski N.**, Mijoska A., Zlatanovska K., Arsova-Gigovska A. Temporomandibular disorders treatment with correction of decreased occlusal vertical dimension. Open Access Maced J Med Sci. October, 2017; Vol. 5(7): 1-4.

Во трудот се евалуира намалувањето на висината на вертикалната димензија кај пациенти со темпоромандибуларни нарушувања и се следи влијанието на корективниот третман со оклузални сплинтови до исчезнувањето на клиничките симптоми и изработката на дефинитивното протетичко помагало. Презентирани се 8 случаи со намалена вертикална димензија придружени со клинички симптоми на ТМЗ. Просечната измерена вредност на намалената вертикална димензија била 8.5 мм, а периодот на носење на корективниот оклузален сплинт до исчезнување на симптомите изнесувал просечно 3.5 месеци.

Трудот има стручно и практично значење.

27. Korunoska-Stevkovska V., Guguvcevski Lj., Menceva Z., **Gigovski N**., Mijoska A., Nikolovska J., Bajraktarova-Valjakova E. Prosthodontic rehabilitation of patient with anterior hyper function syndrome. Open Access Maced J Med Sci. December, 2017; Vol. 5(7): 1-5.

Авторите укажуваат на потребата од едукативен програм за начинот на исхрана кај сите пациенти кои добиваат мобилни протези. Билатералното џвакање со тотални протези ќе придонесе до зголемена ефикасност и стабилност при мастикацијата со нив. Употребата на предните заби за гризење, како резултат на зголемениот притисок на предниот гребен, може да предизвика појава на преден хиперфункциски синдром. Авторите преку приказ на пациент со преден хиперфункциски синдром укажуваат на потребната хируршка интервенција на хиперпластичното ткиво на вестибуларниот дел од горната вилица, по што следува и протетичка рехабилитација.

Трудот е со стручно-апликативен карактер.

28. Korunoska-Stevkovska V,. **Gigovski N.,** Nikolovska J., Mijoska A., Bajraktarova-Valjakova E. Computerized analysis of the occlusal balance in patients with circular bridges. Res J Pharm Biol Chem Sci, May-June 2017; 8(3): 506-11.
29. Panchevska S., **Gigovski N**., Korunoska-Stevkovska V., Mijoska A. Full mouth rehabilitation of severely worn dentition: a case report. International Journal of Science and Research (IJSR). November, 2017; 6(11): 1333-5

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Никола Гиговски активно е вклучен како ментор за здравствена клиничка едукација на стажанти на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон”- Скопје.

Кандидатот, Никола Гиговски, во 1995 година остварил престој во центарот за обука на ”Лек”, Љубљана, Р Словенија за практична обука за метал-керамички конструкции.

Автор е на следните три монографии: „Анализа на некои физички карактеристики кај фикснопротетичките цементи, Скопје, 2013 г., „Средства за цементирање на фикснопротетички изработки”, Скопје, 2013 г. и ”Претклиничка фиксна протетика – Коронки 1”, Скопје, 2017 г.

Добитник е на повеќе благодарници и пофалници.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Никола Гиговски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Никола Круме Гиговски**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **стоматолошка протетика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Одржување на настава** | |
| | - **од прв циклус студии** | |
| | - Претклиничка фиксна протетика 1 (стоматологија - УКИМ)<br>2 x 8 x 0,04 x 5 (2013/14, 2014/15, 2015/16, 2016/17,2017/18) | 3,2 |
| | - Виличнолицева реконструктивна протетика (стр. забни тех. - УКИМ)<br>1 x 15 x 0,04 x 5 (2013/14, 2014/15, 2015/16, 2016/17,2017/18) | 3,0 |
| | - Анатомија и физиологија на џвакален систем (стр. забни тех. - УКИМ)<br>2 x 8 x 0,04 x 3 (2013/14, 2014/15, 2015/16)<br>3 x 8 x 0,04 x 2 (2016/17, 2017/18) | 3,84 |
| | - Технологија на заботехнички материјали 2 (стр. забни тех. - УКИМ)<br>1 x 15 x 0,04 x 2 (2013/14, 2014/15) | 1,2 |
| | - Стоматолошка протетика 1 (виши стручни стом. сестри - УКИМ)<br>1 x 8 x 0,04 x 3 (2013/14, 2014/15, 2015/16) | 0,96 |
| | - Стоматолошки материјали 1 (стр. стом. сестри-дент. хигиен. -УКИМ)<br>1 x 15 x 0,04 x 2 (2016/17, 2017/18) | 1,2 |
| | - Претклиничка фиксна протетика 1 (стоматологија - УГД)<br>1 x 14 x 0,04 x 2 (2014/15, 2015/16) | 1,12 |
| | - Претклиничка фиксна протетика 2 (стоматологија - УГД)<br>1 x 14 x 0,04 x 1 (2013/14) | 0,56 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Претклиничка мобилна протетика–парцијална протеза (стоматологија - УГД)<br>2 x 14 x 0,04 x 3 (2013/14, 2014/15, 2015/16) | 3,36 |
| | - Фиксна протетика 1 (стр. забен тех.-протетичар - УГД)<br>1 x 14 x 0,04 x 3 (2013/14, 2014/15, 2015/16) | 1,68 |
| | - Фиксна протетика 2 (стр. забен тех.-протетичар - УГД)<br>1 x 14 x 0,04 x 2 (2014/15, 2015/16) | 1,12 |
| | - Фиксна протетика 3 (стр. забен тех.-протетичар - УГД)<br>2 x 14 x 0,04 x 1 (2013/14) | 1,12 |
| | - **од втор циклус студии** | |
| | - Современи материјали<br>4 x 1 x 0,05 x 3 (2013/14, 2014/15, 2015/16) | 0,6 |
| | - Актуелности во орофацијална регија<br>3 x 1 x 0,05 x 3 (2013/14, 2014/15, 2015/16) | 0,45 |
| | - Естетски аспекти при фикснопротетичка рехабилитација<br>1 x 12 x 0,05 x 1 (2016/17) | 0,6 |
| | - **од трет циклус студии** | |
| | - Фиксни конструкции над претходно вградени импланти<br>3 x 1 x 0,06 x 5 (2013/14 - дупло, 2014/15, 2015/16, 2016/17) | 0,9 |
| | - Современи аспекти на планирање и реализација на фикснопротетските надоместоци<br>6 x 1 x 0,06 x 4 (2013/14, 2014/15, 2015/16, 2016/17) | 1,44 |
| | - Научноистражувачка етика со примена и примери во подрачјето на медицинските науки<br>5 x 1 x 0,06 x 1 (2017/18) | 0,3 |
| | - Можности за естетска протетика со примена на керамика<br>3 x 1 x 0,06 x 2 (2013/14, 2014/15) | 0,36 |
| | - Постапки и третман за постигнување современа естетика во фиксната протетика<br>3 x 1 x 0,06 x 4 (2013/14, 2014/15, 2015/16, 2016/17) | 0,72 |
| **2** | **Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд)** | |
| | - **Вежби** | |
| | - Претклиничка фиксна протетика 1<br>3 x 15 x 2 (семестри) x 0,03 x 4 (2013/14, 2014/15,2015/16, 2016,17) | 10,8 |
| | - Клиничка фиксна протетика<br>6 x 15 x 2 (семестри) x 0,03 x 4 (2013/14, 2014/15, 2015/16, 2016/17) | 21,6 |
| | - **Семинарски труд** | |
| | - Претклиничка фиксна протетика 1 (УКИМ)<br>10 x 0,03 x 5 (2013/14, 2014/15, 2015/16, 2016/17,2017/18) | 1,5 |
| | - Виличнолицева реконструктивна протетика (УКИМ)<br>10 x 0,03 x 5 (2013/14, 2014/15, 2015/16, 2016/17,2017/18) | 1,5 |
| | - Анатомија и физиологија на џвакален систем (УКИМ)<br>10 x 0,03 x 5 (2013/14, 2014/15, 2015/16, 2016/17,2017/18) | 1,5 |
| | - Претклиничка фиксна протетика 1 (УГД)<br>10 x 0,03 x 2 (2014/15, 2015/16) | 0,6 |
| | - Претклиничка фиксна протетика 2 (УГД)<br>10 x 0,03 x 1 (2013/14) | 0,3 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Претклиничка мобилна протетика–парцијална протеза (УГД)<br>10 x 0,03 x 3 (2013/14, 2014/15, 2015/16) | 0,9 |
| | - Фиксна протетика 1 (УГД)<br>10 x 0,03 x 3 (2013/14, 2014/15, 2015/16) | 0,9 |
| | - Фиксна протетика 2 (УГД)<br>10 x 0,03 x 2 (2014/15, 2015/16) | 0,6 |
| | - Фиксна протетика 3 (УГД)<br>10 x 0,03 x 1 (2013/14) | 0,3 |
| **3** | **Одржување на менторска настава за здравствена клиничка практика** | |
| | - Стажанти<br>10 x 0,06 | 0,6 |
| **4** | **Подготовка на нов предмет** | |
| | - **предавања** | |
| | - Современи аспекти на планирање и реализација на фикснопротетските надоместоци<br>(нов предмет од трет циклус студии) | 1 |
| | - Можности за естетска протетика со примена на керамика<br>(нов предмет од трет циклус студии) | 1 |
| | - Научноистражувачка етика со примена и примери во подрачјето на медицинските науки<br>(нов предмет од трет циклус студии) | 1 |
| | - Фиксни конструкции над претходно вградени импланти<br>(нов предмет од трет циклус студии) | 1 |
| | - Постапки и третман за постигнување современа естетика во фиксната протетика<br>(нов предмет од трет циклус студии) | 1 |
| **5** | **Консултации со студенти** | |
| | - Вкупен број студенти на додипломска настава за 1 учебна година на Стоматолошки факултет, Скопје (УКИМ)<br>150 x 0,002 x 5 (2013/14, 2014/15, 2015/16, 2016/17,2017/18) | 1,5 |
| | - Вкупен број студенти на додипломска настава за сите учебни години на Стоматолошки факултет, Штип (УГД)<br>420 x 0,002 (2013/14, 2014/15, 2015/16) | 0,84 |
| | - Вкупен број студенти на втор и трет циклус студи за сите учебна години на Стоматолошки факултет, Скопје (УКИМ)<br>20 x 0,002 | 0,04 |
| **6** | **Консултации со студенти во рамките на здравствена клиничка практика** | |
| | - 80 студенти<br>80 x 0,2 | 1,6 |
| **7** | **Ментор на дипломска работа**<br>2 x 0,2 | 0,4 |
| **8** | **Ментор на специјалистичка работа**<br>6 x 1 | 6 |
| **9** | **Ментор и едукатор на здравствена едукација** | |
| | - Здравствена едукација специјализанти на турнус од друга специјалистичка област<br>3 x 0,08 | 0,24 |
| **10** | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | 8 x 0,5 | |
| 11 | **Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа**<br>7 x 0,2 | 1,4 |
| 12 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**<br>32 x 0,1 (УКИМ)<br>6 x 0,1 (УГД) | 3,8 |
| 13 | **Рецензент на универзитетски учебник** | |
| | - Капушевска Б. Бруксизам и оклузални парафункции – специјален дел. Стоматолошки факултет, Скопје, 2015<br>1 x 1 | 1 |
| | Вкупно | **94,65** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 14 | **Учесник во национален научен проект** | |
| | - Поповска М., Стојановска Атанасовска А., Радојкова Николовска В., Антевска В., Димовски А., Беџети Зендели Л,. Капушевска Б., Муратовска И., Митиќ К., Мицевска М., Дувлис С., **Гиговски Н**., Коруноска Стевковска В. : Асоцијација помеѓу орална и генитална афекција со ХПВ вирусот – причини за навремено вакцинирање: да или не? Национален научноистражувачки проект. Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Р Македонија, 2016 г.<br>1 x 3 | 3 |
| 15 | **Монографија** | |
| | - Гиговски Н. "Претклиничка фиксна протетика – Коронки 1", Скопје, 2017.<br>1 x 8 | 8 |
| 16 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |
| | - Мијоска А., Гугучевски Љ., Бајевска Ј., Капушевска Б., **Гиговски Н**., Коруноска В., Бајевска Ј., Бајрактарова Е. Површински третман на циркониумската керамика за подобрување на врската со фасетната керамика и цементите. Макед. Стоматол. прегл. 2015; 38(3-4): 20-40.<br>1 x 4 x 0,6 | 2,4 |
| | - Bajraktarova Valjakova E., Miševska C., Korunoska Stevkovska V., **Gigovski N**., Sotirovska Ivkovska A., Bajraktarova B., Gugučevski Lj. Prosthodontic management of hypohidrotic ectodermal dysplasia: a case report. South Eur J Orthod Dentofac Res. 2015; Vol. 2, No. 1-2: 20-6.<br>1 x 6 x 0,6 | 2,4 |

| 17 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
|---|---|---|
| | - Mijoska A., Bajraktarova Valjakova E., Stevkovska Korunoska V., **Gigovski N.**, Kapuševska B., Bajevska J. Flexure strength of zirconia veneering ceramics. IOSR Journal of Dental and Medical Science (IOSR-JDSM). Jan 2016; 15(1): 85-8.<br>1 x 6 x 0,6 x имп. фактор 1.567 | 5,96 |
| | - Zlatanovska K., Dimova C., Zarkova-Atanasova J., Korunoska –Stekovska V., **Gigovski N.**, Kocovski D. Oral hygiene in patients with fixed prosthodontic restorations. Journal of Hygienic Engineering and Design. 2017; Vol. 21, 83-9 p.<br>1 x 6 x 0,6 | 3,6 |
| | - Kocovski D., Sabanov E., Zlatanovska K., **Gigovski N.**, Dimova C., Sabanov E. Dimensional changes of irreversible hydrocolloid Impressions after immersion in hypochlorite solution disinfectant. Physioacta – Journal of Macedonian Association of Physiologists and Anthropologists. 2017; 11(2): 151-8.<br>1 x 6 x 0,6 | 3,6 |
| | - Mijoska A., **Gigovski N.**, Korunoska-Stevkova V., Ivanovska-Kokoceva O. Prosthetic treatment of dental sport trauma in upper maxillar incisors (case studies). Physioacta – Journal of Macedonian Association of Physiologists and Anthropologists. 2017; 11(2): 159-65.<br>1 x 6 x 0,6 | 3,6 |
| | - **Gigovski N.**, Korunoska Stevkovska V., Mijoska A., Pancevska S., Valjakova Bajraktarova E., Gigovska Arsova A. Time-depending solubility of different fixed prosthetic permanent luting cements. Macedonian pharmaceutical bulletin. 2017; 63(1): 3-10.<br>1 x 6 x 0,6 | 3,6 |
| | - Guguvcevski Lj., **Gigovski N.**, Mijoska A., Zlatanovska K., Arsova-Gigovska A. Temporomandibular disorders treatment with correction of decreased occlusal vertical dimension. Open Access Maced J Med Sci. October, 2017; Vol. 5(7): 1-4<br>1 x 6 x 0,6 | 3,6 |
| | - Korunoska-Stevkovska V., Guguvcevski Lj., Menceva Z., **Gigovski N.**, Mijoska A., Nikolovska J., Bajraktarova-Valjakova E. Prosthodontic rehabilitation of patient with anterior hyper function syndrome. Open Access Maced J Med Sci. December, 2017; Vol. 5(7): 1-5.<br>1 x 6 x 0,6 | 3,6 |
| | - Korunoska-Stevkovska V,. **Gigovski N.,** Nikolovska J., Mijoska A., Bajraktarova-Valjakova E. Computerized analysis of the occlusal balance in patients with circular bridges. Res J Pharm Biol Chem Sci, May-June 2017; 8(3): 506-11. | / |

| | | |
|---|---|---|
| | - Panchevska S., **Gigovski N**., Korunoska-Stevkovska V., Mijoska A. Full mouth rehabilitation of severely worn dentition: a case report. International Journal of Science and Research (IJSR). November, 2017; 6(11): 1333-5. | / |
| **18** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | - Бајрактарова Ваљакова Е., Коруноска Стевковска В., **Гиговски Н**., Бајрактарова Мишевска Ц., Гугучевски Љ. Механичка и/или хемиска алтерација на целосно керамичките реставрации како подготовка за атхезивно цементирање. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Р Македонија. 2015: 348-9.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |
| | - Коруноска Стевковска В., Менчева Ж., Гугучевски Љ., **Гиговски Н**. Протетичка рехабилитација кај пациент со преден хиперфункциски синдром. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Р Македонија. 2015: 344-5.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |
| | - **Гиговски Н**., Коруноска Стевковска В., Гиговска А., Бајрактарова Ваљакова Е. Модалитети на постекстракциско обликување на алвеоларниот гребен за изработка на фикснопротетичка конструкција со овално тело. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Р Македонија. 2015: 336-7.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |
| | - **Gigovski N**., Radeska Panovska A., Korunoska Stevkovska V., Bajraktarova Valjakova E., Mijoska A., Gigovska A. Alveolar socket preservation and shaping using temporary construction – case presentation. International symposium at Faculty of medical sciences, University "Goce Delčev", Štip, R. Macedonia, November, 2015, Vol. 1, No 1: 68.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |
| | - Bajraktarova Valjakova E., Bajevska J., Korunoska Stevkovska V., Kapuševska B., **Gigovski N**., Mijoska A., Zlatanovska K., Bajraktarova Miševska C. Ectodermal dysplasia - case report: Challenge for prosthodontics solution. International symposium at Faculty of medical science, University "Goce Delčev", Štip, R. Macedonia, November, 2015, Vol. 1, No 1: 66-7.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |
| | - Mijoska A., Popovska M., Kapuševska B., **Gigovski N**., Korunoska Stevkovska V., Bajraktarova Valjakova E., Zlatanovska K. Implant-prosthetic therapy failure in smoker and nonsmoker patients. International symposium at Faculty of medical science, University "Goce Delčev", Štip, R. Macedonia, November, 2015, Vol. 1, No 1: 75.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Korunoska Stevkovska V., Zlatanovska K., **Gigovski N**., Menčeva Ž., Nikolovska J., Bajraktarova Valjakova E., Mijoska A. Oral surgery treatment in the patients with combination syndrome. International symposium at Faculty of medical science, University "Goce Delčev", Štip, R. Macedonia, November, 2015, Vol. 1, No 1: 76.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |
| | - Bajraktarova Valjakova E., Kapusevska B., Mijoska A., Korunoska Stevkovska V., **Gigovski N.**, Gacheva Cvetkova S., Bajraktarova Mishevska C. Failures and complications in patients treated with fixed prosthodontic restorations. Albanian Dental Society International Congress. Struga, R. Macedonia, 2016: 4.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |
| | - Mijoska A., Kapusevska B., Bajraktarova Valjakova E., Korunoska Stevkovska V., **Gigovski N**., Jurukovska V., Kokoceva O., Shahpaska B. The treatment of sport trauma in upper maxillar incisors. Albanian Dental Society International Congress. Struga, R. Macedonia, 2016: 7.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |
| | - **Gigovski N**., Bajraktarova Valjakova E., Mijoska A., Gigovska A., Maslarevski A. Ovate pontic dental bridge – pro et contra. 21-st Congress of Balkan Stomatological Society (BaSS). Banja Luka, Bosnia and Hercegovina; May 12-15, 2016; lecture OP-120, p. 101.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |
| | - **Гиговски Н**., Коруноска Стевковска В., Николовска Ј., Бајрактарова Ваљакова Е., Гиговска А., Мијовска А. Дебелина на цементен слој – клинички импликации врз постцементирачката елевација и рабната дискрепанца кај вештачките забни коронки. I конгрес на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Р Македонија; јуни 2016: 154-5.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |
| | - Николовска Ј., Бајрактарова Ваљакова Е., **Гиговски Н**., Коруноска Стевковска В. Поставеност на забите кај тоталните протези користејќи фонетски принципи. I конгрес на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Р Македонија; јуни 2016: 138-9.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |
| | - Бајрактарова Ваљакова Е., Коруноска Стевковска В., **Гиговски Н.**, Капушевска Б., Бајрактарова Мишевска Ц., Гугувчевски Љ. Метал-керамички, целосно-керамички или циркониумски реставрации: избор, примена, за и против. I конгрес на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Р Македонија, 2016:74-5.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Мијоска А., Бајевска Ј., Капушевска Б., Бајрактарова Ваљакова Е., Јурукоска Шотаровска В., Коруноска Стевковска В., **Гиговски Н**. Превенција на оро-фацијални трауми со спортски активности. I конгрес на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Р. Македонија, 2016:106-7.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |
| | - Коруноска Стевковска В., **Гиговски Н.**, Николовска Ј., Бајрактарова Ваљакова Е., Мијоска А. Процена на оклузална анализа со T-scan II компјутерски систем и оклузална анализа со артикулациона хартија кај пациенти со фикснопротетички конструкции. I конгрес на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Р Македонија, 2016:120-1.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |
| | - Гиговска Арсова А., Пеева Петреска М., **Гиговски Н**., Митровска К. Продолжување на клиничка коронка – протетски и естетски индикации. Прв македонски конгрес за орална и имплантна хирургија со меѓународно учество. (Книга на апстракти), 2 -4 .6.2016, Скопје, Р Македонија; стр. 143-4.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |
| | - Zlatanovska K., Dimova C., Zarkova-Atanasova J., Korunoska –Stekovska V., **Gigovski N**., Kocovski D. Oral hygiene in patients with fixed prosthodontic restorations. Nutricon 2017. 5-7 october, 2017, Skopje, R Macedonia; p. 17-4 (abstract).<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |
| | - Mijoska A., Stavreva N., Zabokova-Bilbilova E, **Gigovski N**., Korunoska-Stevkovska V., Mitic K. Chemical treatment for improving intraoral cementation of zirconia. 16. Kongres stomatologa Srbije sa medunarodnim učešćem. 21-23 septembar, 2017, Beograd, R. Srbija; OP 17, str. 56.<br>1 x 3 x 0,6 | 1,8 |
| **19** | **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| | - Гиговски Н. Избор на боја во протетиката – теорија и пракса.<br>МСД, Здружение на доктори специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија, Симпозиум со меѓународно учество, 2013, септември, Скопје | 3 |
| | **Вкупно** | **76,56** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **20** | **Експертски активности** | |
| | - Проверка на знаење, член во комисија за полагање на стручен испит на докторите по дентална медицина од Стоматолошката Комора на Македонија<br>5 x 2 x 1 | 10 |
| | - Комисија за стручен надзор<br>5 x 1 | 5 |
| | - Комисија за оцена на пријавена тема за докторска дисертација<br>4 x 1 | 4 |
| | - Комисија за валоризација на кредити на пишан труд (3 комисии)<br>3 x 1 | 3 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **21** | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание** | |
| | - Член на уредувачкиот одбор на списанието на Стоматолошкиот факултет Македонски стоматолошки преглед<br>1 x 1 | 1 |
| **22** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| | - Член на Научниот одбор на VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2015 г.<br>1 x 1<br>- Член на Научниот одбор на I конгрес на здружението на специјалисти по стоматолошка протетика при МСД со меѓународно учество, Охрид, 2016 г.<br>1 x 1 | 2 |
| **23** | **Награда за научни постигнувања од струкова организација** | |
| | - Благодарница - од Македонско стоматолошко друштво (МСД) по повод 10 години од осамостојувањето, Скопје, 2014 г.<br>1 x 3 | 3 |
| **24** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | |
| | - Префабрикувани циркониумски колчиња со ретентивен коронарен облик за реставрација на ендодонтски третирани заби – in vitro процена на третманот. Меѓународен научно-истражувачки проект. Јуни, 2016 г. Носител на проектот и главен истражувач: проф. д-р Јулијана Николовска; учесници: проф. д-р Мирјана Поповска, проф. д-р **Никола Гиговски**, проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска, н. сор. Сашо Јовановски, н. сор. Анета Мијоска<br>1 x 1 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| **25** | **Продекан/заменик - директор**<br><br>1 x 4 | 4 |
| | **Член на факултетска комисија** | |
| | - Кадровски одбор при ННС на Стоматолошки факултет, Скопје<br>1<br>- Библиотечен одбор при ННС на Стоматолошки факултет, Скопје<br>1<br>- Комисија за евалуација на студиската програма за стручни забни техничари (прв циклус студии)<br>3 x 0,5 | 3,5 |
| | **Член на комисија за избор во звање**<br>5 x 0,2 | 1 |
| | **Координатор на студиска програма** | |
| | - раководител на студиската програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози (прв циклус студии) при Стоматолошкиот факултет во Скопје, 2016 г.<br>1 x 1 | 1 |
| | **Вкупно** | **38,50** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **94,65** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **76,56** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **38,50** |
| **Вкупно** | **209,71** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Крсте Дејаноски с.р.
2. Проф. д-р Ерол Шабанов с.р.
3. Проф. д-р Борис Величковски с.р.

# ПРОФ. Д-Р ВЕСНА КОРУНОСКА СТЕВКОВСКА

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Весна Коруноска Стевковска е родена на 30. 3.1963 година во Скопје.

На Стоматолошкиот факултет се запишала во 1981 година, а го завршила во предвиденото време со просечен успех 9,18. За време на студиите користела стипендија за талентирани студенти од Републичката заедница за насочено образование. По завршувањето на четвртата година, била на студиски престој на стоматолошката клиника во Билбао-Шпанија. Во петтата година на студиите учествувала на студентски конгрес на студентите по медицина и стоматологија во Тузла. За време на студиите била активна и во организацијата на студентската младина.

Во 1986 година, веднаш по дипломирањето, се запишала на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет по предметот Стоматолошка протетика, кои ги завршила со среден успех 9,63. Истовремено волонтирала на Клиниката и го извршувала лекарскиот стаж.

На 1.6 1989 година примена е како клинички лекар на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика. Во јануари 1990 година пријавила магистерска теза под наслов „Рентгенкраниометриска процена за промена на вертикалната димензија кај пациенти со тотални протези".

Во 1991 година била избрана за помлад асистент по предметот Стоматолошка фиксна протетика. Со одбраната на магистерскиот труд, на 20.IV 1993 година се здобила со звањето магистер по стоматолошки науки. Во 1994 година била избрана во звањето асистент по предметот Стоматолошка фиксна протетика, а преизборите следувале во 1997 и 2003 година.

Специјалистичкиот испит по предметот стоматолошка протетика го положила во 1994 година, со што се здобила со звањето специјалист по стоматолошка протетика.

Во текот на својата стручна и научна работа, посебен интерес имала на полето на оклузијата на протетичките конструкции, од каде што произлегол и изборот на тема за докторска дисертација.

Во јуни 2001 година пријавила тема за докторска дисертација со наслов: „T-Scan II компјутерска анализа на оклузални контакти кај пациенти со фикснопротетички изработки". Со одбраната на докторската теза, на 29.3.2007 година се здобила со звањето доктор по стоматолошки науки, пред Комисија во состав: проф.д-р Елена Петкова, проф.д-р Ерол Шабанов, проф.д-р Јагода Бајевска, проф.д-р Драгољуб Велески и проф.д-р Ефтим Мирчев.

Активно го владее англискиот, а пасивно германскиот јазик.

Во 2008 година била избрана за насловен доцент по група предмети од обласа на стоматолошката протетика на Катедрата за стоматолошка протетика, а во 2013 година за вонреден професор во истата област. Во моментот е вонреден професор на Стоматолошкиот факултет. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1054 од 2013 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. бр. 565 од 1991 год., 615 од 1994 год., 692 од 1997 год., 785 од 2000 год., 827 од 2003 год., 912 од 2007 год., 945 од 2008 год. и 1054 од 2013 год, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 1. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Од вработувањето како клинички лекар на Клиниката за стоматолошка фиксна протетика, кандидатката д-р Коруноска Стевковска е вклучена во изведувањето на практичната настава за студентите на Стоматолошкиот факултет, по предметите: Претклиничка фиксна протетика и Клинична фиксна протетика. Од изборот за помлад асистент во 1991 до 2010 година, активно учествува во едукативниот процес преку самостојно изведување на вежбите по истите предмети.

При измените на наставната програма и воведување на писмен дел од испитите, учествува во изготвување на прашања за писмениот дел од испитот по предметот Претклиничка фиксна протетика, учествувајќи во создавањето на база на испитни прашања по истиот предмет.

По изборот за насловен доцент од 2008 до 2010 година учествува и во изведувањето на теоретската настава за студенти по предметот Претклиничка фиксна протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Вклучена била во изведувањето на теоретската и практичната настава на студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Присуствувала на работниот курс за: „Ankysos систем-план, припрема и процедури на имплантирање”, 2008 год, во организација на ПроМедика и Dentsply-Friadent.

Во текот на изведувањето на наставата на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, учествувала во подготовка на програма за предавања и вежби за прв циклус студии на четири предмети, учествувала во изработка на семинарските трудови на студентите, одржувала консултации со студентите поврзани со наставата, подготвувала испитни прашања, и ги спроведувала предвидените колоквиуми и испити.

Како специјалист по предметот Стоматолошка протетика и како вонреден професор, во секојдневната стоматолошка практика (како ментор на 10 стажанти) била со постојан стручен, теоретски и практичен контакт со колегите кои го реализираат стручниот стаж на Клиниката за стоматолошка фиксна протетика при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон” во Скопје.

**Научноистражувачка дејност**

Својот здравствен, научен и едукативен процес го започнала уште како клинички лекар на Клиниката за стоматолошка фиксна протетика.

Учествувала, активно и пасивно, на повеќе конгреси и постедукативни семинари, во земјава и во странство. Има објавени трудови со оригинални научни резултати, во научно/стручни списанија; во зборник од трудови од научен стручен собир во Дојран, 1991 година, во Охрид, 1994 година, во Софија, Бугарија 1996 година, во Охрид, 1998 година. Учествувала на научно/стручни собири со меѓународен уредувачки одбор во Белград, 1997 и 2005 година, во Истанбул, 1999 година, во Охрид, 2002, 2004, 2006 и 2009 година , Порторож, 2010 година и Букурешт, 2011 година. Со усна презентација учествувала на 6. Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество во 2012 год.

Докторската дисертација ѝ е цитирана во докторската дисертација „Дигитална евалуација со T- Scan III System при оклузија и артикулација кај испитаници со ортодонтски малоклузии” од д-р Весна Трпевска од Катедрата по ортодонција на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Активно учествувала на светскиот дентален конгрес FDI 2013 во Истанбул. Во 2015 година учествувала на: 20$^{th}$ European Association of Dental Public Health Conference во Истанбул, на 7. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество во Охрид, како и на Меѓународниот симпозиум на Факултетот за медицински науки во Штип. Во 2016 година активно учествувала: во Струга на Albanian Dental Society Congress, во Охрид со усни и постер презентации на 1 Конгрес на здружение на специјалисти по стоматолошка протетика при МСД со меѓународно учество. Учествувала на конгресот 2017 година Food Quality & Safety, Health & Nutrition во Скопје, на 16. Конгрес на стоматолози на Србија со меѓународно учество во Белград. Објавен апстракт во Community Dental Health (2017) , 34(3) од 22$^{nd}$ Congress of the European Association of Dental Public Health.

Паралелно со овие активности учествувала во изведувањето на здравствената дејност на Клиниката за стоматолошка фиксна протетика при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон” во Скопје.

Кандидатката е учесник во еден национален и еден меѓународен проект.

Резултатите поврзани со наставнообразовната, научноистражувачката дејност, како и сите други активности се објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 565 од 1991 год., 615 од 1994 год., 692 од 1997 год., 785 од 2000 год., 827 од 2003 год., 912 од 2007 год., 945 од 2008 год. и 1054 од 2013 год. Вкупно има објавено повеќе од 70 научни трудови во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), во меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации и во зборници од научни собири.

За овој конкурс ги приложува следниве трудови:

1. Nikolovska J. Petrovski D, Petricevic N, Kapusevska B, **Korunoska-Stevkovska V.** Overdentures on implants for better quality of life among the fully edentulous patients – Case Reports. Contributions, Section of Medical Science 2015; XXXVI 2:225-234.

   Трудот е рецензиран и објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 1141,2017 год.

2. **Korunoska-Stevkovska V.**, Guguvcevski Lj., Menceva Z., Gigovski N., Mijoska A., Nikolovska J., Bajraktarova-Valjakova E. Prosthodontic Rehabilitation of Patients with Anterior Hiper Function Syndrome. Open Access Maced J Med Sci. 2017; 1000-1004.

   Авторите укажуваат на потребата од едукативен програм за начинот на исхрана кај сите пациенти кои добиваат мобилни протези. Билатералното џвакање со тоталните протези ќе допринеси до зголемена ефикасност и стабилност при мастикацијата со истите. Употребата на предните заби за гризење, како резултат на зголемениот притисок на предниот гребен може да предизвика појава на преден хиперфункциски синдром. Авторите преку приказ на пациент со преден хиперфункциски синдром, укажуваат на потребната хируршка интервенција на хиперпластичното ткиво на вестибуларниот дел од горната вилица, после што следи и протетичка рехабилитација.

   Трудот е со стручно-апликативен карактер.

3. Gigovski N., **Korunoska-Stevkovska V.**, Mijoska A., Pancevska S., Valjakova-Bajraktarova E., Gigovska-Arsova A. Time – depending solubility of different fixed prosthetic permanent luting cements. Macedonian Pharmaceutical Bulletin. 2017;63(1)39-44.

   Растворливоста на денталните цементи во воден раствор била испитувана кај 4 различни типови на цементи. Препорачаниот стандард не дозволува поголема загуба на маса од 0,25 во период од 24 часа. Примероците биле цементирани со цинк фосфатен, стакло-јономер, смолест модифициран стакло-јономерен и поликарбоксилатен цемент и потопени во растворувач. Тежината била измерена пред потопувањето и потоа во тек на 1,7,14 и 21 ден, а губењето на маста се пресметала како процент од примарната тежина. Најмала количина на изгубена маса била евидентирана кај цинккарбоксилатниот цемент 0,32%, а највисока кај стакло-јономерниот цемент 0,57%. Познавањето на растворливоста на цементите е од големо значење за долготрајноста и клиничкиот успех на протетичките реставрации, и затоа авторот ги препорачува цинк-карбоксилатните цементи како прв избор во стометолошката протетика. Трудот е со научен и апликативен карактер.

4. Georgieva S., Ivanovski K., Pandilova M., Stefanovska E., **Korunoska-Stevkovska V.** The impact of fixed orthodontic appliances on periodontal health to young patients. Apolonia. Albanian Dental Journal. 2015; 33: 46-48.

   Процена на периодонталното здравје кај млади пациенти носители на фиксни ортодонтски апарати претставува мултидисциплинарна проблематика при вреднување на забите. Кај дел од овие пациенти има потреба од изработка на протетички конструкции, кои треба да бидат изработени на заби со здрав пародонт. Авторите преку клинички испитувања вршеле процена на акумулацијата на денталниот плак и гингивалната инфламација кај 30 пациенти на возраст од 12 до 18 години. Пациентите биле поделени во две групи: експериментална група (со фиксни ортодонтски апарати) и контролна група (без фиксни ортодонтски апарати). Степенот на акумулација на денталниот плак бил одреден со користење на индексот по Ramfjord, додека гингивалната инфламација со користење на индекс по Loe Sillness. Високиот процент на дентален плак и гингивална инфламација кај експерименталната група укажуваат дека младите пациенти за време на ортодонтскиот третман се со висок ризик за развој на периодонтално заболување.

   Трудот е со научен карактер.

5. Mijoska A., Bajraktatova-Valjakova E., **Korunoska-Stevkovska V.**, Gigovski N., Kapusevska B., Bajevska J. Flexure Strength of Zirconia Veneering Ceramics. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences. 2016; 15(1):85-88.

   Трудот е рецензиран и објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 1123, 2016 година.

6. Mijoska A., Gigovski N., **Korunoska-Stevkovska V.**, Ivanovska-Kokoceva O. Prosthetic treatment of dental sport trauma in upper maxillar incisors (case studies). Physioacta. 2017; 11(2): 159-165.

   Траумата на меките и цврстите орални ткива како последица на сообраќајни несреќи, случајни падови или спортски активности се релативно чести повреди. Притоа кај скоро 40% од ваквите

трауми засегнати се и забите и тоа предоминантно горните инцизиви. Авторите презентираат протокол за ургентно менаџирање на спортски дентални трауми на максиларните инцизиви при нивно комплетно губење или фрактура. Притоа е потребно брзо фикснопротетичко реставрирање со кое ќе се рехабилитира функцијата и естетиката, но третманот мора да биде планиран и временски координиран, а по потреба, во почетниот период по траумата потпомогнат и со привремена мала мобилна конструкција од типот на протеза – жабица.

Трудот има апликативно значење.

7. Katerina Zlatanovska, Cena Dimova, Julija Zarkova-Atanasova, **Vesna Korunoska-Stevkovska**, Nikola Gigovski, Darko Kocovski. Oral hygiene in patients with fixed prosthodontic restorations. Journal of Higienic Engineering and Design. 2017 (21): 83-89.

   Цел на трудот е да се оцени оралната хигиена и состојбата на гингивата кај пациенти носители на фиксни протетички изработки во период од 3 месеци. Инструкции за правилно одржување на орална хигиена им биле дадени на пациентите на првата посета. Воедно, било испитано и влијанието на возраста, полот, видот и материјалот на фиксната изработка, врз степенот на оралната хигиена и состојбата на гингивата. Испитувањето потврдило дека вредностите на плак и гингивалниот индекс се повисоки на првиот контролен преглед. Подобра орална хигиена била регистрирана кај пациенти носители на коронки отколку кај пациенти кои имале мостови конструкции, додека видот на материјалот немал влијание. Подобра орална хигиена била регистрирана кај помлади пациенти. Со овој труд авторите покажаваат дека соодветна едукација и инструкции за правилно одржување на орална хигиена го подобруваат степенот на орална хигиена.

   Трудот е со апликативна вредност.

| | **Апостолова Г.,** Костадинова М. Ризик фактори за појава на компликации по хируршка екстракција на третите молари. Трет стоматолошки симпозиум,Здружение на доктори на стоматологија- Струмица, 30.3.2013, иРегионален одбор – Битола, 13.4.2013 (×2) | 4 |
| | **Апостолова Г.** Примена на оралсепт спреј по орално хируршки интервенции. Континуирана стоматолошка едукација, Комисија за стручни прашања на СКМ, Скопје, Реплек,16.12.2011 | 2 |
| | **Апостолова Г.** Локална апликација на бензидамин хидрохлорид за редукција на постоперативниот морбидитет. Стоматолошки факултет, Континуирана стоматолошка едукација. 7 април, Струмица, 2012. | 2 |
| 11 | **Секциско предавање на научен/стручен собир** | |
| | Велеска-Стевковска Даниела**, Апостолова Гордана**. Потребна лабораториска анализа на крв при оралнохируршки интервенции- предавање на оралнохируршка секција во Берово, мај 2006 година.<br><br>**Апостолова Гордана**, Пеева Петреска Марија. Постекстракциона презервација на алвеоларниот гребен. Предавање на Стручен состанок на здружението на специјалисти по орална хирургија. Свети Николе, 2008.<br><br>**Апостолова Гордана.**Brufen 600 шумливи гранули-брз аналгетски одговор на постоперативната болка. Mylan-комерцијално предавање.<br><br>6 Симпозиум со меѓународно учество на ЗСОХМ, Скопје, 2015 | 1<br><br>1<br><br>1 |
| | **Вкупно:** | **126,8** |

**СТУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Реден број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Коавтор на книга од стручна област:**<br>,,Дијагностички и тераписки протоколи во стоматологијата” Стоматолошка комора на Р.Македонија, Скопје, ноември 2010<br>(рецензирана во Билтен бр.966 од 2010 г.). | 7 |
| 2 | **Воведување на нова лабораториска/клиничка метода:**<br>-биохемиска подготовка на Институтот за биохемија при Медицинскиот факултет во Скопје и клиничка апликација на Carnoy’s solution на Клиниката за орална хирургија од 2014 год. | 4 |
| 3 | **Учество на промотивни активности на Факултетот:**<br>-презентација на Стоматолошкиот факултетот на Саемот за образование, 2008,2009,2010,2011 (4×0,5)<br>Учество на студентски конгреси под покровителство на деканот на Стоматолошки факултет како ментор на студентски теми (6×0,5):<br>-,,Примена на хипноза при оралнохируршки интервенции”,постерска презентација. 16Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија, Охрид, 2009, Книга на апстракти.<br>-„Современ оралнохируршки пристап кон пациентите со регулиран diabetes mellitus“ постер презентација, 17Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија,Охрид, 201о, Книга на апстракти; 47, второнаградена постерска презентација.<br>-,,Употреба на антибиотици кај здрави пациенти при хируршка екстракција на трети молари: за или против”,постерска презентација,18 Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија, Охрид, 2011, Книга со апстракти, првонаградена постерска презентација. | 2<br>3 |

| | | |
|---|---|---|
| | -,,Влијание на социоекономскиот статус врз причините за екстракција на заби", 21Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија, Охрид 2014, усна презентација, Книга на апстракти, стр:93.<br><br>- ,,Инциденца на кариес на мандибуларен втор молар асоцирана со присуство на полуимпактиран мандибуларен трет молар", 22 Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија" Охрид, 2015, постерска презентација, Книга на апстракти.<br><br>„Влијание на релаксирачката музика во контрола на периоперативниот стрес",усна презентација, 24Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија, Охрид, 2017, Книга на апстракти. | |
| 4 | **Клиничка или научно-апликативна студија во областа на медицинските науки и здравството**: | |
| | Употреба на Парафен по оралнохируршки интервенции-ЈЗУ Универзитетски клинички центар "Св.Пантелејмон" и Реплекфарм, 2013 | 1 |
| | Локални ефекти при употреба на Оралсепт ® (бензидамине хидрохлорид) во 2016 година | 1 |
| 5 | **Завршена специјализација:** орална хирургија, јули 2003 | 2 |
| | **Вкупно:** | **20** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| **Реден** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|

| број | | |
|---|---|---|
| 1 | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир:**<br><br>Модератор на постерска сесија на Првиот македонски Конгрес за орална хирургија и имплантологија со меѓународно учество, Скопје, 2-4.6.2016;<br><br>Модератор на сесија со усни презентации на Првиот македонски конгрес за орална хирургија и имплантологија со меѓународно учество, Скопје, 2-4.6.2016;<br><br>Модератор на Симпозиум на ЗСОХМ со меѓународно учество „Коскени и мекоткивни графтови во орофацијалната регија", Демир Капија, 2011;<br><br>Член на научен одбор на 6 Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество,Охрид, 2012. | 1<br><br>1<br><br>1<br><br>1 |
| 2 | **Награди за научни достигнувања од струкова организација:**<br><br>- Благодарница од МЛД за активно учество во извршување на целите и задачите на Македонското лекарско друштво (2004);<br><br>-Благодарница од Стоматолошкиот факултет по повод јубилејот 50 години постоење (2009);<br><br>-Благодарница од МСД по повод 10 години од осамостојувањето на Друштвото (2013). | 3<br><br>3<br><br>3 |
| 3 | **Учество во изработка на национална програма од одредена област:**<br><br>- ,,Стратешки план за развојот на стоматологијата во Република Македонија во периодот од 2011-2021", Стоматолошка комора на Р.Македонија, Скопје, 2010. | 3 |
| 4 | **Учество во комисии и тела на државни и други органи (*1 )**<br>-член на Конкурсната комисија за запишување на студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје во учебните 2008/09,2009/10: (2×1) | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно:** | **18** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **126,8** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **20** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **18** |
| **Вкупно:** | **164,8** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Борис Величковски, с.р.**
2. **Проф. д-р Марија Пеева Петреска, с.р.**
3. **Проф. д-р Оливер Димитровски, с.р.**
4. **Проф. д-р Сашо Еленчевски, с.р.**
5. **Проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова, с.р.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Гордана Апостолова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Гордана Апостолова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето научен соработник во научната област орална хирургија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Гордана Апостолова да биде избрана во звањето научен соработник во научната област орална хирургија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Борис Величковски, с.р.**
2. **Проф. д-р Марија Пеева Петреска, с.р.**
3. **Проф. д-р Оливер Димитровски, с.р.**
4. **Проф. д-р Сашо Еленчевски, с.р.**
5. **Проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова,с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „ПАРОДОНТОЛОГИЈА - ЗА СТРУЧНИ ЗАБНИ ТЕХНИЧАРИ“ ОД АВТОРИТЕ проф. д-р ЌИРО ИВАНОВСКИ, проф. д-р МАЈА ПАНДИЛОВА, проф. д-р СНЕЖАНА ПЕШЕВСКА, проф. д-р САШО ЕЛЕНЧЕВСКИ и проф. д-р ВЕСНА КОРУНОСКА-СТЕВКОВСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, бр. 02-771/2, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот ПАРОДОНТОЛОГИЈА - ЗА СТРУЧНИ ЗАБНИ ТЕХНИЧАРИ од авторите: Ќиро Ивановски, Маја Пандилова, Снежана Пешевска, Сашо Еленчевски и Весна Коруноска-Стевковска, наменет за студентите на I циклус студии за стручни забни техничари, за предметот Пародонтологија, избрани се проф. д-р Билјана Капушевска и проф.д-р Силвана Георгиева.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

### I. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | **ПАРОДОНТОЛОГИЈА - за стручни забни техничари** |
| **Назив на предметната програма:** | **Пародонтологија** |
| **Назив на студиската програма:** | **I циклус студии за стручни забни техничари** |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **45 (30+15), 5 ЕКТС-кредити** |
| Предметот Пародонтологија на Стоматолошкиот факултет е изборен предмет со фонд на часови 45 ( 30 теорија+15 пракса), број на ЕКТС-кредити-5 и се слуша во I семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | **прво издание** |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 133 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 134 слики. |

РЕЦЕНЗЕНТИ

**Проф. д-р Силвана Георгиева с.р.**

**Проф. д-р Биљана Капушевска с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот:проф.д-р Силвана Георгиева

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Учебникот е систематизиран во 6 глави:<br>Глава 1. Анатомија на пародонтот – автор: проф. д-р Ќиро Ивановски<br>Глава 2. Етиологија на пародонтопатиите (биофилм) и клинички карактеристики на пародонталната болест - автор: проф. д-р Маја Пандилова<br>Глава 3. Видови на мобилни протетички изработки-автор: проф. д-р Сашо Еленчевски<br>Глава 4. Видови на фиксни протетички надоместоци - автор проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска<br>Глава 5. Паропротетика – автори: проф. д-р Ќиро Ивановски и проф. д-р Снежана Пешевска<br>Глава 6. Делување на сили на пародонциумот-биомеханика – автор: проф. д-р Снежана Пешевска<br>Вака систематизираната содржина, напишана на македонски јазик, овозможува редоследно запознавање и совладување на материјата, со што учебникот е јасен и разбирлив за студентите. Секоја глава поодделно е конципирана со методски единици кои сочинуваат прегледна и точно определена целина. Мноштвото на слики и цртежи во овој учебник придонесуваат наставната материја да биде лесна и разбирлива за студентите. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на учебникот е во согласност со предметната програма за студентите од I циклус студии за стручни забни техничари при Стоматолошкиот факултет. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Систематизираните и јасно конципирани глави посветени на одредената проблематика, прегледно и разбирливо ја обработуваат зададената материја. Дополнително појаснување со бројните графички прикази и слики, сосем прецизно ја дообјаснува содржината на учебникот. Заради сето посочено, од педагошки аспект овој учебник наполно одговара за |

| | |
|---|---|
| | едукација на студентите од посочената студиска програма за додипломска настава. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 133 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 134 слики.<br><br>Ракописот е сочинет од материјал кој во целост, по обемот и содржината, одговара на наставната програма за предметот Пародонтологија, кој е изборен предмет во I семестар од студиите. Тој е наменет за студентите од I циклус студии за стручни забни техничари при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Покрај едноставноста, прецизноста и логичниот след на изнесување на материјата на лесен и разбирлив стил на пишување, дополнувањето и дообјаснувањето со слики и графички прикази го прават овој учебник соодветен и разбирлив за студентите. Овој учебник ќе им овозможи на студентите да го добијат неопходното знаење совладувајќи ја предвидената наставна програма.<br><br>Поради сето претходно изложено, заклучувам дека учебникот треба да биде позитивно рецензиран и истовремено предлагам да биде објавен и отпечатен како учебник по предметот Пародонтологија, наменет за студентите од I циклус студии за стручни забни техничари на Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од авторите: проф. д-р Ќиро Ивановски, проф. д-р Маја Пандилова, проф. д-р Снежана Пешевска, проф. д-р Сашо Еленчевски и проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Пародонтологија, примарно наменет за студентите на Стоматолошкиот факултет.

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Силвана Георгиева с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

## На учебникот ПАРОДОНТОЛОГИЈА -за стручни забни техничари од авторите: проф.д-р Ќиро Ивановски, проф. д-р Маја Пандилова, проф. д-р Снежана Пешевска, проф. д-р Сашо Еленчевски и проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска

**(посебен дел од рецензијата од проф. д-р Биљана Капушевска)**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Содржината на учебникот е систематизирана во 6 глави:<br>Глава 1. Анатомија на пародонтот – автор проф. д-р Ќиро Ивановски<br>Глава 2. Етиологија на пародонтопатиите (биофилм) и клинички карактеристики на пародонталната болест – автор: проф. д-р Маја Пандилова<br>Глава 3. Видови на мобилни протетички изработки – автор: проф. д-р Сашо Еленчевски<br>Глава 4. Видови на фиксни протетички надоместоци – автор: проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска<br>Глава 5. Паропротетика – автори: проф. д-р Ќиро Ивановски и проф. д-р Снежана Пешевска<br>Глава 6. Делување на сили на пародонциумот – биомеханика – автор: проф. д-р Снежана Пешевска<br>Содржината проследена во сите глави, а напишана на македонски јазик,е распределена по логичен редослед кој го прави овој учебник едноставен, јасени разбирлив за студентите. Секоја методска единица поставена во соодветната глава е прегледна и јасна. Учебникот е збогатен со слики и цртежи, со што наставната материја станува лесна и разбирлива за секој студент. |
| **Оцена на учебникот за усогласеност со предметната програма** | Содржината на учебниконе во корелација со предметната програма за студентите од I циклус студии за стручни забни техничари на Стоматолошкиот факултет. |
| | Предвидените методски единици на соодветниот предмет, а проследени во дадените глави на учебникотсе напишани на осмислен и концизен начин. Големиот број на илустрации ја дообјаснуваат обработената материја. Од аспект на горенаведеното, општата педагошка оцена за овој учебник е дека наполно соодветствува за едукација на студентите од посочената студиска програма за додипломска настава. |

| | |
|---|---|
| **Оцена на учебникот** | |
| **Категоризација** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Ракописот содржи материјал кој по обемот и содржината во целост одговара на наставната програма за теоретскиот дел по предметот Пародонтологија, изборен предмет, наменет за студенти од студиската програма за I циклус студии за стручни забни техничари од I семестар при Стоматолошкиот факултет во Скопје.<br>Адаптираноста на стилот на пишување со јасност и прецизност, како и надополнувањето со бројни илустрации и шеми го прават овој учебник соодветен и лесен за совладување. Сето претходно напишано води кон сознание дека овој учебник ќе им овозможи на студентите полесен начин на совладување на проблематиката од оваа област.<br>Од сето горенаведено, мојот заклучок е дека овој учебник заслужува да биде позитивно рецензиран и затоа предлагам да биде објавен и отпечатен како учебник по предметот Пародонтологија, наменет за студентите од студиската програма за I циклус студии за стручни забни техничари од I семестар на Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од авторите: проф д-р Ќиро Ивановски, проф д-р Маја Пандилова, проф д-р Снежана Пешевска, проф д-р Сашо Еленчевски и проф д-р Весна Коруноска-Стевковска. |
| **Предлози за потребни корекции** | Нема. |

Рецензент

Проф. д-р Билјана Капушевска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНИКОТ ,,СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА - СТОМАТОЛОШКА ФИКСНА ПРОТЕТИКА ЗА СТРУЧНИ СТОМАТОЛОШКИ СЕСТРИ – ОРАЛНИ ХИГИЕНОЛОЗИ I ДЕЛ” од авторот проф.д-р БИЛЈАНА КАПУШЕВСКА и коавторите: н.сор.д-р НАТАША СТАВРЕВА и ас.д-р ВЕСНА ЈУРУКОВСКА ШОТАРОВСКА

**(заеднички дел од рецензијата)**

| | |
|---|---|
| **Назив на учебникот** | **СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА - СТОМАТОЛОШКА ФИКСНА ПРОТЕТИКА ЗА СТРУЧНИ СТОМАТОЛОШКИ СЕСТРИ – ОРАЛНИ ХИГИЕНОЛОЗИ I ДЕЛ** |
| **Назив на предметната програма** | Содржините се наменети како основна литература за задолжителниот предмет Стоматолошка протетика, наменет за студентите на студиската програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози при Стоматолошкиот факултет во Скопје. |
| **Назив на студиската програма** | За студиската програма на студентите за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози при Стоматолошкиот факултет во Скопје. |
| **Фонд на часови настава и ЕКТС** | Фондот на часови по предметот Стоматолошка протетика изнесува 45 (30+15), 8 ЕКТС, на Катедрата за стоматолошка протетика. |
| **Име и презиме на авторот** | проф.д-р Билјана Капушевска |
| **Усогласеност со наставата** | Содржината на учебникот кореспондира со наставната програма за студентите од студиските програми за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози при Стоматолошкиот факултет во Скопје. |
| **Време и акт на изборот на рецензентите** | На 5, редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на 5.3.2018 година, со Одлука бр.02-369/2, се одредени рецензенти за учебникот ,,Стоматолошка протетика - стоматолошка фиксна протетика за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози I дел” од проф.д-р Весна Коруноска Стевковска и проф.д-р Јадранка Бундевска. |
| **Дали се работи за прво издание или не** | Прво |
| **Општи податоци за учебникот** | Учебникот ,,Стоматолошка протетика - стоматолошка фиксна протетика за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози I дел” се состои од 4 поглавја. Целата материја е обработена и изложена на вкупно 145 страници А4-формат. Содржината на учебникот е напишана на |

| | |
|---|---|
| | осмислен начин, надополнета со многу прецизни и јасни слики, шеми и илустрации. |

Рецензенти,

Проф.д-р Весна Коруноска Стевковска с.р.

Проф.д-р Јадранка Бундевска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНИКОТ ,,СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА - СТОМАТОЛОШКА ФИКСНА ПРОТЕТИКА ЗА СТРУЧНИ СТОМАТОЛОШКИ СЕСТРИ – ОРАЛНИ ХИГИЕНОЛОЗИ I ДЕЛ" од авторот проф.д-р БИЛЈАНА КАПУШЕВСКА и коавторите: н.сор.д-р НАТАША СТАВРЕВА и ас.д-р ВЕСНА ЈУРУКОВСКА ШОТАРОВСКА

**(посебен дел од рецензијата од проф.д-р Весна Коруноска Стевковска)**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Содржината на учебникот е систематизирана во 4 поглавја:<br>Поглавје 1. Подготовка на работно место за изработка на фикснопротетички конструкции:<br>Дел 1.1 Подготовка на работно место за изработка на привремени фикснопротетички конструкции<br>Дел 1.2 Подготовка на работно место за изработка на дефинитивни фикснопротетички конструкции<br>Дел 1.3 Подготовка на работно место за изработка на леани надградби<br>Поглавје 2. Помошни материјали во протетичката практика:<br>Дел 2.1 Најчесто употребувани помошни материјали во протетичката практика<br>Поглавје 3. Вештачки коронки:<br>Дел. 3.1 Изработка на вештачки коронки во стоматолошката протетика<br>Поглавје 4. Дентални мостови:<br>Дел 4.1 Изработка на дентални мостови во стоматолошката протетика<br>Дел 4.2 Изработка на безметални керамички фиксни мостови.<br>Содржината проследена во сите поглавја и делови, а напишана на македонски јазик, е распределена по логичен редослед кој го прави овој учебник едноставен, јасен и разбирлив за студентите. Секоја методска единица поставена во соодветно поглавје и дел е прегледна и јасна. Учебникот е збогатен со слики, шеми и илустрации со што наставната материја станува лесна и разбирлива за секој студент. |
| **Оцена на учебникот за** | Содржината на учебникот е во корелација со предметната програма за студентите од студиските програми за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози при Стоматолошкиот факултет во Скопје. |

| | |
|---|---|
| **усогласеност со предметната програма** | |
| **Оцена на учебникот** | Предвидените методски единици на соодветниот предмет, а проследени во дадените поглавја и делови на учебникот се напишани на осмислен начин, надополнети со прецизни, јасни, шематски прикази и илустрации што ја дообјаснува обработената материја. Сублимираното, стручно и разбирливо презентирање на методските единици, кои се богато илустрирани, го прави материјалот лесно достапен за студентот, со можност за полесно совладување на материјата. Од аспект на горенаведеното, општата педагошка оцена за овој учебник е дека наполно соодветствува за едукација на студентите од сите посочени студиски програми за постдипломска настава. |
| **Категоризација** | Учебник. |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Ракописот содржи материјал кој по обемот и содржината во целост одговара на наставната програма по предметот Стоматолошка протетика, наменет за студентите на студиската програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози V семестар при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Адаптираноста на стилот на пишување со јасност и прецизност, како и надополнувањето со бројни слики и шеми го прават овој учебник соодветен и лесен за совладување.<br>Заради сето ова, чест и задоволство е да се биде рецензент на ваков учебник, кој ќе им овозможи на студентите и на сите оние на кои им претставува поле на интерес, нов поглед и полесен и интересен начин на изучување на главните постулати на стоматолошката протетика.<br>Од сето горенаведено, мојот заклучок е дека овој учебник заслужува да биде позитивно рецензиран и затоа предлагам да биде објавен и отпечатен како учебник по предметот Стоматолошка протетика, наменет за студентите на студиската програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози V–ти семестар при Стоматолошкиот факултет во Скопје, од авторот проф. д-р Билјана Капушевска. |
| **Предлози за потребни корекции** | Нема. |

Рецензент

Проф.д-р Весна Коруноска Стевковска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНИКОТ ,,СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА - СТОМАТОЛОШКА ФИКСНА ПРОТЕТИКА ЗА СТРУЧНИ СТОМАТОЛОШКИ СЕСТРИ – ОРАЛНИ ХИГИЕНОЛОЗИ I ДЕЛ” од авторот проф.д-р БИЛЈАНА КАПУШЕВСКА и коавторите: н.сор.д-р НАТАША СТАВРЕВА и ас.д-р ВЕСНА ЈУРУКОВСКА ШОТАРОВСКА

**(посебен дел од рецензијата од проф.д-р Јадранка Бундевска)**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Учебникот ,,Стоматолошка протетика - стоматолошка фиксна протетика за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози I дел” е напишан на македонски јазик, но во согласност со речникот за протетички термини. Методските единици се прегледно, јасно и изложени на јазик наменет за студентите од втор циклус студии. Секоја методска единица, покрај текстуалната содржина, е збогатена со слики, илустрации и соодветни.<br>Содржината на учебникот е следна:<br>Поглавје 1. Подготовка на работно место за изработка на фикснопротетички конструкции:<br>Дел 1.1 Подготовка на работно место за изработка на привремени фикснопротетички конструкции<br>Дел 1.2 Подготовка на работно место за изработка на дефинитивни фикснопротетички конструкции<br>Дел 1.3 Подготовка на работно место за изработка на леани надградби<br>Поглавје 2. Помошни материјали во протетичката практика:<br>Дел 2.1 Најчесто употребувани помошни материјали во протетичката практика<br>Поглавје 3. Вештачки коронки:<br>Дел. 3.1 Изработка на вештачки коронки во стоматолошката протетика<br>Поглавје 4. Дентални мостови:<br>Дел 4.1 Изработка на дентални мостови во стоматолошката протетика<br>Дел 4.2 Изработка на безметални керамички фиксни мостови. |
| **Оцена на учебникот за усогласеност со предметната програма** | Содржината на учебникот е во согласност со часовите наменети за студентите на студиската програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози V семестар при Стоматолошкиот факултет во Скопје. |

| | |
|---|---|
| **Оцена на учебникот** | Поаѓајќи од горенаведениот краток опис на содржината, учебникот може да се оцени дека се сврстува во учебник кој е напишан темелно и осмислено, и е надополнет со прецизни и јасни, илустрации што ја дообјаснуваат обработената материја.<br>Имајќи ги предвид сите наведени карактеристики на учебникот, кој е основа за осознавање на основните принципи на работа на одделот за стоматолошка протетика – фиксна протетика, тој се сврстува во материја која е интересна и потребна не само за студентите за кои е наменет туку и за сите стоматолози.<br>Овој учебник наполно кореспондира со наставната содржина предвидена за едукација на предвидените студенти. |
| **Категоризација** | Учебник. |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Ракописот содржи материјал кој по обемот и содржината во целост одговара на наставната програма по предметот Стоматолошка протетика наменет за студентите на студиската програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози V семестар при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Адаптираноста на стилот на пишување со јасност и прецизност, како и надополнувањето со бројни слики и илустрации го прават овој учебник соодветен и лесен за совладување.<br>Заради сето ова, чест и задоволство е да се биде рецензент на ваков учебник, кој ќе им овозможи на студентите и на сите оние на кои им претставува поле на интерес, како правилно и лесно да ја совладаат материјата од соодветната област.<br>Од сето горенаведено, мојот заклучок е дека овој учебник заслужува да биде позитивно рецензиран и затоа предлагам да биде објавен и отпечатен како учебник по предметот Стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од авторот проф. д-р Билјана Капушевска. |
| **Предлози за потребни корекции** | Нема. |

Рецензент

Проф.д-р Јадранка Бундевска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЗВАЊЕТО ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESOR HONORIS CAUSA) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ, НА Д-Р ФРИДРИХ ХЕРБСТ, ПРОФЕСОР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗИГМУНД ФРОЈД ВО ВИЕНА, АВСТРИЈА

Комисијата за наука, Комисијата за настава и Комисијата за соработка со универзитетите во земјата и во странство, на заедничката седница одржана на 11.4.2018 година, определи Рецензентска комисија за изработка на рецензија за доделување на звањето почесен професор на д-р Фридрих Хербст, професор на Универзитетот "Зигмунд Фројд" Виена, Австрија, во состав:

- проф. д-р Никола Јанкуловски
- проф. д-р Александар Караѓозов
- проф. д-р Розалинда Попова Јовановска.

Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Проф. Фридрих Хербст е роден 1958 година во Виена, Австрија. По завршувањето на студиите по медицина во Виена во 1983 година со највисокото признание “Sub Auspiciis Praesidentis Rei Publicae”, специјализирал хирургија на Универзитетот во Виена од 1984 до 1990 година. Стручното усовршување го продолжил од 1994 до 1995 година во болниците „St. Mark’s“ и „St. Thomas“ во Лондон и во 1999 година во „Royal College of Surgeons“ во Англија. Хабилитација и Докторат одбранил во 1995 година на Медицинскиот универзитетот во Виена. Избран е за професор по хирургија на Медицинскиот универзитет во Виена, во 1997 година. Се усовршувал во областа на раководење во медицина и управување со болници од 2003 до 2004 година во Салцбург, Австрија. Член е на Австрискиот врховен здравствен совет од 2008 до 2010 година. Се стекнал со звањето специјалист по абдоминална хирургија во 2011 година. Раководител е на Хируршкиот оддел во болницата „St. John of God“ во Виена од 2007 година до сега. Проф. Фридрих Хербст е професор по колоректална хирургија на Универзитетот "Зигмунд Фројд" воВиена, од 2016 година.

Наставна дејност

Проф. Фридрих Хербст е професор по колоректална хирургија на Универзитетот "Зигмунд Фројд" во Виена, како и раководител на Хируршкиот оддел во болницата „St. John of God“ во Виена. Одговорен е за наставата за студенти по медицина на Медицинскиот универзитет во Виена од 1986 година, за постдипломски и докторски студии на домашни и странски студенти, регистрација на специјалисти по хирургија организирана од Австриското здружение на хирурзи, раководител на научно-клинички работни групи за колоректални заболувања, овластен испитувач по хирургија на Медицинскиот универзитет во Виена, учесник во создавањето и подобрувањето на нови курукулуми на Медицинскиот универзитет во Виена, организирање на летни школи по онкологија за студенти по медицина, како и едукација на студенти по медицина од Универзитетот "Зигмунд Фројд". Проф. Фридрих Хербст бил поканет предавач и водител на сесии, како и организатор на бројни национални и интернационални конференции. Организирал и предавал на 8 постдипломски курсеви од областа на лапароскопската колоректална хирургија, онколошките заболувања, хирургијата на карлично дно и гастроинтестиналната хирургија во Париз, Виена, Љубљана и Блед. Организирал и учествувал на 4 филмувани работилници во живо за лапароскопска колоректална хирургија во Виена, Лондон, Линц и Салцбург. Проф. Фридрих Хербст е визитинг - професор на: Универзитетот во Болоња, Италија, од 1998 година, Универзитетот во Техеран, Иран, од 2000 година, Универзитетот и болницата “Red Cross” во Вилнус, Литванија, од 2000 година, и Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Република Македонија, од 2003 година.

Стручно - апликативна дејност

Членува во голем број стручни и научни асоцијации, при што е носител и на повеќе раководни функции:

-потпретседател на Европската федерација за колоректален карцином, од 2003 до сега;

-член на Советот на Австриското здружение за хирургија, 1998-2002, од 2013 до сега;

-член на Советот на AGC-фондацијата (Arbeitsgemeinschaft fur Gastrointestinale Chirurgie) во Давос, Швајцарија, од 2010 до сега;

- претседател на Австриското здружение на хирурзи, 2017-2018.

Ги извршувал следниве функции:

-претседател на Австриското здружение за хируршка онкологија (ACO/ASSO), од 1998 до 2002 година;

-член на „Action Committe” на Австриското здружение за хирургија, од 2002 до 2006 година;

-член на советот на Европската академија за хируршки науки, од 2005 до 2010 година;

-претседател на Виенското здужение на хирурзи, од 2013 до 2017 година;

-следен претседател на Австриското здружение на хирурзи, 2016-2017 година.

Член е во 16 научни и стручни организации во Австрија и Велика Британија, Европската федерација за колоректален карцином, Европската академија за хируршки науки, Европското здружение за васкуларна хирургија и Европското здружение за колопроктологија.

Награди и признанија

Проф. Фридрих Хербст е носител на:

- наградата "Ehren-und Förderungspreis fur hervorragene Leistung" (награда за извонредни достигнувања) од Медицинскиот совет, Виена, во 1983 година;

- наградата "Schering-Prize" од Австриското здружение за ангиологија и Австриското здружение за васкуларна хирургија во 1992 година.

Публицистичка дејност

Објавил 162 публикации во медицински и истражувачки списанија. Автор е на 18 поглавја во книги. Објавил повеќе рецензии, белешки и уводници и повеќе од 150 апстракти. Проф. Фридрих Хербст е рецензент во повеќе реномирани списанија, како што се: International Journal of Colorectal Diseases, European Surgery, Transplant International, Colorectal Disease, World Journal of Surgery, Journal of the International Uro-Gynecology Association, Diseases of the Colon and Rectum and Techniques in Coloproctology. Тој е член на Советодавниот одбор за наука во областа на минималната инвазивна хирургија.

Најзначајните достигнувања на д-р Фридрих Хербст се во областа на хирургијата на колонот и ректумот, особено на онколошките заболувања и колоректалниот карцином, воспалителните болести на цревата, операции за подобрување на функцијата на карличното дно, минималната инвазивна хирургија на абдоменот (лапароскопската хирургија) и управување со квалитет и ревизија.

Значење за развојот на медицината во Република Македонија

Проф. Фридрих Хербст има голем придонес во унапредувањето на македонската хирургија и медицината воопшто. Тој е визитинг-професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од 2003 година. Редовно, двапати во годината, проф. Фридрих Хербст

држи одделни предавања на Факултетот за студенти и за специјализанти и специјалисти доктори.

Активно учествува во едукацијата на кадри од Клиниката за дигестивна хирургија со практично изведување на операции, особено со методата на минимално инвазивна хирургија на абдоменот. Исто така, редовно доктори од Република Македонија имаат стручни престои на Хируршкиот оддел во болницата „St. John of God“ во Виена каде што се образоваат во абдоминалната хирургија.

Во текот на посетите на Медицинскиот факултет, заедно со докторите од Клиниката за дигестивна хирургија, проф. Фридрих Хербст активно учествува во хируршкото лекување на пациентите од нашата земја.

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи ги предвид достигнувањата на проф. Фридрих Хербст во наставно-едукативната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, неговите големи заслуги во развојот на македонската абдоминална хирургија, особено хирургијата на колонот и ректумот и минималната инвазивна хирургија на абдоменот, имаме задоволство да му предложиме на Универзитетскиот сенат, почитуваниот проф. Фридрих Хербст да биде избран за почесен професор (PROFESOR HONORIS CAUSA) на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.

Проф. д-р Александар Караѓозов, с.р.

Проф. д-р Розалинда Попова Јовановска, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: КОНТРОЛА НА ЛИНИЈА И КОНТРОЛА ОД ЛИНИЈА, БИОИНЖЕНЕРСТВО И ТЕХНОЛОГИЈА НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ-ДРУГО НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ, ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Технолошко-металуршки факултет, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 9.2.2018 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: контрола на линија и контрола од линија, биоинженерство и технологија на прехранбени производи-друго, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-363/1 од 6.3.2018 година, донесена на 27. редовна седница, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Елеонора Винкелхаузен, редовен професор во пензија, Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, д-р Мирјана Боцевска, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје и д-р Весна Рафајловска, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 9.2.2018 година се пријави еден кандидат, и тоа д-р Елена Величкова Никова, доцент на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со пријавата се доставени сите потребни документи според објавениот конкурс.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Елена Величкова Никова е родена на 6.3.1978 во Скопје, Република Македонија. Средно образование завршила во гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Скопје, во 1996 година. Со високо образование се стекнала на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на насоката прехранбено-биотехнолошко инженерство, на тема *Анаеробно-аеробни реактори за обработка на отпадни води*. Дипломирала на 21.9.2001, со просечен успех 8,1.

Кандидатката се служи активно со англискиот и пасивно со германскиот јазик.

Во учебната 2001/2002 година се запишала на втор циклус (магистерски студии) на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на насоката *биотехнологија*. Студиите ги завршила во 2008 година со просечен успех 10,00. На 13.2.2008 го одбранила магистерскиот труд на тема: *Продукција на етанол со имобилизација на квасочни клетки во целулозни гелови*.

Докторската дисертација на тема: *Конзервирање на овошје и зеленчук со нетермички процеси* ја одбранила на 31.1.2013 година, пред Комисија во состав: д-р Слободанка Кузманова, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, ментор, д-р Елеонора Винкелхаузен, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, член, д-р Ацо Димитровски, редовен професор, Технолошко-

металуршки факултет, УКИМ, Скопје, член, д-р Мирјана Боцевска, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, член и д-р Весна Рафајловска, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет, УКИМ,Скопје, член. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област технологија.

На 17.6.2013 е избрана во звањето доцент на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во кое звање е и денес. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1055 од 31.5.2013.

Рецензентската комисија, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот, ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања од последниот избор до денот на пријавата.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

По својот последен избор, а тоа е во звањето доцент во 2013 година, кандидатката д-р Елена Величкова Никова, освен што изведува настава на прв, втор и трет циклус студии на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, продолжи и со изведувањето на вежбите на додипломските студии на студиската програма Прехранбена технологија и биотехнологија по предметите на кои беше избрана. Покрај редовните обврски околу изведувањето на лабораториските и пресметковните вежби, писмените испити и консултациите со студентите, кандидатката изведува и теренска настава, а била вклучена и како предавач на три обуки одржани за прехранбената индустрија на барање на Министерството за економија (Обука за технологија на преработки од овошје и зеленчук, Обука за технологија на ферментирани млечни производи и Обука за технологија на житарки-пекарски производи).

Кандидатката била ментор на 20 дипломски труда и учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 30 дипломски, 1 специјалистички и 6 магистерски труда, како и на 1 докторска дисертација во периодот од јуни 2013 до февруари 2018 година.

Кандидатката е коавтор на збирка задачи: „Анализа на процеси во прехранбената индустрија", издадена од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2013 година.

Кандидатката е рецензент за списанијата: Foods, Food Chemistry, Food Research International, Food Science and Technology International, Journal of Adhesion Science and Technology, Journal of Agricultural Science and Technology, Journal of Food Procesing and Preservation, LWT-Food Science and Technology.

*Активностите кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Анекс 2 со датуми и други податоци согласно со Правилникот за избор.*

### Научноистражувачка дејност

Во периодот од јуни 2013 до февруари 2018 година, д-р Елена Величкова Никова објавила вкупно 10 труда со научни резултати од областа на прехранбената технологијата,

од кои 6 труда во меѓународни научни списанија со импакт - фактор (фактор на влијание) и 5 труда во зборници од научни собири. Учествувала на научно/стручни собири со апстракти (19), објавени во зборници на меѓународни конгреси и конференции, а е учесник и во еден меѓународен проект од областа на електропорацијата и нејзината примена.

Д-р Елена Величкова Никова била ментор на 1 магистерски труд.

*Активностите кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот, називите на трудовите, проектите и слично се наведени во табелата во Анекс 2.*

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатката учествувала во повеќе промотивни активности на Технолошко-металуршкиот факултет во средните училишта, на конгресите за образование и на отворените денови на Факултетот. Таа била дел и од тимот за натпреварот за наноматеријали спроведен во средните училишта во Република Македонија, како и на саемот **Техномa 2015** - Форум за иновации и технолошки развој.

На барање од фирмата Seed of Life, дооел, Неготино, доставено до Технолошко-металуршкиот факултет, д-р Величкова извршила анализа на мостри од крекери и подготвила соодветен извештај.

Д-р Елена Величкова Никова е вклучена во работата на колегиуми и комисии на Технолошко-металуршкиот факултет, и тоа како член на Наставно-научниот совет, Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии на студиските програми: Прехранбена технологија и биотехнологија и Управување со квалитет и безбедност на храната. Нејзината активност на Факултетот е претставена и со учеството во повеќе факултетски комисии: Пописна комисија, Комисија за самоевалуација, Комисија за оцена на трудовите од натпреварот за наноматеријали спроведен во средните училишта во Република Македонија и Комисија за дипломски работи.

Кандидатката била и член во 2 рецензентски комисии за избори во наставно-научни звања и подготвила мислење по авторезиме на еден 1 докторски труд.

Во периодот од 2014 до 2017 година, д-р Елена Величкова Никова била на 2 студиски престоја во Италија. Еден престој во Interdepartmental Centre for Agri-Food Industrial Research, Alma Mater Studiorum, University of Bologna, Чезена, Италија и еден престој во Салерно, Италија, на Школата за електропорација, School on applications of pulsed electric fields for food processing.

*Конкретните активности кои припаѓаат во овие дејности, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Анекс 2, со датуми и други податоци.*

## Оценка од самоевалуација

Д-р Елена Величкова Никова, во изборниот период, доби позитивни оценки (8,8; 8,9; 9,1) од анонимно спроведената анкета на студентите на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката д-р Елена Величкова Никова, очигледно е дека таа е вреден и трудољубив наставник кој постојано се надоградува, го развива својот потенцијал и внесува новини во сите дејности на својата работа. Таа постигнува забележителни резултати во наставно-образовната, научноистражувачката и другите дејности од поширок интерес. Од приложениот список на трудови од последниот избор до денес објавени во меѓународни списанија со импакт фактор (6) и во зборници од научни собири (5) се гледа дека научноистражувачката работа на д-р Елена Величкова Никова е во областа на прехранбената биотехнологија и новите трендови во прехранбеното инженерство.

Врз основа на изнесените податоци за кандидатката, Комисијата заклучи дека д-р Елена Величкова Никова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области: контрола на линија и контрола од линија, биоинженерство и технологија на прехранбени производи-друго.

Од горенаведеното, Рецензентската комисија во д-р Елена Величкова Никова гледа вреден, одговорен, совесен работник како за наставна, така и за научоистражувачка дејност. Во согласност со критериумите за избор на наставник според Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за избор во повисоко звање со вкупно 164,09 бодови (Анекс 2) од последниот избор во звањето доцент, како и нашата позитивна оценка во однос на нејзината досегашна наставно-образовна и научноистражувачка активност, членовите на Рецензентската комисија со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатката д-р Елена Величкова Никова, досегашен доцент, да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно-научните области: контрола на линија и контрола од линија, биоинженерство и технологија на прехранбени производи-друго.

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Елеонора Винкелхаузен, редовен професор во пензија, с.р.
   Технолошко-металуршки факултет, УКИМ
2. Д-р Мирјана Боцевска, редовен професор, с.р.
   Технолошко-металуршки факултет, УКИМ
3. Д-р Весна Рафајловска, редовен професор, с.р.
   Технолошко-металуршки факултет, УКИМ

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Елена Ѓеорги Величкова Никова**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Технолошко-металуршки факултет-Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** прехранбена технологија (41400)

**НАСТАВНА ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава - прв циклус студии = ч · нед. · 0,04** | |
| | Основи на прехранбено инженерство (ПТ), 6. семестар, (2+3), 2013-2018 | **6** |
| | Контрола на квалитет на прехранбени производи (ПТ), 7. семестар, (3+3), 2013-2018 | **9** |
| | Контрола на квалитет на биотехнолошки производи (БТ), 7. семестар, (3+3), 2013-2018 | **9** |
| | Процеси на конзервирање на храна (ПТ), 7. семестар, (3+3), 2013-2018 | **9** |
| | Изолација и пречистување на биопродукти (БТ), 6. семестар, (2+2), 2013-2018 | **6** |
| 2 | **Одржување на настава - втор циклус студии, постдипломски студии = ч · нед. · 0,05**<br>студиски програми: Прехранбена технологија и биотехнологија, модул: прехранбена технологија (ПТ) и модул: биотехнологија (Б), Управување со квалитет и безбедноста на храната (УКБХ) | |
| | Развој на нови производи, процеси и методи - 15%, (ПТ+БТ+УКБК), 1. семестар, (3+3), 7 ЕКТС, 1 год. | **0,33** |
| | Управување со квалитет – 10%, (ПТ), 1 семестар, (2+2), 5 ЕКТС, 4 год. | **3,60** |
| | Развој на идеја за магистерска теза, 20%, (ПТ+БТ+УКБК), 2. семестар (2+2), 5 ЕКТС, 2 год. | **0,60** |
| 3 | **Одржување на вежби - прв циклус студии = ч · нед. · 0,03** | |
| | Основи на прехранбено инженерство (ПТ), 6. семестар, (2+3), 2013-2018 | **6,75** |
| | Контрола на квалитет на биотехнолошки производи (БТ), 7. семестар, (3+3), 2013-2018 | **6,75** |

| | | |
|---|---|---|
| | Процеси на конзервирање на храна (ПТ), 7. семестар, (3+3), 2013-2018 | **6,75** |
| | Изолација и пречистување на биопродукти (БТ), 6. семестар, (2+2), 2013-2018 | **4,50** |
| **4** | **Консултации со студенти = број · 0,002** | |
| | од 2013-2018 вкупно 507 студенти | **1,01** |
| **5** | **Подготовка на нов предмет** | |
| | Управување со квалитет | **1** |
| **6** | **Ментор на дипломска работа = број · 0,2** | |
| | од јуни 2013 до февруари 2018 ментор на 20 дипломски работи | **4** |
| 7 | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат = број · 0,5** | |
| | 1. Дарко Димитровски, Испитување на пробиотски својства на бактерии од родот *Lactobacillus* со примена на in vitro клеточен модел и нивна примена во храна за посебни нутритивни потреби, Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, 19.3.2015 | **0,50** |
| **8** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура = број · 0,3** | |
Проф. м-р Страшо Темков е претседател на Извршниот совет во Дирекцијата за култура и уметност на Град Скопје, седум години во континуитет со своите колеги проф. м-р Васо Ристов и вон. проф. м-р Александар Гошев заедно го управува и раководи меѓународниот летниот музички камп за млади музички уметници во Струмица, раководител е на Катедрата за дувачки, удирачки инструменти и соло пеење при Факултетот за музичка уметност-Скопје и член на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

## Оценка од самоевалуација

Кандидатот проф. м-р Страшо Темков на сите анонимно спроведени анкети на студентите на Факултетот за музичка уметност во Скопје има добиено позитивни оценки.

За летниот семестар во учебната 2013/2014 година има просечна оценка 9,96, за зимскиот семестар во учебната 2014/2015 година има просечна оценка 9,92, за летниот семестар во учебната 2014/2015 година има просечна оценка 9,84, за зимскиот семестар во учебната 2015/2016 година има просечна оценка 9,96, за летниот семестар во учебната 2015/2016 година има просечна оценка 9,93, за зимскиот семестар во учебната 2016/2017 година има просечна оценка 9,99 и за летниот семестар во учебната 2016/2017 година има просечна оценка 9,99.

## Заклучок

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Рецензентската комисија заклучи дека проф. м-р Страшо Темков поседува уметнички, научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти - докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде реизбран во звањето редовен професор по областа видови инструменти (Флејта), за наставните предмети: Флејта, Оркестарски делници за флејта и Камерна музика за дувачки инструменти. Според горенаведеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје, м-р

Страшо Темков да биде реизбран во звањето редовен професор по областа видови инструменти (Флејта), за наставните предмети: Флејта, Оркестарски делници за флејта и Камерна музика за дувачки инструменти.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р Гордана Јосифова Неделковска, с.р.

Проф. м-р Стојан Димов, с.р.

Проф. м-р Васо Ристов, с.р.

***Анекс 2***

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Страшо Јордан Темков***
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ***Факултет за музичка уметност - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје***
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: видови инструменти (дувачки), по предметите:**
**Флејта, Оркестарски делници за флејта и Камерна музика за дувачки инструменти**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (наставно-образовна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Настава од прв циклус студии, 2013/14 (10 студенти) | 12 |
| 2. | Настава од прв циклус студии, 2014/15 (8 студенти) | 9,6 |
| 3. | Настава од прв циклус студии, 2015/16 (10 студенти) | 12 |
| 4. | Настава од прв циклус студии, 2016/17 (9 студенти) | 10,8 |
| 5. | Настава од прв циклус студии, 2017/18 (7 студенти) | 8,4 |
| | **Вкупно** | **52,8** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (научноистражувачка):** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на втор циклус студии 2016/17, Билјана Камчева, Сарана Адеми | 2 |
| 2. | Ментор на втор циклус студии 2015/16, Канита Алиу | 1 |
| 3. | Ментор на втор циклус студии 2012/13, Марија Јакимовска | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 4. | Ментор на втор циклус студии 2017/18, Илинка Велкова | 1 |
| | **Вкупно** | **5** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-уметничка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Рецитал – „Златна лира“, во организација на СМУМ, 25.10.2013 г. | 8 |
| 2. | Рецитал – „Боите на звукот“, организатор СМУМ –Кавадарци, 15.10.2015 | 8 |
| 3. | Рецитал –флејта и гитара, Демир Капија 8.11.2014 г. | 8 |
| 4. | Концерт-фестивал “Битфест“ – Битола трио АУРА, 27.8.2015 г. | 2 |
| 5. | Концерт-фестивал “Еспресиво Цетиње“ –Ц.Гора, 7.8.2016 г. | 2 |
| 6. | Концерт-фестивал “Барски љетопис“-Ц.Гора, 8.8.2016 г. | 2 |
| 7. | Рецитал – МА-Загреб –Р Хрватска, 22.10.2015 г. | 8 |
| 8. | Рецитал- дом на култура, Прелог, Р Хрватска | 8 |
| 9. | Солист со Нишки симфониски оркестар, 15.9.2016 г. | 8 |
| 10. | Рецитал –фестивал “Аполонија Созопол“, Р Бугарија | 8 |
| 11. | Солист со камерен оркестар Аморозо, Р Србија 12.6.2013 г. | 8 |
| 12. | Солист со оперскиот оркестар од Хо Ши Мин, Р Виетнам 19.7.2016г. | 8 |
| 13. | 30г. –јубилеен концерт “Есенски музички свечености“, 30.11.2016 г. | 8 |
| 14. | Рецитал-фестивал “Башчаршијски ноќи“-Сараево ,БиХ, 6.7.2017 г. | 8 |
| 15. | Рецитал –музеј “Бург Хаус“, Лондон –Англија, 20.5.2016 г. | 8 |
| 16. | Концерт –“Скопско лето “ трио АУРА, 27.7.2017 г. | 2 |
| 17. | Концерт –“Охридско лето“ трио АУРА, 3.8.2017 г. | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-уметничка): | Поени |
|---|---|---|
| 18. | Рецитал –“Макарско лето “–Р Хрватска, 4.7.2017 г. | 8 |
| | **Вкупно** | **114** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | Раководител на Семинар во Лесковац, 2013 | 3 |
| | Раководител на  Семинар во Макарска, 2017 | 3 |
| | Летен музички камп, Струмица, 2013/14/15/16/17 г. | 3 |
| | Член во жири-комисија, Р Србија, републички натпревар, 2016/17 г. | 4 |
| | Меѓународен натпревар, Ваљево, Р Србија–член на жири, 2013/14/15/16/17 г. | 10 |
| | Меѓународен натпревар „Охридски бисери“, 2013/15/17 г. | 6 |
| | Меѓународен натпревар „Даворин Јенко“. Р Србија, Белград | 2 |
| | Втора награда-Александар Лолески „Охридски бисери“, 2017 г. | 0.5 |
| | Трета награда „Охридски Бисери“, Богдана Бушевска, 2017 г. | 0.5 |
| | Тахир Куленовиќ, Р Србија, 2017 еден прва и една втора награда | 0.5 |
| | Добитник на „Златна лира“ од СМУМ за 2017 година | 3 |
| | **Вкупно** | 35,5 |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | Член на Универзитетскиот сенат | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | Раководител на Катедрата за дувачки, удирачки инструменти и соло пеење | 3 |
| | **Вкупно** | 5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 52,8 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 5 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 114 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 35,5 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 5 |
| **Вкупно** | 212,3 |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р Гордана Јосифова Неделковска, с.р.

Проф. м-р  Стојан Димов, с.р

Проф. м-р Васо Ристов, с.р

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „МЕТОДОЛОГИЈА СО СТАТИСТИКА - ПРАКТИКУМ“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ГЕОРГИ ГЕОРГИЕВ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, бр.0201-159/11, од 26.2.2018 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на ракописот „Методологија со статистика – практикум“ од авторот проф. д-р Георги Георгиев, наменет за студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, за предметот Методологија со статистика, избрани се д-р Роберт Христовски, ред. проф. и д-р Серјожа Гонтарев, насл. доц.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### III. ОПШТ ДЕЛ

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Методологија со статистика - практикум |
| **Назив на предметната програма:** | Методологија со статистика |
| **Назив на студиската програма:** | Физичко и здравствено образование |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **4 + 2 (8 ЕКТС-кредити)** |
| Предметот Методологија со статистика на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје е задолжителен предмет на прв циклус студии со фонд на часови 4 + 2, број на ЕКТС-кредити 8 (осум) и се слуша во III (трети) семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 150 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 pt. Текстот е поделен во 15 поглавја (вклучувајќи ја и литературата). |

РЕЦЕНЗЕНТИ

4. **Проф. д-р Роберт Христовски с.р.**
5. **Насл. доц. д-р Серјожа Гонтарев с.р.**

## IV. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Роберт Христовски

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот е разработен во 15 глави, и тоа:<br><br>Во првата глава е даден основен осврт на науката, методологијата, статистика и употребата на современите статистички програми.<br><br>Во ракописот се разработени и следниве глави:<br><br>2. Мерење, мерни скали и нивни карактеристики (номинално, ординално, интервално и рацио мерење); 3. Видови, методи и техники на истражување, со опис на фундаменталните и оперативните, како и трансверзалните и лонгитудиналните истражувања. Од методите за собирање на податоци се разработени: историската, дескриптивната и експерименталната метода, а од техниките на истражување: набљудување, анкетирање и интервју.<br><br>Како четврта глава е план за истражување и проектирање, како и структура на истражувачки проект; 5. Карактеристики на мерните инструменти; 6. Основни дескриптивни статистички параметри. Се спомнуваат: мерките на централна тенденција (аритметичка средина, централна вредност и доминантна вредност), потоа мерки на варијабилноста (растојание, стандардна девијација и коефициент на варијабилност).<br><br>Во седмата глава се разработени најчесто најприменливите начини на презентирање на резултатите во табели и графички приказ. Во Глава 8 е обработена распределбата на резултатите, со осврт на нормалната распределба. Потоа, во Глава 9 е обработена методата на стандардизација на резултатите, односно "зет"-вредности со различните ситуации на практична применливост. Во Глава 10 се објаснети и опишани поимите: |

| | |
|---|---|
| | популација, примерок на испитаници и видовите на примероци на испитаници кои најчесто се употребуваат во научно-истражувачката работа.<br><br>Во Глава 11 се разработени тестирањата на разликите меѓу две аритметички средини:<br><br>1. кај големи независни примероци,<br><br>2. кај мали независни примероци,<br><br>3. кај големи зависни примероци,<br><br>4. кај мали зависни примероци.<br><br>Следната глава ја објаснува поврзаноста меѓу појавите со осврт на основниот коефициент на корелацијата (Пирсонова корелација) и<br><br>коефициент на рангот на корелацијата (Спирманова корелација), како и интерпретација на вредноста на коефициентот на корелацијата. Во Глава 13 е разработена хи-квадрат тест постапката за утврдување на значајноста на разликата на резултатите со фреквенции. Во Глава 14 е даден практичен осврт при стручно-научното заклучување во статистиката и во 15-тата глава се прикажани користените извори за подготовка на ракописот. Во Прилог на ракописот се дадени потребните статистички табели за потребите на овој труд. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е во целосна усогласеност со предметната програма |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Одлична – 10. |
| **Категоризација:** | учебно помагало - практикум |

| | |
|---|---|
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 150 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 pt. Текстот е поделен во 15 поглавја (вклучувајќи ја литературата). |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Методологија со статистика, примарно наменет за студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Роберт Христовски с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: Насл. доц. д-р Серјожа Гонтарев

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „Методологија со статистика – практикум“ е современо учебно помагало, кое во себе ги елаборира и ги објаснува основните и клучни поими кои се повзнани со методологијата и статистиката. Учебното помагало е изложено на 150 страници, со 15 глави или тематски целини, а самите теми содржат повеќе поглавја или методски единици кои ги објаснуваат главните единици. Во учебникот има изложено и обемна библиографија, што укажува на фактот дека за самата проблематика се консултирани признати и познати домашни и светски научници.<br>Во првата глава, авторот зборува за науката, методологијата, статистика и употребата на современите статистички програми. Во втората глава авторот ги објаснува мерењата, мерни скали и нивни карактеристики (номинално, ординално, интервално и рацио мерење). Третата глава е посветена на видовите, методите и техниките на истражувањето, со опис на фундаменталните и оперативните, како и трансверзалните и лонгитудиналните истражувања. Од методите за собирање на податоци се разработени: историската, дескриптивната и експерименталната метода, а од техниките на истражување: набљудување, анкетирање и интервју.<br>Во четвртата глава, авторот дава детална анализа како да се изработи план за истражување и проектирање, како и структура на истражувачки проект. Петтата глава е посветена на карактеристиките на мерните инструменти. Во шестата глава авторот се задржува на основни дескриптивни статистички параметри. Се спомнуваат: мерките на централна тенденција (аритметичка средина, централна вредност и доминантна вредност), потоа мерки на варијабилноста (растојание, стандардна девијација и коефициент на варијабилност). Во седмата глава, авторот говори за најчесто и |

| | |
|---|---|
| | најприменливите начини на презентирање на резултатите во табели и графички приказ. Осмата глава е посветена на распределбата на резултатите, со осврт на нормалната распределба. Во деветтата глава, авторот говори за методата на стандардизација на резултатите, односно "зет"-вредности со различните ситуации на практична применливост. Во десеттата глава се објаснети и опишани поимите популација, примерок на испитаници и видовите на примероци на испитаници кои најчесто се употребуваат во научно-истражувачката работа. Во единаесеттата глава се разработени тестирањата на разликите меѓу две аритметички средини: (кај големи независни примероци, кај мали независни примероци, кај големи зависни примероци и кај мали зависни примероци). Во дванаесеттата глава авторот ја објаснува поврзаноста меѓу појавите со осврт на основниот коефициент на корелацијата (Пирсонова корелација) и коефициент на рангот на корелацијата (Спирманова корелација), како и интерпретација на вредноста на коефициентот на корелацијата. Во тринаесеттата глава е разработена хи-квадрат тест постапката за утврдување на значајноста на разликата на резултатите со фреквенции. Во четиринаесеттата глава е даден практичен осврт при стручно-научното заклучување во статистиката и во последната глава се прикажани користените извори за подготовка на ракописот. Во Прилог на ракописот се дадени потребните статистички табели за потребите на овој труд. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е во целосна усогласеност со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Одлична – 10. |

| | |
|---|---|
| **Категоризација:** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 150 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 pt. Текстот е поделен во 15 поглавја (вклучувајќи ја литературата). |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Методологија со статистика, примарно наменет за студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.

Рецензент

**Насл. доц. д-р Серјожа Гонтарев с.р.**

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

### 1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Маја Хаџиева | Научен пристап во определување на баланс на маса при студии на форсирана деградација на станини | Scientific approach in determining the mass balance in the studies of forced degradation of statins | Проф. д-р Анета Димитровска | 02-709/3<br>25.12.2017 |
| 2. | Биљана Лазарова | Евалуација на трошоците и исходите поврзани со фармаколошката тромбофилакса со нефракциониран хепарин и хепарини со мала молекулска тежина на венскиот тромбоемболизам на Ортопедското одделение во ЈЗУ Клиничка болница Штип | Evaluation of the costs and outcomes related to pharmacological thromboprevention with two tipas of heparin for thromboembolism at the Orthopedic Department at Orthopedic word in Clinical Hospital-Stip | Проф.д-р Љубица Шутуркова | 02-709/4<br>25.12.2017 |
| 3. | Вјолца Ќерими | Развој на фармакоекономски анализи во третманот на мултипна миелома во Р. Македонија | Development of Pharmacoeconomic Analyses in Multiple Myeloma Treatment: the Macedonian Health-care Perspective | Проф. д-р Љубица Шутуркова | 02-176/4<br>13.03.2018 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. Магистерски труд по ЛАБОРАТОРИСКА АНАЛИЗА И ИНЖЕНЕРСТВО ВО ФАРМЦИЈАТА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Благородна Копривица | Развој на методи за физичко-хемиска и биофармацевтска карактеризација на наноструктурирани липидни носачи со рисперидон | Development of the methods for phisico-hemical and biopharmaceutical characteriyation of NLC with risperidone | Проф. д-р Марија Главаш Додов | 02-176/19<br>13.03.2018 |
| 2. | Мартина Тоневска | Определување на големина и дистрибуција според големина на наноструктурирани липидни честички-влијание на формулациските варијабли | Determination of particle size and particle size distribution of of nanostructured lipid particles – the effect of formulation variables | Проф. д-р Марија Главаш Додов | 02-176/20<br>13.03.2018 |
| 3. | Виктор Поповски | Современ пристап во развој и валидација на метод за одредување на големина и дистрибуција по големина на честички од активна супстанција | A comprehensive approach in method development and validation for measuring the particle size distribution of active pharmaceutical ingredient | Доц. д-р Никола Гешковски | 02-176/21<br>13.03.2018 |
| 4. | Мартина Јаковлевска | Регулаторни барања и студии за испитување на ефикасност и безбедност на козметички производи | Regulatory requirement and efficacy and safety testing of cosmetic products | Проф. д-р Марија Главаш Додов | 02-176/22<br>13.03.2018 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. Магистерски труд по козметологија

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Маја Џепанова | Развој на формулација на масло во вода крем како козметички производ | Formulation development of w/o cream as a cosmetic product | Проф. д-р Марија Главаш Додов | 02-709/9 25.12.2017 |
| 2. | Тања Олумчева | Развој, оптимизација и карактеризација на формулација на микросунѓери со клиндамицин со примена на експериментален дизајн | Development, optimization and characterization of formulation of microsponges with clindamycin using experimental design studies | Доц. д-р Маја Симоноска Црцаревска | 02-176/23 13.03.2018 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 2. Специјалистички трудови по фармацевтска регулатива

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ана Јеленковиќ | Патенти и други видови на заштита на податоци за лекви | Patents and other types of drug data protection | Проф. д-р Анета Димитровска | 02-645/4 01.12.2017 |
| 2. | Ирена Стојановска | Регулаторни аспекти и преглед на литература поврзани со квалитетот, безбедноста и ефикасноста на лековите наменети за локална употреба | Regulatory aspects and literatures review with regard to the quality, safety and efficacy of the medical products for topical use | Проф. д-р Анета Димитровска | 02-176/18 13.03.2018 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. Специјалистички труд по ИНДУСТРИСКА ФАРМАЦИЈА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Билјана Петровска Јакимовска | Дизајн на амбалажата како стратегија за спречување на фалсификувањето на лековите | Packaging design as a strategy for counteracting drug counterfeiting | Проф. д-р Катерина Горачинова | 02-709/8 25.12.2017 |
| 2. | Дејан Кунески | Примена на современи статистички алатки при дизајн и оптимизација на фармацевтско-технолошки процес на влажна гранулација | Application of modern statistical tools in design and optimization of the pharmaceutical-tehnological process of wet granulation | Проф. д-р Марија Главаш додов | 02-176/18 13.03.2018 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

### 3. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Васко Поповски | „Управувањето со кризи на глобално, регионално и национално ниво: концепт на отпорно општество од кризи и катастрофи“ | „Crisis management at global, regional and national levels: the concept of resilient society from crisis and disasters“ | Проф. д-р Марина Митревска | 3. IV 2018<br>02-838/8 |
| 2. | м-р Мартина Неделковска | „Компаративна анализа на современите системи за полициска едукација и обука на европските држави во функција на зголемување на професионалноста на полицијата во Република Македонија“ | „Comparative analysis of the contemporary systems for police education and training of the European countries in function of increasing the professionalism of the police in Republic of Macedonia“ | Проф. д-р Митко Котовчевски | 3. IV 2018<br>02-838/7 |

ПРЕГЛЕД
# НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

## 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Ивана Петровска Зимоски** | „Инклузивното образование на децата со оштетен вид во земјите во Европа“ | Inclusive education for shildreen with visual implarment in countries in Europe | проф. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ | Бр.10-736/3<br>3-4-2018 |
| 2. | **Олга Оровчанец** | „Филозофски и општествено – нормативни апсекти на употребата на Генетски модифицираните организми (ГМО)“, | Philosophical and socially – normative aspects of the use of Genetically moditied Organisms(GMO) | доц. д-р Марија Тодоровска | Бр.10-203/4<br>3-4-2018 |
| 3. | **Игор Кузманоски** | „Керамичкиот материјал во погребната пракса на гробовите со инхумација од Југоисточната некропола во Скупи“ | Ceramic material in the burial practice of the inhumation eraves from the southeast necropolies in Scupi | проф. д-р Антонио Јакимовски | Бр.10-772/3<br>3-4-2018 |
| 4. | **Драган Даскаловски** | „Влијанието на интензивниот сеопфатен третман кај деца со нарушувања од аутистичниот спектар“ | The impact of intensive and comprehensive tretman in children with autistic spectrum disorders | проф. д-р Горан Ајдински | Бр.10-771/3<br>3-4-2018 |
| 5. | **Ангела Савеска** | „Третман и реинтеграција на жртви на трговија со луѓе во Република Македонија“ | Tretmant and reintegration of victims of human trafficking in the Republic od Macedonia | проф. д-р Татјана Стојановска Иванова | Бр.10-735/3<br>3-4-2018 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **6.** | **Ивана Димитриевска** | „Булингот во училиштето и семејното насилство – специфики, начин на регулирање и превенција во земјите од ЕУ (Бугарија, Германија, Данска) и Република Македонија“ | Bulling at school and domestic violence- regulation and prevention in the EU contries( Bugaria, Germany, Denmark and Republik of Macedonia) | проф. д-р Татјана Стојановска Иванова | Бр.10-605/3 3-4-2018 |
| **7.** | **Мартин Цаневски** | Реформи на политиките за социјална помош во Европа: состојби и предизвици во Република Македонија“ | Reforms of social assistance policies in Europe:conditions and challenges in the Republic of Macedonia | проф. д-р Маја Геровска Митев | Бр.10-776/3 3-4-2018 |
| **8.** | **Магдалена Стојмановиќ** | „Феноменолошката парадигма во социологијата во контекст на прашањата за јазикот“ | Phenomenologual paradigm in sociologu in contex guestions about language | проф. д-р Константин Миновски | Бр.10-442/3 3-4-2018 |
| **9.** | **Мери Георгиевска** | „Североисточна Македонија во римскиот период“ | Northeast Macedonia in Roman period | проф. д-р Антонио Јакимовски | Бр.10-442/3 3-4-2018 |

ПРЕГЛЕД

# НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

## 2. СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Билјана Талевска** | „Професионален стрес кај социјалните и здравствените работници“ | Professionals stress for social and health workers | проф. д-р Ива Трајков | Бр.10-737/3<br>3-4-2018 |

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СЛЕДЕЊЕ И ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ НА ЈАЗИЧНАТА КОМПЕТЕНЦИЈА ВО АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК ПРЕКУ ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ МЕТОДИ НА ОЦЕНУВАЊЕ НАСПРОТИ УПОТРЕБАТА НА ПОРТФОЛИО“ ОД М-Р ИСКРА СТАМЕНКОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на седницата одржана на 20.12.2017 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Искра Стаменковска со наслов „Следење и формативно оценување на јазичната компетенција во англискиот јазик како странски јазик преку традиционалните методи на оценување наспроти употребата на портфолио“, во следниов состав: проф. д-р Екатерина Бабамова (ментор), проф. д-р Анжела Николовска, доц. д-р Елена Ончевска-Агер, проф. д-р Марија Јанева Михајловска и проф. д-р Зозе Мургоски.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертацијана кандидатката м-р Искра Стаменковска, со наслов „Следење и формативно оценување на јазичната компетенција во англискиот јазик како странски јазик преку традиционалните методи на оценување наспроти употребата на портфолио“, содржи 350 страници компјутерски обработен текст со проред 1,5 и големина на букви 12, 255 фусноти, 213 библиографски единици, меѓу кои значајни научни трудови, статии, книги од меѓународни и домашни публикации, како и интернет-ресурси.
Трудот е структуриран во шест глави и 16 прилози. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се постигнува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведниот дел, кандидатката ја образложува својата мотивација што ја навела да се определи токму за ова истражување. Имено, таа има релативно долго искуство во наставната практика на терцијарно ниво, но била вклучена и во теоретски истражувања, кои резултирале во изработка на *Прирачник за наставата по немајчин јазик* во основното, средното и високото образование (уредник Алесандро Беати, со поддршка на Британскиот совет). Во овој прирачник, Искра Стаменковска е коавтор на делот *Проверка на јазичните вештини*, каде што темелно ја разработува проблематиката на вреднување на четирите јазични вештини. Работата на овој труд ги продлабочува нејзините сознанија во врска со комплексноста на факторите што наставникот треба да ги има предвид при реализацијата на различните начини на проверка на јазичните компетенции, но и на ефектот што тестовите го имаат врз наставата, зависно од применетата методологија. Понатаму, кандидатката ги анализира најновите сознанија од научната и стручната литература кои се релевантни како критериуми што тестот воопшто, а тестот по странски

јазик посебно, треба да ги исполнува за да ја постигне својата функција. Притоа, таа се задржува на критериумот *прифатливост*, т.е. колку тестот ја рефлектора волјата на ученикот да учествува во процесот на тестирање и желбата да се измери неговиот постигнат напредок. Токму овој критериум на прифатливост е она што ги поттикнува експертите по методика и наставниците подеднакво да посегнат кон алтернативните методи на оценување, наспроти традиционалните тестови. Критериумот прифатливост подразбира дека ученикот не треба себеси да се доживува како жртва во процесот на оценување, каде што наставникот дава арбитрарно мислење за тоа колку е усвоена одредена јазична категорија.

Во **првиот дел,** Искра Стаменковска дава аналитичко-критички осврт на традиционалните методи на оценувањето во наставата по странски јазици, од типот: повеќекратен избор, поврзување, препознавање, пополнување празнини и слично. Како посебна слабост, таа ја истакнува ограничената продукција на јазикот цел, што не дава реална слика за продуктивните комуникативни компетенции на ученикот. Во таа смисла, како најпопуларна алтернативна форма на вреднување е јазичното портфолио, кое овозможува повеќедимензионалност при следењето и вреднувањето на резултатите, воедно внесувајќи иновативност и разнообразност во наставата. Овие фактори позитивно влијаат врз мотивираноста на ученикот, но и на самиот наставник. Во средините каде што се користи јазично портфолио, ученикот добива улога на критичар кој треба да ги анализира и да ги применува новите податоци, а не само да ги повторува. Овој нов концепт на улогата на ученикот повлекува значајни промени во наставните практики.
Искра Стаменковска дава осврт на Европското јазично портфолио како дел од Заедничката европска референтна рамка за јазиците (ЗЕРРЈ), кое, иако им е достапно на учениците и на наствниците по странски јазици во Република Македонија, не наоѓа широка примена во практиката. Мислењата за овој значаен документ се поделени, па оттука потребата неговата функционалност да биде испитана и поткрепена со повеќе емпириски истражувања, особено од аспект на неговата формативна функција за следење и мерезе на јазичните компетенции. Истакнувајќи ја промената во пристапот во изучувањето на странските јазици што настапи во последните две декади, ставајќи ја комуникативната компетенција и ученикот во центарот на образовниот процес, Искра Стаменковска укажува на дискрепанцата што се јавува меѓу иновативните методологии на наставата, наспроти традиционалните методи на оценување.

Во нејзината дисертација таа поаѓа од тезата дека портфолиото има моќ да покаже како се развиваат и се надградуваат јазичните компетенции и дека може да послужи како валиден и доверлив тест за оценување на јазичните компетенции во јазикот цел. Притоа, кандидатката ги поставува следниве четири истражувачки прашања:

1. Дали учениците што се оценуваат преку комбинација на портфолио и формални традиционални тестови ќе покажат подобри резултати во споредба со учениците што се оценуваат само преку формални тестови во текот на академската година?
2. Дали постои порамнување/корелација помеѓу оценката стекната преку портфолио и онаа преку формални испити, со што ќе се докаже неговата валидност и доверливост како инструмент за оценување на јазичните компетенции?

3. Дали учениците умеат да си го оценат сопствениот резултат на прецизен и валиден начин?
4. Дали учениците позитивно реагираат на воведувањето на портфолиото како инструмент за оценување на стекнатите компетенции, особено во доменот на самооценувањето и меѓусебното оценување?

Во **вториот дел** се дефинирани основните терминолошки дистинкции меѓу тестирањето и вреднувањето, со осврт на целите, методите и инструментите на вреднувањето, како и корелацијата меѓу наставната програма и процесот на вреднување. Овој дел изобилува со релевантни податоци од дијахрониска природа и богато цитирана стручна литература, поврзувајќи ги со барањата што произлегуваат од местото што го има изучувачот на странскиот јазик во современата настава.

**Третиот дел** дава кус преглед на развојот и местото на оценувањето. Споменати се различните видови алтернативни техники за следење и оценување, со посебно внимание на јазичното портфолио. Појаснета е дефиницијата на портфолиото, потеклото на концептот за портфолио како стратегија за учење, но и за тестирање. Даден е преглед на различните видови портфолија, карактеристиките на портфолиото, како и основните принципи за примена на портфолиото како во процесот на изучувањето, така и во фазата на тестирање и оценување на усвоените компетенции. Особено внимание е посветено на предностите и на недостатоците на портфолиото, како и главните пропоненти и опоненти на оваа техника. Понатаму, образложена е валидноста и веродостојноста на портфолиото како стратегија за оценување, самооценување и меѓусебно оценување, како и улогата што портфолиото ја има при зајакнувањето на автономијата на ученикот во текот на усвојувањето на јазичните вештини. Овој дел завршува со појаснување на концептот на триангулација при оценувањето на јазичните вештини.

Во **четвртиот дел,** м-р Стаменковска ги опишува методите и испитаниците вклучени во истражувањето, а дава и опис на контекстот во кој беше спроведено самото истражување. Определени се зависните и независните варијабли и сите инструменти користени во текот на експериментот. Во ова истражување кандидатката успеала да направи база на бројни квантитативни и квалитативни податоци. Првите се добиени преку два вида оценување, со портфолио и со формални тестови. Квалитативните податоци се добиени преку анкета наменета за експерименталната група, а се однесуваат на нивното севкупно искуство од примената на моделот за оценување преку портфолио.

**Петтиот дел** ја содржи анализата на резултатите прибрани преку трите инструменти: резултати од писмените испити, резултати од оценувањето со портфолио и резултати сопред податоците од спроведената анкета. Откако детално е опишана процедурата, карактеристиките на експерименталната фрупа (ЕГ) и контролната група(КГ), како и форматот и содржината на тестовите, м-р Стаменковска појаснува дека формалниот тест е администриран во двете групи, за да се види дали ЕГ ќе покаже подобар резултат од КГ. Со примена на теоријата на веројатност и статистиката, кандидатката ги приложува графиконите и табелите од спроведеното лонгитудинално истражување и дава толкување на резултатите. Тие накусо може да се сумираат во следниве три категории:

Првата се однесува на јазичните компетенции и укажува дека портфолиото драматично ги зголемува јазичните компетенции кај ЕГво сите тестирани јазични вештини, т.е. има висока корелација меѓу примената на портфолиото и постигнатите резултати, во споредба со КГ, тестирана на традиционален начин.

Втората констатација е дека, покрај високата корелација межу моделот на оценување и покажаниот резултат, студентите во високото образование покажуваат валидни резултати и во меѓусебното оценување. Корелацијата е пониска кога е во прашање оценувањето на сопствениот напредок и резултати.

Третата констатација се однесува на односот и прифатеноста на портфолиото од страна на студентите. Иако генерално тие имаат позитивен став, одговорите од отворен тип аналитички пристапуваат и кон неотпорностите на портфолиото, особено од аспект на практичноста за неговата примена.

Во **шестиот дел** м-р Стаменковска ги изнесува заклучоците од истражувањето, ги анализира неговите ограничувања и дава насоки за понатамошни консекутивни истражувања во смисла на добивање нови податоци за применливоста и ефикасноста на оваа алтернативна метода на оценување.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените аргументи во овој извештај, Рецензентската комисија заклучи дека м-р Искра Стаменковска во целост одговорила на целите на дисертацијата, применувајќи целисходна методологија и инструменти. Резултатите претставуваат значаен придонес во применетата лингвистика и во методиката на наставата по странски јазици. Со примената на резултатите, ученикот ќе го добие она централно место во наставниот процес за кое се залага современата методика и дидактика. Според тоа, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ да го усвои извештајот и да ја повика кандидатката м-р Искра Стаменковска на јавна одбрана на докторската дисертација под наслов „Следење и формативно оценување на јазичната компетенција во англискиот јазик како странски јазик преку традиционалните методи на оценување наспроти употребата на портфолио“.

Рецензентска комисија
Проф. д-р Екатерина Бабамова (ментор), с.р.
Проф. д-р Анжела Николовска, с.р.
Доц. д-р Елена Ончевска-Агер, с.р.
Проф. д-р Марија Јанева Михајловска , с.р.
Проф. д-р Зозе Мургоски, с.р.

# ПРЕГЛЕД
## НА ПРИЈАВЕНИ И ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА УКИМ -ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ СО ОДЛУКА НА НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ ДОНЕСЕНА НА СЕДНИЦАТА ОДРЖАНА НА ДЕН 29.03.2018 ГОДИНА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Дипл. шум. инж. КАТЕРИНА СРЕБРОВА** | „Истражување на скриени аспекти за дисеминација на хиповирулентност кај фитопатогената габа Cryphonectria parasitica (Murrill)Barr“ | „Investigation of cryptic aspects of dissemination of hypovirulence in the phytopathogenic fungus Cryphonectria parasitica (Murrill) Barr“ | **Проф. д-р КИРИЛ СОТИРОВСКИ** | Бр.02-217/6 од 29.3.2018 година |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ОЦЕНА НА КРЕДИТНАТА СПОСОБНОСТ И КРЕДИТЕН РИЗИК НА МСП И КОРПОРАТИВНИ КЛИЕНТИ ЗА КРЕДИТНА ИЗЛОЖЕНОСТ ВО БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МОДЕЛИТЕ НА КРЕДИТЕН РИЗИК “ ОД

М-Р КРИСТИНА КУНОВСКА, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р КРИСТИНА КУНОВСКА под наслов ОЦЕНА НА КРЕДИТНАТА СПОСОБНОСТ И КРЕДИТЕН РИЗИК НА МСП И КОРПОРАТИВНИ КЛИЕНТИ ЗА КРЕДИТНА ИЗЛОЖЕНОСТ ВО БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МОДЕЛИТЕ НА КРЕДИТЕН РИЗИК , Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, донесе Одлука бр. 02-30/1 од 3.1.2018 година, за формирање на Комисија за оцена и одбрана на трудот, во состав:

1. д-р Биљана Ангелова, редовен професор
2. д-р Диана Бошковска, вонреден професор
3. д-р Климентина Попоска, редовен професор
4. д-р Весна Георгиева Свртинов, доцент и
5. д-р Ирина Мајовски, научен соработник.

По проучувањето на поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата на членовите, Комисијата, до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1.Општи напомени

Докторската дисертација од кандидатката м-р КРИСТИНА КУНОВСКА под наслов ОЦЕНА НА КРЕДИТНАТА СПОСОБНОСТ И КРЕДИТЕН РИЗИК НА МСП И КОРПОРАТИВНИ КЛИЕНТИ ЗА КРЕДИТНА ИЗЛОЖЕНОСТ ВО БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МОДЕЛИТЕ НА КРЕДИТЕН РИЗИК, обработува современа и актуелна проблематика од областа на банкарскиот менаџмент.

Имајќи ја предвид светската економска криза, причините за нејзино настанување и домино-ефектите во меѓународни рамки, појдовна претпоставка во истражувањето е кредитниот ризик на кој се изложени банките, управувањето со кредитниот ризик и кредитното портфолио, исправката на вредност и издвојување на резервации во билансните позиции на банката, т.е. нивното влијание врз намалувањето на добивките односно зголемувањето на загубите од финансиското работење на банките. Оттаму се наметнува претпоставката дека оценката на кредитната способност на клиентите од страна на банките е можеби нереална и таа може да отстапува од кредитната способност утврдена од страна на кредит-рејтинг агенциите. Проблематиката поврзана со управувањето со кредитниот ризик наметна сет прашања, како на пример. Дали анализите на кредитните референти при оцена на кредитната способност на клиент -кредитобарател се веродостојни за да може врз основа на нив да се донесе одлука за одобрување на кредитната изложеност во банката? Кои модели на кредитниот ризик ги кристат банките во своето работење со цел да го сведат кредитниот ризик на ниво прифатливо за банката? Која е врската помеѓу кредитната способност на клиентот и изложеноста на банката на кредитен ризик, како и проценката на можноста на банката за загуби.

Кредитната активност и ризикот кој произлегува од неа е една од основните функции во деловното работење на банките. Кредитното портфолио претставува најголема инвестиција на банката и доминантен извор на приходи за банката. Оттука, тоа претставува едновремено и најголемиот извор на ризик и најчеста причина за загуби и неуспеси на банките. Ефикасното управување со портфолиото на банката и изложеноста на кредитен ризик и кредитната функција е, според тоа, основа за безбедноста и здравото работење на банките. Денес, управувањетото со ризици претставува една од најзначајните функции на менаџерите, која произлегува од нивната способност адекватно да го дефинираат апетитот за ризик и да извршат правилна проценка на ризикот како основа за соодветно управување, да ги измерат ризиците на кои се изложени нивните деловни активности, ризиците на кои се изложени како резултат на работењето со нивните клиенти итн.

Драматичните загуби како резултат на кризите во банкарската индустрија беа основа за пруденти регулаторни мерки во управување со ризиците и воспоставување на финансиска стабилност и транспарентност на банките. Во тој контекст, банкарскиот сектор изврши подобрување на системот на мерење и управување со кредитниот ризик и контрола на кредитниот ризик како еден од основните ризици за работење на банките. Дополнително поттикнати од развојот на информатичките комуникациски технологии, развиени се софистицирани системи, со можноста за нивна мултидисциплинарна примена, преку употреба на напредни софтверски алатки, се базирани на директна имплементација на математичко-статистичките методи и модели, кои овозможија квантифицирање на кредитниот ризик. Овие методи се повеќе се користат во финансиските институции и банки при проценка на ризиците на потенцијалните клиенти, поддршка на донесување одлуки при одобрување кредити, проценување на веројатноста за неисполнување на обврските на актуелните должници, анализирање на однесувањето на постоечките клиенти, проектирање на финансиски производи, утврдување на оптимална структура на капитал, како и пресметка на барањата за регулаторен капитал.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов ОЦЕНА НА КРЕДИТНАТА СПОСОБНОСТ И КРЕДИТЕН РИЗИК НА МСП И КОРПОРАТИВНИ КЛИЕНТИ ЗА КРЕДИТНА ИЗЛОЖЕНОСТ ВО БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МОДЕЛИТЕ НА КРЕДИТЕН РИЗИК, поднесена од кандидатката м-р КРИСТИНА КУНОВСКА, има 453 страници на кои се дадени: вовед, 5 глави, библиографија, заклучни согледувања и 8 прилози.

Трудот е структуриран во пет делови, во кој сеопфатно се обработени меѓународната регулаторна рамка и целокупниот процес на управувањето со ризиците, со посебен осврт на кредитниот ризик (квантификација на кредитниот ризик преку развој на скоринг-моделот и интерниот модел на кредитен рејтинг) и неговото влијание на истиот врз регулаторниот капитал.

Во првата глава е даден посебен осврт на поимот ризик, историскиот развој и современото толкување и поимање на ризикот, вклучително и процесите и системите за управување со ризиците на кои се изложени банките во секојдневното работење. Денес, сведоци сме на опсежни прудентни регулативи со кои се ограничени паравилата на игра во банкарскиот сектор преку капиталните спогодби познати како Базел I, II и III. Во оваа глава подетално се обработени капиталните спогодби, како и предности и слабости. Во поновата историја се случија доста банкротства во банкарскиот сектор во кои беа погодени не само домицилните економии, туку настана прелевање на кризата и во други национални економии, во светски размери, како резултат на меѓународниот пазар и глобализацијата. Тоа беше причина за промена на регулаторната рамка и зајакнување на отпорноста на банките на системските ризици, подобрување на квалитетот и структурата на капиталната база и воспоставување на глобални стандарди за ликвидност и нејзина супервизија и донесување на Базел III. Денес во банкарските кругови отворено се зборува за ревидирањето на Базел III и објавувањето на новиот стандард познат како Базел IV , кој е во завршна фаза.

Во втората глава на оваа докторска дисертација, даден е посебен осврт на кредитниот ризик и управувањето со овој ризик. Долго време кредитниот ризик беше најзначајниот ризик во деловното работење на банките. Управувањето со кредитиот ризик опфаќа одобрување на кредитните изложености (врз база на кредитната способност на клиентот, уредност во измирувањето на обврските и обезбедувањето за кредитната изложеност), оптимизација на кредитното портфолио и управување со капиталот. Во оваа глава, кандидатката се осврнавме на моделите за мерење на кредитниот ризик, опфаќајќи ги традиционалните пристапи на мерење на кредитниот ризик и нови пристапи за мерење на кредитниот ризик, предностите и слабостите со кои тие се карактеризираат, вклучително и примената на базелските принципи при управувањето со кредитниот ризик.

Ефикасното управување и елиминирање на кредитниот ризик преку оцена на кредитна способност и кредитен рејтинг на клиент при одобрување и тековно следење на

изложеноста, детално е опфатено во третата глава. Кандидатката се осврнува и на моделите на кредитна проценка кои најчесто се користат на пазарот, нивната функција и примена во практика. Оттука поединечно се зборувава за хеуристични, статистички и каузални методи на проценка на кредитен ризик, но и за хибридни модели кои, всушност, претставуваат комбинации на хеуристичките методи и еден од другите два вида модели.

Скоринг-моделите, како инструмент за квантификација и оцена на кредитоспособноста на клиентот, овозможуваат проценка и предвидување на ризикот на клиентот при одобрувањето на кредитот.

Поведени од принципите на Базел II (BCBS, 2006) и Базел III (BCBS, 2010) стандарди, процесот на развој и моделирање на кредитен рејтинг, процесот на валидација и калибрација, вклучително и имплементација на моделот со потврдување на неговата стабилност и значајност, во четвртата глава на оваа дисертација развиен е модел на кредитен рејтинг врз база на податоци од кредитни изложености на компании во Македонија, кој ги опфати сите наведени фази на развој и моделирање, валидација и калибрација. Во текот на истражувањето земени се предвид и теоретски сознанија, како и релевантни искуства и практики од развиените европски земји, како и оние кои произлегоа за време на истражувањето.

Во глава пет, кандидатката се осврнува на имплементацијата на меѓународната регулатива и досегашните искуства во утврдувањето на кредитната способност и моделите за оцена на кредитниот ризик и степенот на имплементација на меѓународните стандарди. Преку компаративни анализи за состојбите во банкарскиот систем во Србија, Бугарија и Хрватска, го утврден е степенот на развој на банкарскиот сектор во земјата, свеста за корпоративното однесување и културата во банките, степенот на имплементација на меѓународните стандарди и адекватноста на капиталот, како и поставеноста на регулаторот во однос на нивна супрвизија.

Методологиите кои се развиени со трудот и критериумите за развој на моделот, потврдени се со емпириски резултати добиени со IBM SPSS статистичкиот софтвер. Користена е логистичката регресија на која во академската литература и се дава големо значење. Развиениот модел емпириски е потврден и валидиран, преку тестови за проценка на неговата предиктивна моќ, како што се: KS-тестовите, Gini-коефициентот, Wald-овиот тест, ROC и CAP-кривите итн. Добиениот модел е спореден со моделите од академската практика, со цел компаративна анализа на перформансите. Резултатите од веројатностите за неплаќење во понатамошното истражување се основа за развој на интерните кредитни рејтинг-системи согласно Базел 2 и Базел 3. Дополнително, за квалитативна поткрепа на ставовите и воочување на моменталната состојба во банкарскиот систем во Македонија користен е прашалник кој е дистрибуиран до сите банки. Извршено е истражување на моменталната состојба на земјите во регионот во поглед на имплементацијата на базелските стандарди за да се добие комплетна слика за регионот и македонската позиција, во поглед на имплементацијата на базелските стандарди и принципи. На крајот, дадени се

заклучни согледувања, ограничувања и предности, значење на научниот труд и можности и насоки за идни научни истражувања.

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата внимателно ја прочитаа и ја проучија докторската дисертација на кандидатката м-р КРИСТИНА КУНОВСКА, со наслов ОЦЕНА НА КРЕДИТНАТА СПОСОБНОСТ И КРЕДИТЕН РИЗИК НА МСП И КОРПОРАТИВНИ КЛИЕНТИ ЗА КРЕДИТНА ИЗЛОЖЕНОСТ ВО БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МОДЕЛИТЕ НА КРЕДИТЕН РИЗИК, и сметаат дека таа претставува комплексен и содржаен труд во областа на банкарскиот менаџмент.

Членовите на Комисијата ценат дека докторската дисертација претставува значаен труд кој се одликува со сериозен пристап кон третираната проблематика.

Главен научен придонес на оваа докторска дисертација, претставува развиениот модел за квантификација на веројатноста за неплаќање во форма на скоринг-модел, кој впрочем се карактеризира со висока предиктивна моќност и исклучително интуитивно интерпретирање на неговите фактори, вклучително и можноста за негова имплементација преку скор-картата. Имено, употребна вредност на скоринг-моделот во практичното работење се согледува преку предвидувачката моќ на моделот која овозможува да се процени веројатноста за неплаќање на компаниите кои се вклучени во примерокот за период од една година.

Квантитативна валидација на скоринг-моделот е извршена преку дискриминаторската сила која ја означува способноста на моделот да изврши однапред раздвојување на должниците на оние што се добри и оние што не ги исполнуваат обврските. Врз база на примерокот (тест и примерок за валидација), пресметан е Gini-коефициентот, и избран е конечниот модел), кој има најголема предвидувачка моќ. Статистички и економски издржан модел со најдобри статистички перфомански, изграден врз база на седум финансиски показатели за работењето на компаниите.

Банката која тежнее кон употреба на интерен кредитен рејтинг-модел мора да знае како функционира системот и кои се предностите кои ги нуди самиот модел со цел адекватно и квалитетно управување со кредитниот ризик. Предиктивната моќ на моделот може да се менува како се менуваат корелациите помеѓу варијаблите, а тоа се рефлектира врз самата кредитна стратегија на банката. Притоа е значајно да се следат промените и дејствијата кои произлегуваат од тие промени. Три клучни елементи се значајни при имплементацијата на кредит-рејтинг моделот:

прво, адекватно дефинирање на гранични вредности, кредитни лимитии и останати параметри на моделот; второ, спроведување на тестирање и валидација на моделот со цел да се осигура во адекватноста и соодветноста на поставените параметри; трето, имплементација, комуникација и интерпретација на моделот.

Со цел валидација на моделот согласно со Базел 2, во докторската дисертација јасно е претставен процесот на валидација и тестирања, дискриминантната сила на моделот и изведувањето на скор-картата на модел. Согласно со анализата утврдено е дека е прифатлива и корелационата структура на моделот, како и ROC и CAP-анализата, кои се базирани на WoE- трансформацијата на финасиските показатели преку трансформација на променливите. Исто така, пресметаната AUC-површина под кривата на избраниот модел изнесува 90,19% за тест-примерокот, а кај примерок за валидација 83,18%. Во дисертацијата се направени и анализи на податоците врз основа на Almatnov Z-skor-model.

Сите анализи укажуваа на значајна предвидувачка моќ и стабилност на моделот, така што неговата употребна вредност на истиот беше согледана преку квантификација т.е. утврдување на проценетата веројатност од неплаќење на компаниите. По утврдувањето на проценетата веројатност од неплаќење на компаниите, пристапено е кон воспоставување на методологија за дефинирање на интерен кредитен рејтинг, која како влезен параметар ја користи проценетата веројатност на неплаќање. При развојот на методологијата, кандидатката поведена од академската литература, имаше ограничувачки фактор во однос на критериумот 10 минимум елементи во секоја посебна класа на рејтинг за набљудуваните клиенти. Останатите критериуми беа задоволени во анализата. Врз база на поставените критериуми за мерење на кредитниот рејтинг и дефинираните прагови на веротноста за неплаќање е изградена миграционата матрица. Стабилноста на матрицата е утврдена преку главната дијагонала и индикаторот за стабилност. Иако моделот за интерниот кредитен рејтинг во моментов нема употребна вредност поради воспоставените ограничувања во регулативата, поаѓајќи од стремежите на државата кон евроинтеграциите, неминовна е потребата за регулаторни усогласувања со ЕУ од една страна, како и имплементацијата на МСФИ 9-стандардите, од друга страна, кои се основен предуслов, но и стремеж за примена на интерните кредитни рејтинзи. Моделот понатаму може да се развива со цел да се утврди влијанието врз адекватноста на капиталот и разиките кои ќе произлезат од неговата употреба. Исто така, отворени се можностите за анализи и влијанието на кредитниот рејтинг-систем врз ценовните стратегии и профитабилноста со неговата употреба. Имено, моделот е изграден врз база на реални податоци за финансиското работење на компаниите кои имаат кредитни изложености и претставуваат сегмент од портфолиото на банката, вклучително и деновите на доцнење при измирување на обврските спрема банката. Врз база на изнесеното и согласно со добиените резултати, научната, но и практичната примена (скоринг-моделот поради ограничувањата во регулаторната рамка) може да се примени при пресметката на загубите поради наплаќање во банкарскиот сектор во Македонија, но и во земјите во регионот.

Развиениот скоринг-модел и интерниот кредитен рејтинг покажуваат значително ниво на предиктивна моќ и стабилност и можат да бидат имплементирани од страна на банките. Научниот придонес на истражувањето на оваа дисертација, преточено во модел за квантификација на веројатноста за неплаќање и интерен кредитен-рејтинг, се согледува во управувањето со кредитниот ризик, унапредувањето на банкарското работење, утврдувањето на резервациите за очекувани и неочекувани загуби, квалитетот на одлучувањето и забрзувањето на процесот на одобрување на кредитот. Примената на

моделите во банкарското работење е значајна, не само во поглед на претходно изнесеното, туку тие отвораат можности за утврдување на влијанието врз профитабилноста на банката, профитабилноста, вклучување на макроекономски индикатори и нефинансиски информации во контекст на унапредување на моделот со вклучување на дополнителни информации и понатамошно зголемување на предиктивната моќ.

Важно е да се разберат предностите и недостатоците на секој модел што се развива или веќе е во употреба, бидејќи тие се користат за креирање на мислење за кредитниот квалитет на должникот и затоа може да влијае врз обемот и квалитетот на деловните активности на банките.

Во докторската дисертација е извршена компаративна анализа за состојбите во земјата и регионот (Србија, Бугарија и Хрватска), со цел да се добијат сознанија за поблиската историја и актуелните состојби во делот на изложеноста на банките на кредитен ризик во портфолиото на банкарски активности, во однос на моделите за оцена на кредитен ризик и процена на можноста за загуба, имплементацијата на меѓународните стандарди пропишани со капиталната спогодба Базел II и III, и воопшто управувањето со финансиските ризици на кои се изложени банките при работењето. Имено, најголеми достигнувања во процесот на усогласувања со барањата на Базел II и III-стандардите имаат постигнато земјите членки на Европската Унија од регионот, односно Хрватска и Бугарија. Република Србија има донесено Стратегија за воведување на Базел III-стандардот, и има донесено Национален програм за усвојување на правната регулатива на ЕУ(2014-2018), со цел до крајот на 2018 година да постигне спремност во националните рамки за членство во ЕУ. Покрај горенаведеното, донесен е план кој е усвоен во јули 2016 година, во кој е дефинирана е динамиката за имплементацијата на Базел III согласно со која целосно усогласување се планира заклучно со 30.6.2020 година.

Членовите на Комисијата се едногласни во оцената дека кандидатката

м-р КРИСТИНА КУНОВСКА во докторската дисертација успеала успешно да одговори на целите и на прашањата што беа поставени при дефинирањето на предметот на истражување. Комисијата констатира дека согласно со академските стандарди, кандидатката м-р КРИСТИНА КУНОВСКА изработила комплексен и сеопфатен труд со оригинален пристап во истражувањето на предметната проблематика. Теоретските и емпириските елаборации во трудот имаат реална примена во практиката, со што овој труд има како научен, така и апликативен придонес.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати овој извештај со позитивна оценка на докторската дисертација ОЦЕНА НА КРЕДИТНАТА СПОСОБНОСТ И КРЕДИТЕН РИЗИК НА МСП И КОРПОРАТИВНИ КЛИЕНТИ ЗА КРЕДИТНА ИЗЛОЖЕНОСТ ВО БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МОДЕЛИТЕ НА КРЕДИТЕН РИЗИК;

2. да се формира Комисија за одбрана и на кандидатката м-р КРИСТИНА КУНОВСКА да и се дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

1.____________________________с.р.

/ Д-р Биљана Ангелова, редовен професор/

2.____________________________с.р.

/ Д-р Диана Бошковска, вонреден професор /

3. ____________________________с.р.

/ Д-р Климентина Попоска, редовен професор /

4.______________________________с.р.

/ Д-р Весна Георгиева Свртинов, доцент /

5. ______________________________с.р.

/Д-р Ирина Мајовски, научен соработник/

***ПРЕГЛЕД***

***НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ***

| ***Рег. бр.*** | ***Име на кандидатот*** | ***Наслов на темата*** | ***Ментор*** | ***Одлука од Научен совет*** |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Валерија Гелева | „Функциите на оперативен менаџмент со посебен осврт на оперативниот менаџмент во Zara и H&M “<br><br>„Functions of operational management with particular reference to operational management in Zara and H & M“ | Д-р Биљана Ангелова | Бр. Бр. 02-522/2<br><br>од 3.4.2018 година |
| *2.* | Маргарита Петровска | „Системи на наградување во корпорации од автомобилската индустрија со посебен осврт на КРОМБЕРГ и ШУБЕРТ “<br><br>„Rewarding systems in corporations from the automotive industry with a special focus on KROMBERG & SHUBERT“ | Д-р Васил Поповски | Бр. 02-547/2<br><br>од 3.4.2018 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *3.* | Биљана Доновска-Гечева | „Емоционалната интелигенција и водството како неопходен императив за успешен главен извршен менаџер“<br><br>„Emotional intelligence and leadership as a necessary imperative for a successful Chief Executive Officer“ | Д-р Васил Поповски | Бр. 02-545/2<br><br>од 3.4.2018 година |
| *4.* | Жаклина Пулева | „Меѓународното движење на капиталот во форма на СДИ-состојби и трендови “<br><br>„The international capital movement in the form of FDI-states and trends“ | Д-р Диана Бошковска | Бр. 02-475/2<br><br>од 3.4.2018 година |
| *5.* | Владимир Антевски | „Фалсификати и заштита од заштита од фалсификати кај македонскиот денар“<br><br>„Counterfeits and protection against in the macedonian currency“ | Д-р Биљана Ангелова | Бр. 02-562/2<br><br>од 3.4.2018 година |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО, ПРЕДМЕТ: ДИНАМИКА НА КОНСТРУКЦИИ, НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА (УКИМ-ИЗИИС) ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС), објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“ од 3.2.2018 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област земјотресно инженерство, предмет: Динамика на конструкции, и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр. 09-139/1, донесена на 30.1.2018 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Лидија Крстевска - претседател, проф. д-р Зоран Ракиќевиќ - член и проф. д-р Виктор Христовски – член, редовни професори на УКИМ-ИЗИИС, Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област земјотресно инженерство, предмет: Динамика на конструкции, во предвидениот рок се пријави д-р Горан Јекиќ.

## 5. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Горан Јекиќ е роден на 13.7.1978 година, во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин“ во Скопје во 1997 година. Со високо образование се стекнал на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирал во 2005 година со просечен успех 8,02, со што се стекнал со право на стручен назив - дипломиран градежен инженер.

Во учебната 2006/2007 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на УКИМ-ИЗИИС. Студиите ги завршил во 2010 година со просечен успех 9,90. На 10.4.2010 година го одбранил магистерскиот труд на тема: “Ефективност на асеизмичкото зајакнување на културно-историски споменици во нивната отпорност на експлозии”, со што се стекнал со право на научен степен - магистер на науки од обласста на земјотресното инженерство.

Во периодот од 3.10.2011 до 14.9.2012 година остварил студиски престој на Меѓународниот институт за сеизмологија и земјотресно инженерство (IISEE) при Институтот за научни истражувања во градежништвото (Building Research Institute – BRI) во Цукуба, Јапонија, како корисник на стипендија, обезбедена од Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA). За време на престојот успешно положил испити и во септември 2012 година одбранил магистерски труд со оригинален наслов “System Identification of Structures for the Purpose of Structural Health Monitoring and Damage Detection” (Системска идентификација на конструкции со цел мониторинг над состојбата на конструкциите и лоцирање на оштетувања). По одбраната на магистерскиот труд, обуката за време на студискиот престој му е вреднувана од Националниот институт за стратегиски студии (National Graduate Institute for Policy Studies – GRIPS) од Токио, како завршени постдипломски студии, со што

се стекнал со право на научен степен - магистер на науки од областа на стратегии за справување со катастрофи.

Докторска дисертација пријавил во учебната 2011/2012 година на УКИМ-ИЗИИС. Дисертацијата на тема „Детектирање на оштетувања на конструкциите од високоградбата преку експериментална идентификација на еден сет модални параметри“ ја одбранил на 24.8.2016 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Вероника Шендова – претседател, проф. д-р Михаил Гаревски – член и ментор, проф. д-р Зоран Милутиновиќ – член, проф. д-р Виктор Христовски – член и доц. д-р Игор Ѓорѓиев - член. Со успешната одбрана на докторската дисертација се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област земјотресно инженерство.

Д-р Горан Јекиќ во моментот е асистент во УКИМ-ИЗИИС во одделот 200 (Конструкции на згради и материјали: димензионирање, анализа и тестирање).

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 6. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

### **Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ-ИЗИИС, кандидатот д-р Горан Јекиќ одржува вежби на втор циклус студии на студиските програми: Конструктивно инженерство со асеизмичко проектирање и Земјотресно инженерство на УКИМ-ИЗИИС.

Кандидатот бил учесник во изработка на интерни скрипти од вежби за три наставни предмети, предвидени со студиските програми од вториот циклус студии на УКИМ-ИЗИИС.

### **Научноистражувачка дејност**

Д-р Горан Јекиќ има објавено вкупно 24 научни трудови како автор или коавтор, од кои 1 научен труд во научно списание со меѓународен уредувачки одбор и импакт-фактор (фактор на влијание) во својство на автор, 2 труда во меѓународни научни списанија со меѓународни уредувачки одбори во својство на коавтор и 21 труд и еден апстракт во зборници од научни собири со меѓународни уредувачки одбори. Учествувал на научни и стручни собири со 4 усни презентации и 2 постерски презентации.

Д-р Горан Јекиќ учествувал како истражувач во меѓународниот научноистражувачки проект на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС) и Истражувачкиот центар во Шенцен, Политехнички Универзитет во Хонг Конг (PolU Shenzen Research Institute) со наслов „Однесување на високите згради при дејство на сеизмички сили и сили од ветер“. Резултатите и сознанијата од истражувањата ги презентирал на Политехничкиот универзитет во Хонг Конг (PolyU Shenzen Research Institute) на покана на именуваниот универзитет.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Горан Јекиќ е активно вклучен во стручно-апликативната работа на УКИМ-ИЗИИС. Бил учесник во изработка на главни градежно-конструктивни проекти и изведбени градежно-конструктивни проекти од прва и втора категорија и во експертски активности во својство на член на експертски тимови на УКИМ-ИЗИИС. Вклучен е во сите фази на активностите на УКИМ-ИЗИИС за извршување на член 4-а од Законот за градење (процес МСЗ - Мислење за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите). Бил член на експертските тимови на УКИМ-ИЗИИС за процена на безбедноста за експлоатација на оштетени објекти во подрачјето на град Скопје по земјотресот од септември 2016 година.

Д-р Горан Јекиќ е коавтор на поглавје во книга и изработил софтверски пакет кој активно се употребува за научноистражувачка и стручно-апликативна дејност на УКИМ-ИЗИИС.

Д-р Горан Јекиќ е добитник на признание од Друштвото на градежни конструктори на Република Македонија – ДГКМ за особено достигнување во градежното конструкторство и признание за особено конструкторско остварување во областа на науката во 2016 година за самостоен научноистражувачки труд.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот д-р Горан Јекиќ доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на постдипломските студии кои ги организира УКИМ-ИЗИИС (Извештај за самоевалуација, февруари 2017 година).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Горан Јекиќ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Горан Јекиќ поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во научната област земјотресно инженерство, предмет Динамика на конструкции.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на УКИМ-ИЗИИС во Скопје, д-р Горан Јекиќ да биде избран во звањето доцент во научната област земјотресно инженерство, предмет: Динамика на конструкции.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Лидија Крстевска с.р.**

**Проф. д-р Зоран Ракиќевиќ с.р.**

**Проф. д-р Виктор Христовски с.р.**

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ - ДОЦЕНТ

**Кандидат**: д-р Горан Јекиќ

**Институција**: Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС), Скопје

**Научна област**: земјотресно инженерство

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | Активност | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на аудиториски вежби на втор циклус на студии**<br><br>*Студиска програма: Конструктивно инженерство и асеизмичко проектирање*<br><br>Предмети:<br>- Градежни материјали<br>*(2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018)*10 часа = 60 часа*<br>- Челични, ѕидани и дрвени конструкции<br>*(2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017)*6 часа = 30 часа*<br><br>*Поени: 90*0,03= 2,7*<br><br>*Студиска програма: земјотресно инженерство*<br><br>Предмети:<br>- Динамика на конструкции<br>*(2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018)*12 часа = 72 часа*<br>- Вовед во МАТЛАБ и негова примена за инженерски анализи<br>*(2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017)*15 часа = 75 часа*<br>- Инженерски материјали | 11,07 |

| | | |
|---|---|---|
| | *(2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018)*10 часа = 60 часа*<br>- Основи на земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија<br>*(2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018)*7 часа = 42 часа*<br>- Анализа на сеизмичката отпорност на челични, ѕидани и дрвени конструкции<br>*(2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017)*6 часа = 30 часа*<br>*Поени: 279*0,03= 8,37* | |
| 2. | **Интерни скрипти за вежби:**<br>- Solving Structural Analysis Problems Using MATLAB – Solved Examples (за предмет „Анализа на конструкции“, студиска програма „Конструктивно инженерство и асеизмичко проектирање“);<br>- Solving Numerical Problems Using MATLAB – Solved Examples (за предмет „Вовед во МАТЛАБ и негова примена за инженерски анализ “, студиска програма “Земјотресно инженерство“);<br>- Comparison of the Basic Provisions Incorporated in the Codes for Masonry Structures – Practical Examples (за предмет „Анализа на сеизмичката отпорност на челични, ѕидани и дрвени конструкции“- дел за ѕидани конструкции, студиска програма “Земјотресно инженерство“);<br>*Поени: 3*3,0= 9,0* | 9,0 |
| | Вкупно | 20,07 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Активност | Поени |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтни научно/стручни списанија со меѓународни уредувачки одбори**<br><br>- Jekic G., Sendova V., Tashkov Lj. Contribution of Seismic Strengthening of Monuments for their Blast Resistance. „Градежен Конструктор“, списание на Друштвото на градежните конструктори на Македонија бр. 9/2010, стр. 576-583.<br>- Shendova V., Cvetanovska G.N., Bozinovski Z., Jekikj G., Zlateski A. Analytical and Experimental Verification of Seismic Stability of Residental Building After Construction of Additional Stories – Case Study. Izgradnja 68 (2014) 5-6, стр. 267-276, Белград, мај-јуни 2014.<br>- Jekikj G., Garevski M. Damage Evaluation in High-Rise Buildings Using One Modal Eigenpair. Advances in Structural Engineering. SAGE Journals, Книга 19(10), стр. 1661-1673, DOI: 10.1177/1369433216648433, Септември 2016.<br><br>*Поени: 6*0,8+6*0,6+(6+0,829)*0,9= 14,55* | 14,55 |
| 2. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научни/стручни собири со меѓународни уредувачки одбори**<br><br>- Jekić G. Glavni projekt čelične konstrukcije jednobrodne industrijske hale sa aneksima. I Меѓународен научно-стручен собир „Градежно инженерство – наука и пракса“. Зборник на трудови, Книга 1, стр. 141-146. Жабљак, Црна Гора, 2006.<br>- Ristić D., Jovanović M., Jekić G. Seismically Safe Cities of the Future. II Меѓународен научно-стручен собир „Градежно инженерство – наука и пракса“. Зборник на трудови, Книга 1, стр. 457-462. Жабљак, Црна Гора, 2008.<br>- Sendova V., Jekic G. Effectiveness of Seismic Strengthening of Monuments for Blast Resistance. International Symposium within the COST Action C26 “Urban Habitat Constructions under Catastrophic Events”. Зборник на трудови, стр. 310-314. Малта, 2008.<br>- Шендова В., Јекиќ Г., Стојаноски Б. Квазистатички испитувања на ѕидни елементи изградени за време на реконструкцијата на црквата Св. Атанасие во Лешок. 13 Меѓународен симпозиум на ДГКМ (Друштво на градежните конструктори на Македонија), Зборник на трудови, Книга 2, стр. 577-582, Охрид, Република Македонија, 2009.<br>- Gavrilovic P., Jekic G., Ceko B., Ackay M. Structural consolidation and seismic strengthening of Fatih (Prishtina) and Pasha (Prizren) Mosques - Kosovo. PROHITECH 09. Protection of Historical Buildings. International | 44,70 |

| | | |
|---|---|---|
| | Conference on Protection of Historical Buildings. Зборник на трудови, Книга 2, стр. 1281-1286. Рим, Италија, 2009.<br>- Šendova V., Gavrilović P., Stojanoski B., Jekić G. Integrated Approach to Repair and Seismic Strengthening of Mustafa Pasha Mosque in Skopje. International Conference on Earthquake Engineering. Planning, Design, Construction and Rehabilitation of Buildings and other Engineering Facilities in Seismically active regions. Зборник на трудови, стр. 233-243. Бања Лука, Босна и Херцеговина, 2009.<br>- Jekic G., Shendova V., Tashkov Lj., Effectiveness of Seismic Strengthening of Monuments for Their Blast Resistance. 14 Европска конференција за земјотресно инженерство. Статија бр. 1853. Охрид, Република Македонија, 2010.<br>- Micov V., Tashkov Lj., Krstevska L., Salic R., Jekic G. Diagnosis of Existing State and Strengthening Solution for 180 m High Reinforced Concrete Chimney. 14 Европска конференција за земјотресно инженерство. Статија бр. 1857. Охрид, Република Македонија, 2010.<br>- Sendova V., Jekic G., Tashkov Lj. Effectiveness of seismic strengthening of monuments for their blast resistance. COST ACTION C26 “Urban Habitat Constructions under Catastrophic Events”, Final Conference. Зборник на трудови, стр. 961-966. Неапол, Италија, 2010.<br>- Божиновски Ж., Шендова В., Стојаноски Б., Нечевска Цветановска Г., Апостолска Р., Ѓорѓиевска Е., Јекиќ Г. Зајакнување на конструкцијата на објектот Собрание на Република Македонија – техничко решение и изведба. 14 Меѓународен симпозиум на ДГКМ (Друштво на градежните конструктори на Македонија), Зборник на трудови, Книга 2, стр. 291-298, Струга, Република Македонија, 2011.<br>- Bozinovski Z., Shendova V, Necevska Cvetnovska G., Apostolska R, Gjorgjievska E., Jekic G. Seismic Strengthening of the Parliament Building of Republic of Macedonia: Necessity, Solution and Construction. 15 Светска конференција за земјотресно инженерство, Зборник на трудови. Лисабон, Португалија, 2012.<br>- Jekikj G., Morita K., Garevski M. System Identification, Structural Health Monitoring and Damage Detection of a Steel Reinforced Concrete Structure of Urban Disaster Prevention Research Center in Tsukuba, Japan. 10th International Conference on Urban Earthquake Engineering, 10CUEE Зборник на трудови, Статија бр.: 19-206, Стр. 1703-1711. Tokyo Institute of Technology. Токио, Јапонија, 2013<br>- Јекиќ Г., Гаревски М., Морита К. Детектирање на оштетувања на објектот на Истражувачкиот центар за превенција на катастрофи во урбани средини во Цукуба, Јапонија. 15 Меѓународен симпозиум на ДГКМ (Друштво на градежни конструктори на Македонија). Зборник на трудови, Статија бр. СИ-15. Струга, Република Македонија, 2013.<br>- Шендова В., Нечевска Цветановска Г., Божиновски Ж., Јекиќ Г., Ѓорѓиевска Е., Стојаноски Б., Златески А. Аналитичка и | |

<table>
<tr><td></td><td>експериментална верификација на сеизмичката стабилност на надграден станбен објект. 15 Меѓународен симпозиум на ДГКМ (Друштво на градежни конструктори на Македонија). Зборник на трудови, Статија бр. СИ-28. Струга, Република Македонија, 2013.<br>- Shendova V., Necevska Cvetanovska G., Bozinovski Z., Jekic G., Gjorgjievska E., Stojanoski B., Zlateski A., Vitanova M. Analytical and Experimental Verification of Seismic Stability of Residential Building after Construction of Additional Stories – Case Study. Меѓународна конференција за земјотресно инженерство 50SE-EEE. Зборник на трудови, Статија бр. 596. Скопје, Република Македонија, 2013<br>- Garevski M., Čifliganec V., Jekić G., Đorđijev I., Naumovski N., Žurovski A. Određivanje dinamičkih parametara devetspratne zgrade primenom prinudih vibracija. 5 Меѓународен научно-стручен собир. Зборник на трудови, Статија бр. 252. Жабљак, Црна Гора, 2014.<br>- Garevski M., Cifliganec V., Jekikj G., Gjorgjiev I., Naumovski N., Zurovski A. Experimental In-Situ Testing of Nine Storey Building by Forced and Ambient Vibration Methods. 2 Европска конференција за земјотресно инженерство и сеизмологија, Зборник на трудови. Статија бр. 2126. Истанбул, Турција, 2014.<br>- Shendova V., Bozinovski Z., Apostolska R., Zlateski A., Jekikj G. Seismic Safety and Stability of Existing Structure of St. Mary Peribleptos Church in Ohrid. 2 Европска конференција за земјотресно инженерство и сеизмологија, Зборник на трудови. Истанбул, Турција, 2014.<br>- Garevski M., Jekikj G., Gjorgjiev I., Zurovski A., Naumovski N. Forced and Ambient Vibration In-Situ Testing of Ten Storey Residential Building. Меѓународна конференција за земјотресно инженерство и сеизмологија IZIIS-50. Зборник на трудови, Статија бр. 379. Балтичко Море, 2015.<br>- Shendova V., Gavrilovic P., Stojanoski B., Apostolska R., Jekikj G. Earthquake Protection of Cultural Heritage -50 Years of Iziis' Contribution. Меѓународна конференција за земјотресно инженерство и сеизмологија IZIIS-50. Зборник на трудови, Статија бр. 395. Балтичко Море, 2015.<br>- Јекиќ Г. Детектирање на оштетувања на конструкции од високоградбата преку експериментална идентификација на еден сет модални параметри. 17 Меѓународен симпозиум на ДГКМ (Друштво на градежни конструктори на Македонија). Зборник на трудови, Статија бр. МА-10. Охрид, Република Македонија, октомври 2017.<br>Поени: 3,0*(1,0*2+0,9*1+0,8*6+0,6*12)= 44,70</td><td></td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Апстракт објавен во зборник на трудови на меѓународни научни/стручни конференции</td><td>1,0</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | - Jekic G. Approach to Diagnosis of Bridge Structures and Analysis Methods Used by the Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology – Skopje. 21st European Earthquake Engineering Seminar, “Seismic Assessment and Retrofit of Bridges”, Book of Abstracts. Işık University, Şile Campus, Турција, 2010.<br>*Поени: 1,0* | |
| 4. | **Учество на научен/стручен собир со реферат**<br>*Усна презентација:*<br>- Квазистатички испитувања на ѕидни елементи изградени за време на реконструкцијата на црквата Св. Атанасие во Лешок, 13 Меѓународен симпозиум на ДГКМ (Друштво на градежните конструктори на Македонија), Охрид, Република Македонија, октомври 2009.<br>- Approach to Diagnosis of Bridge Structures and Analysis Methods Used by the Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology – Skopje, 21 European Earthquake Engineering Seminar, “Seismic Assessment and Retrofit of Bridges”, Book of Abstracts. Işık University, Şile Campus. Истанбул, Турција, 2010.<br>- System Identification, Structural Health Monitoring and Damage Detection of a Steel Reinforced Concrete Structure of Urban Disaster Prevention Research Center in Tsukuba, Japan. 10th International Conference on Urban Earthquake Engineering, 10CUEE. Tokyo Institute of Technology. Токио, Јапонија, 2013.<br>- Детектирање на оштетувања на конструкции од високоградбата преку експериментална идентификација на еден сет модални параметри. 17 Меѓународен симпозиум на ДГКМ (Друштво на градежни конструктори на Македонија). Охрид, Република Македонија, октомври 2017.<br>*Поени: 4*1,0=4,0*<br>*Постер:*<br>- Главен проект на челична конструкција на еднобродна индустриска хала со анекси, I Меѓународен научно-стручен собир „Градежно инженерство – наука и пракса“. Жабљак, Црна Гора, 2006.<br>- Effectiveness of Seismic Strengthening of Monuments for Their Blast Resistance. 14 Европска конференција за земјотресно инженерство. Статија бр. 1853. Охрид, Република Македонија, август 2010.<br>*Поени: 2*0,5=1,0* | 5,0 |
| 5. | **Учество во меѓународни научноистражувачки проекти** | 5,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Меѓународен научноистражувачки проект на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС) во соработка со Истражувачкиот центар во Шенцен, Политехнички Универзитет во Хонг Конг (PolU Shenzen Research Institute)<br>Наслов на проектот: Однесување на високите згради при дејство на сеизмички сили и сили од ветер;<br>Шифра на проектот: 16-4709/1;<br>Главен истражувач: проф. д-р Михаил Гаревски;<br>Траење на проектот: 1.1.2016 год. – 31.12.2017 год.<br>*Поени: 5,0* | |
| 6. | **Одржано предавање на покана на универзитет**<br>- Experimental in-situ testing of the structures of Cevahir Sky City residential complex in Skopje by forced and ambient vibration methods“ на Политехничкиот Универзитет од Хонг Конг (PolyU Shenzen Research Institute) во рамките на научноистражувачкиот проект „Однесување на високите згради при дејство на сеизмички сили и сили од ветер“. (Шифра на проектот 16-4709/1), декември 2017.<br>*Поени: 1,0* | 1,0 |
| | Вкупно | 71,25 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Активност | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Коавтор на поглавје во книга**<br>- Garevski M., Milutinovic Z., Jekic G. (2013), "Definition of Dynamic Characteristics of Reinforced Concrete Building in Vinja Del Mar, Chile, Using Low Intensity Ground Shaking Records". Earthquakes and Health Monitoring of Civil Structures. DOI 10.1007/978-94-007-5182-8. © Springer Environmental Science and Engineering. Поглавје 9, стр. 217-240.<br>*Поени: 2,0* | 2,0 |
| 2. | **Изработка на софтверски пакети**<br>- SHMART_2D софтверски пакет за научноистражувачка и стручно-апликативна дејност на УКИМ-ИЗИИС, 2016 | 2,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Поени: 2,0* | |
| 3. | **Главни градежно-конструктивни проекти**<br><br>*Соработник*<br><br>- Станбено-деловен објект на ул. ”Максим Горки”, фаза градежно-конструктивен проект, техн. бр. 2984, МАКЕДОНИЈАПРОЕКТ А.Д. – Скопје, 2006<br>- Станбено-деловен објект; реонски центар Аеродром, фаза градежно-конструктивен проект , техн. бр. 2969, МАКЕДОНИЈАПРОЕКТ А.Д. – Скопје, 2006<br>- Административно офисен комплекс ”СПАРТ ПЛАЗА”, Москва, фаза градежно-конструктивен проект , техн. бр. 2958, МАКЕДОНИЈАПРОЕКТ А.Д. – Скопје, 2006<br>- Надградба на Суд – Гостивар, фаза градежно-конструктивен проект , техн. бр. 2867, МАКЕДОНИЈАПРОЕКТ А.Д. – Скопје, 2006<br>- Станбено-деловен објект – Скопски Пазар, фаза градежно-конструктивен проект техн. бр. 2962, МАКЕДОНИЈАПРОЕКТ А.Д. – Скопје, 2006<br>- Санација и зајакнување на конструкцијата на Мустафа Пашина Џамија во Скопје, техн. бр. ИЗИИС 2007/41, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Анализа на стабилноста со техничко решение за зајакнување на основниот конструктивен систем на објектот ”Собрание на Република Македонија”, техн. бр. ИЗИИС 2008-53, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Зајакнување на основен конструктивен систем на објект ЈЗУ ”Општа болница – Кичево”, техн. бр. ИЗИИС 53-2008-73, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Замена на кровна конструкција и покривач на деловна зграда на РЗЗЗ – Скопје, техн. бр. ИЗИИС 2008-2, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Анализа на сеизмичката стабилност со техничко решение за зајакнување на проектираната конструкција “Соборна Црква во Мостар”, техн. бр. ИЗИИС 2011-22, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Универзитетски клинички комплекс "Мајка Тереза", Скопје - основен проект, Објект 2: Зграда на лаборатории, Блок 7, техн. бр. 81/2013, AREN s.r.l.<br><br>*Поени: 11*2,0 = 22,0* | 22,0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | **Изведбени градежно-конструктивни проекти**<br>*Соработник*<br>- Изведбен проект за изградба на стариот скопски театар – Центар, Скопје, фаза статика, техн. бр. ИЗИИС 2008-51, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Пешачки мост на река Вардар во центарот на Скопје - изведбен проект, техн. бр. ИЗИИС 2009-39, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>*Поени: 2*0,5 = 1,0* | 1,0 |
| 5. | **Експертски активности**<br>- Проектни сеизмички параметри базирани на анализа на сеизмичкиот ризик на идниот фудбалски стадион (СРЦ) во Бања Лука, Извештај ИЗИИС 2009-37, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Дефинирање на сеизмички товари за анализа на конструкцијата на Блок TG01, Аеродром “Александар Велики”-Скопје, Извештај ИЗИИС 2010-22/1, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Дефинирање на сеизмички товари за анализа на конструкцијата на противпожарната зграда –ARFF1-Аеродром “Александар Велики”-Скопје, Извештај ИЗИИС 2010-23/1, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Дефинирање на сеизмички товари за анализа на конструкцијата на противпожарната зграда -ARFF2-Аеродром “Александар Велики”-Скопје, Извештај ИЗИИС 2010-24/1, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Дефинирање на сеизмички товари за анализа на конструкцијата Cargo Building, Аеродром “Александар Велики”-Скопје, Извештај ИЗИИС 2010-25/1, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Извештај за супер-ревизија со анализа на сеизмичката стабилност на објектот Уставен суд на Република Македонија, Државен архив на Република Македонија и галериски простор, кеј Димитар Влахов, бб, Скопје, Извештај ИЗИИС 2010-41, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Извештај за супер-ревизија со динамичка анализа на објектот Министерство за надворешни работи на Република Македонија, кеј Димитар Влахов, бб, Скопје, Извештај ИЗИИС 2010-50, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Извештај за супер-ревизија со динамичка анализа за дефинирани сеизмички параметри на објектот Јавно обвинителство и Управа за финансиска полиција, кеј | 17,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | Димитар Влахов, бб, Скопје, Извештај ИЗИИС 2011-18, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Анализа на стабилноста на постојната конструкција на црквата Св. Богородица Перивлепта за гравитациони и сеизмички влијанија, Извештај ИЗИИС 2013-3, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Анализа на динамичките карактеристики на девет катна станбена зграда со примена на експериментална техника на принудни вибрации и мерење на амбиент вибрации, Извештај ИЗИИС 2013-30, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Анализа на динамичките карактеристики на станбен објект П+9+Пк на ул. Руди Чаевац бр. 41 со примена на експериментална техника на принудни вибрации и мерење на амбиент вибрации, Извештај ИЗИИС 2014-33, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Results of ambient vibration measurements for the structures of Mactaquac Power Station, Report IZIIS-2015-30, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Експериментални тестирања на резиденцијалниот комплекс „Џевахир Скај Сити“ во Скопје со методи на амбиент и принудни вибрации, Извештај ИЗИИС 2016-26, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Анализа на постојната состојба на армиранобетонската меѓукатна конструкција од дејство на товарите предвидени со адаптацијата на просториите на 6ти кат (Соравиа Инвест ДООЕЛ Скопје), Извештај ИЗИИС 2017-13, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Стручно мислење за ранливоста на станбен објект од динамички влијанија, предизвикани при минирање на каменоломот во Бразда, Извештај ИЗИИС 2017-18, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Експериментално испитување на конструкцијата на Куршумли ан во Скопје со методот на амбиент вибрации, Извештај ИЗИИС 2017-23, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>- Експериментално испитување на вибрации од амбиентални побуди на изложбено-продажниот салон на Аутомотив груп ДООЕЛ во Скопје, Извештај ИЗИИС 2017-29, УКИМ-ИЗИИС, Скопје<br>*Поени: 17*1,0 = 17,0* | |
| 6. | **Дејности од поширок интерес**<br>*Студиски престои во странство*<br>- Студиски престој на Меѓународниот институт за сеизмологија и земјотресно инженерство (IISEE) при | 8,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | Институтот за научни истражувања во градежништвото (Building Research Institute – BRI) во Цукуба, Јапонија, од 3 октомври 2011 до 14 септември 2012 год.<br>*Поени: 2,0*<br>*Признанија за научни достигнувања од струкова организација*<br>- Признание за особено достигнување во градежното конструкторство во 2016 година за самостоен научноистражувачки труд.<br>- Признание за особено конструкторско остварување во областа на науката во 2016 година за самостоен научноистражувачки труд.<br>*Поени: 2*3,0 = 6,0* | |
| | Вкупно | 52,0 |

**БРОЈ НА ПОЕНИ ЗА ПРВ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ДОЦЕНТ**

| Ред. бр. | Област | Поени |
|---|---|---|
| 1. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 20,07 |
| 2. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 71,25 |
| 3. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 52,0 |
| | ВКУПНО | 143,32 |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

6. **Проф. д-р Лидија Крстевска, претседател** **с.р.**
7. **Проф. д-р Зоран Ракиќевиќ, член** **с.р.**
8. **Проф. д-р Виктор Христовски, член** **с.р.**